Во процесот на планирање на просторот треба да се земат во предвид многу елементи пред да се изработат плановите и да започне изградбата. Подобро е да се направат промените на хартија отколку да се урива и да се реконструира простор што требало да биде подобро испланиран. Како дел од процесот на дизајн на ентериери, истражувањето и програмирањето се изведуваат со поставување прашања.

Во основни човекови потреби спаѓаат храна, засолниште и облека. Сите домови обезбедуваат засолниште, место да се подготвува и да се јаде храната и место за чување и промена на облеката. Постојат и индувидувални потреби, да се биде продуктивен и креативен, успешно да се извршуваат задачите, и како резултат да се чувствуваме вредни.

Станбените ентериери што ги исполнуваат овие потреби нудат удобни места за дружење и комуникација со другите, тивки места на кои се одмараме и функционални простори за работа или извршување на различни активности. Во простории што не се станбени, потребите се разликуваат според функцијата на просторот.

**Клучни зборови**: *Процес, Планирање, Функција на простор, Дизајн, Ентериер*

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Функционалната анализа е најважна во критериумите за планирање на просторот. Функција значи наменета употреба на просторот, која може да се илустрира графички како зони.

Кај нестанбените ентериери овие зони драстично се менуваат според планираната намена – од здраствена заштита до малопродажба, од угостителство до планирање на деловни простори. Сепак, во домот постојат четири зони. Тие зони може да се планираат секоја во една област во планот, или може да се планираат во посебни простори како што налагаат потребите.

Работните зони ги вклучуваат кујната, пералницата и другите простории за извршување активности, како што се шиење, поправки со алатки и простории за слободни активности или ракотворби, како и просторија или канцеларија што се грижи за организацијата на домот, плаќање сметки и распоред на семејството.

Ако работата се извршува дома, работната зона може да вклучува професионално опремена канцеларија во домот или во случај на „домашно производство“, место за производство и складирање производи. Потребата за работен простор може да налага две или повеќе работни зони бидејќи се потребни одделни простории за да се задржи професионалноста.

- Зоните за дружење вклучуваат влезови, официјални простории за дневен престој и трпезарии, и неофицијални семејни соби и места за оброци, станбени кујни, повеќенаменски соби или простори за рекреација, соби за домашни проекции и надворешни простори за живеење. Ходниците исто така може да спаѓаат во зоните за дружење.
- Приватни зони се оние зони наменети за приватно живеење, спалните соби, бањите и приватните дневни соби.
- Зона во зона може да биде изводливо решение за специфични намени. На пример, работна зона што вклучува компјутер може да се стави со социјална зона (трпезарија, дневна или семејна соба) поради тоа што таму има простор, ова подредување

ISSN: 1857-8128

е погодно и не го носи корисникот настрана од центарот на семејните активности. Или работната зона може да биде поставена во приватната зона.

## 2. Меѓусебно поврзани функции

Следната задача е да се определи колку простории и кои специфични функции ќе ги содржат овие зони и како меѓусебно ќе бидат поврзани. Типично е да се постави формалната зона на живеење веднаш до формалната трпезарија, кујната и до услужните простории (пералница, гаража или надворешен влез), а спалните соби до бањите. Во листата на планирање се вклучуваат кои простории или функции корисникот сака меѓусебно да се поврзуваат.

На пример, некои клиенти може да бараат канцеларијата во домот да биде во приватен, тивок простор на куќата, додека други може да бараат да биде блиску до влезната врата или блиску до кујната. Некои претпочитаат семејните соби да бидат отворени кон кујната и неформалната трпезарија (комбинација позната како станбена кујна), додека други сакаат неформална социјална зона одвоена од кујната. Кога функциите се меѓусебно поврзани, или непречено преминуваат од една во друга зона и кога програмата за дизајн е добро изведена, резултатот е квалитетен ентериерен дизајн.

## 3. Разгледување идеи

Откако ќе се утврдат основните зони, разгледуваме што точно треба да се содржи во тие зони. Разгледување идеи е корисна алатка за да се стави на хартија сето она што е потребно или што се бара во секоја зона. Се запишуваат спецификите, од големината на кадата во бањата до бројот на местата за чевли и џемпери, колку луѓе ќе влегуваат во ходникот или во надворешниот простор за живеење и каде ќе оди секој член од семејството кога ќе чувствува потреба да биде сам. Во процесот на разгледување идеи во нестанбени ентериери идеите за зони ќе се движат околу работната продуктивност, олеснувањето на комунакацијата и на тоа кои функции меѓусебно се поврзуваат.

Едно важно правило при разгледување идеи, без оглед на тоа колку идни корисници учествуваат во нив, е дека секоја идеја треба да се забележи за натамошно разгледување и никому не треба да му се дозволи да каже нешто негативно за идеите на другите, без оглед на тоа колку може да се чинат апсурдни. Наместо тоа, правилото е да се напише секоја идеја, да се побараат сите потреби и барања што може да се исполнат и да се дозволи да се создаде уште поголема креативност. По разгледувањето на идеите, кое може да се прави во една или во повеќе сесии или може да биде една листа на која ќе се додаваат идеи, треба да помине извесно време за идеите да ги разгледат сите, кои не се работен тим или членови на семејството. Тогаш започнува процесот на избирање или отфрлање идеи, кои по внимателното разгледување, не се пожелни и градење на оние што се изводливи и оправдани.

### 4. Економски разгледувања

Економијата е важно размислување при планирањето на просторот. Во повеќето случаи, новите градби имаат финансиско ограничување што го поставува клиентот или институцијата што ја финансира градбата. Поради тоа архитектот, проектантот и градежникот, како и клиентот или сопственикот на домот треба да донесат внимателни и мудри одлуки во однос на обемот на просторот. Вкупниот износ се пресметува како цена по квадратна стапка. Цената по квадратна стапка ќе варира според локацијата, градежните материјали што се користат, бројот на стручни лица и занаетчиите што се ангажираат и бројот на луксузните работи што ќе се вградуваат. Поради тоа, помалата вкупна површина значи помали трошоци на изградба кога се градат приземни домови или на еден кат. Сепак, простор за живеење како втор кат и подрум чини помалку да се изгради отколку простор за живеење на приземје.

Ова е поради тоа што покривот и темелите може да служат за сите катови и поради тоа што водоводните и електрични инсталации може да се централизираат и да се постават каналите за огништа. Просторот во таванскиот дел може да биде доста економичен бидејќи просторот под таванот и онака се гради. Со додавање тавански

ISSN: 1857-8128

прозорци или светларници, а можеби и пострмен врв на покривот, таванскиот простор може да стане и не само простор за живеење, туку и шармантен дел поради аглите и наклонот на таванот.

Во подрумите може да постои потреба од изградба на простор меѓу темелите и приземниот дел и кога се прават подлабоки темели, може да се добие убав простор за живеење. Таванскиот простор и подрумот може да се изградат заедно со куќата, но може подоцна доколку се појави потреба да се приспособат како простор за живеење. Поради тоа, почетните трошоци за куќата нема да го одразуваат потенцијалот на таа можност во повисока цена по квадратна стапка. На овој начин, куќа со подрумски простор и поткровје може да биде поповолна во подалечна иднина отколку дом со иста квадратура само со приземје.

## 5. Разгледувања на простори

За неколку простори треба длабоко да се размисли пред да се направат плановите. Тие ги вклучуваат влезот, формалните простории за живеење, домашната канцеларија, кујната, главниот апартман, внатрешниот и надворешниот простор за живеење, детските соби, бањите, местото за работа и слободни активности и други области со посебна намена.



**• Влез или фоаје (сл.2)**

Влезот дозволува движењето да циркулира до сите области на куќата без да треба да се помине низ просторот за дневен престој. Треба да постои широка просторија за да прими определен број луѓе што ќе го заземат просторот во било кое време. Ако примањето гости е вообичаена работа,

ISSN: 1857-8128

треба да се размислува за влез или фоаје со поголема квадратура (>1.5 m x 3 m). Отворените влезни партии на два ката, или атриум, се драматични и впечатливи. Во нив може да се ставаат раскошни лустери и впечатливи кружни скали. Сепак, тие често имаат прозорци над влезната врата што се не пропорционални и овозможуваат поглед во горниот кат, со што се намалува приватноста.



**• Формални простори за дневен престој.**

Дневни соби, трпезарии и салони или библиотеки што се гледаат од влезот или фоајето се сметаат за формални простори за дневен престој. Формалните простори за дневен престој обично се одвоени од кујната и од другите работни простории. Ова им овозможува да останат поуредни и скапоцениот мебел што се наоѓа во нив може да се заштити.



Формалните простори се идеални за изолирање и учење, слушање музика или вежбање, формални собири и вечери. Тие овозможуваат одмерена, потчинета атмосфера и потикнуваат слично однесување. Формалните простори за дневен престој може толку ретко да бидат искористени што тешко може економски да се оправда нивното постоење.

**• Канцеларија во домот (сл.5)**



Просторија за канцеларија во домот стана неопходност за многу индувидуални лица и семејства поради тоа што телекомуникациите, бизнисите во домот и компјутерскиот менаџмент на личните финансии продолжуваат да стануваат се попопуларни. Како и кај останатото планирање на просторот, најдобро е да се разгледат функциите пред да се донесат другите одлуки за канцеларија во домот.

При процесот на проектирање треба да се земе  во предвид, дали повеќе од еден корисник ќе ја користи канцеларијата во исто време или во различно време, дали мирот и приватноста играат улога во работата што се врши, да се направи план за полици, шкафови за документи и плакари или мебел што може да ги собере предметите што треба да се чуваат. Да се направи список за електрична опрема што е потребна. „Место за се и се на свое место" е клучот за добро организирана канцеларија, поголема работна ефикасност и помалку стрес.  Таа може да биде сместена на приземјето, веднаш до влезот. Тоа е добра положба за канцеларија доколку е средена и ако се очекуваат да влегуваат клиенти на влезната врата.

На посебен влез ако во канцеларијата влегуваат многу клиенти или лица за испорака или ако има еден или двајца вработени. На биро во кујната, кое е погодно при дневна рутина, но бирото треба да се чува надвор од главниот работен триаголник на кујната. Потоа во спалната соба со врата што може да се затвори, во дневната соба, семејната соба или трпезаријата, аголот во спалната соба и др.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**• Библиотека во домот (сл.6)**



Во последните години библиотеките се вклучуваат во многу нови домови. Дури и во добата на информативната технологија, со сите предности на учењето онлајн, ништо не може да го замени држењето книга в рака или читањето книги на децата. Полиците со книги можат да бидат прекрасни и собата со книги може да постави основа за доживотна писменост и учење со што се збогатува животот.

Библиотеката може да биде посебна просторија со врати што се затвараат или може да се вклучи во семејната соба или да биде дел од канцеларијата во домот или главниот апартман. Формалната дневна соба може да има двојна функција и како библиотека, како и делот кај влезната врата. Формалните трпезариски маси често не се искористени, така што трпезариите може да станат добри библиотеки со тоа што ќе додадеме фотелја или друг вид удобно седиште зад трпезариската маса.

Полиците со книги можат да бидат од таван до под, поставени одделно околу собата или во отворена мансарда над семејната или дневната соба. Пониските полици може да бидат за детските книги, албуми и едукативни играчки. Горните полици може да содржат вредни книги што се за повозрасни читатели. Планирањето комоди, полици и плакари по мерка во оваа фаза на желби е добра идеја за просторот да биде соодветен.
Задолжително е добро осветлување. Треба да се постави осветлување што ги покрива полиците или рефлектори што добро ќе ги осветлат просториите за читање и учење. Прозорците во библиотеката им даваат на очите можност да се одморат и внимателно да размислат за прочитаното.

За самостојно читање треба да се предвиде мебел, како што е столче за нозе, масичка со ламба и ќебе, додека за групно читање двоседи или каучи со масички за

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

оставање на книгите. Во библиотеките пожелно е да се има огниште за да и даде топлина и емоционална утеха.

**• Планирање кујна и станбена кујна (сл.7)**

Кујната долго време претставувала средиште во домот, но во последните  децении таа доби повеќенаменска улога. Веќе не е просторија каде што сите плакари треба да се во тон или каде што еден работен триаголник е нормата, денешната кујна е просторија каде што се одвива поголемиот дел од животот и меѓусебната комуникација и е дизајнирана со простор и опрема за разни активности. Станбената кујна е простор што се состои од три посебни простории: кујна, трпезарија и семејна соба.

Кујните и станбените кујни може да ги вклучуваат следниве карактеристики:

- Простори за подготовка на ужини и брзи оброци, поголеми оброци за семејство, формални оброци и оброци за големи настани;
- Бар за брзо јадење или остров или некој друг неформален простор за јадење, со пристап до формалниот простор,
- Простор за настани или забави каде што учеството во готвењето и комуникацијата со гостите е дел од забавата;
- Обични, удобни седишта за разговори, музика и видео/телевизија и забава,
- Директен пристап до пералницата, место за фрлање отпад.



Кујните може да претставуваат двојни работни станици, уреди и апарати, како две рерни, две микробранови печки, два фрижидера, два мијалника и две машини за миење садови. Се поставуваат фиоки што имаат рерни за загревање и фиоки за фрижидер. Планирањето кујни вклучува работни подредувања во зони или работни простори.

Три зони се сметат за основен работен триаголник: зона на фрижидер, зона на готвење и мијалник. Вкупната оддалеченост меѓу овие три простори не треба да биде помала од 3.6м и не повеќе од 7.8 м. Други зони кои се сметаат за поголема погодност и се сметаат за основни во модерните кујни ги вклучуваат следниве: дополнителна зона за чување храна, различни зони за подготовка на специјализирана храна, втора зона на готвење, втора зона на чистење, зони за чување кујнски прибор, зона за сервирање и чување прибор, зона за чување средства за чистење.

Дел од процесот за планирање на кујната е одлука за тоа кој тип апарати да се купи, изборот меѓу многуте марки, стилови и опции на овие апарати, и да се биде сигурен дека димензиите на кујнските елементи ќе одговараат на димензиите на апаратите.

**• Пералница (сл.8)**

Поради тоа што пералницата претставува статичен плакар и фиксиран апарат, потребни се флексибилност и предвидливост во планирањето.



Плакарите треба да имаат полици доволно високи за чување детергенти за перење, белило, омекнувач за алишта и други често употребувани производи и предмети. Пулт за диплење алишта и плакар или прачка за закачување на алишта за пеглање се многу важни. Пералницата вклучува и штица за пеглање, можеби вградена, која е одлична за добивање повеќе простор, и чувањето на пеглата и на штицата на дофат овозможува секогаш да бидат средени. Алиштата што треба да се пеглат или да се

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

поправат треба да се чуваат во фиоки или во плакари. Соби за шиење се секогаш добра комбинација со пералниците бидејќи штицата за пеглање е неопходна за испраните алишта и за шиење и поради тоа што поправањето и крпењето често се прави пред или по перењето на алиштата. Во пералницата може да се смести и просторија за нечисти алишта и може да содржи и плакари за палта, зимска опрема или спортска опрема според сезоната.

Во пералницата може да има комора за замрзнување, а во плакарите може да се стават алати. Ако пералницата е поставена блиску до кујната тогаш може да послужи и како шпајз за габаритни кујнски апарати.

Има најмалку пет опции за местоположбата на пералницата: највообичаено е да се постави во близина на кујната, бидејќи поголемиот дел од секојдневните домашни работи се вртат околу кујната и потребни се само неколку чекори да се заврши работата со перењето, во подрум, каде не се слуша вревата и не се гледа нередот, во спалната, во ходник, но не е многу погодно затоа што се создава неред во местото каде што се движиме и во бањата.

• **Планирање на главната спална соба (сл.9 и 10)**

Главната спална соба е еден простор во кој парите може да се инвестираат со сигурност дека ќе ви се исплатат ако куќата се препродава.

Малку повеќе лускуз во спалните е тренд можеби затоа што паровите што се сами и се посветени на кариерата сметаат дека им е потребно приватно место да се опуштат по напорниот ден.

Во спалната можат да се предвидат следниве опции:

- Вклучете место за седење и разговор, една фотелја и отоман е добра алтернатива за читање и водење разговор,
- Поставете инсталација и испланирајте простор за забава,
- Да се постави мало биро или креденец,

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

- Може да содржи и библиотека што се фокусира на полици, удобни седишта и можеби огниште или прозорец со одличен поглед,
- Двојни плакари или гардеробери и вградени плакари и полици,
- Засводени, полукружни или високи тавани, фини профили,
- Да се поврзе со луксузна бања, џакузи или луксузни туш-кабини,
- Површини со плакар и место за облекување веднаш до бањата,
- Двојна тоалетна маса изработена по мерка за висина на секое лице,
- Простор за седење кај тоалетната маса со фиоки и плакари,
- Пространи фиоки и плакари за бањарки, крпи, козметика и др.



Сл.9



сл.10

**• Семејни бањи (сл.11)**

Семејните бањи често се причина за расправија бидејќи се случува еден член на семејството да се заклучи внатре и да остане подолго време, често за лично дотерување, па кај другите членови да порасне нетрпливоста. Тука се наведуваат некои идеи за да се намали тензијата:

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Поделете ја бањата со прегради, завеси или подвижна врата на простор за уредување и простор за бањање,
- Одделете го просторот за уредување, продолжете го и ставете два мијалника,
- Ставете тоалетна маса со мијалник во секоја спална соба,
- Ставете мала бања меѓу две спални соби со врата од секоја страна. Ова добро функционира кога бањата има тоалет и када или туш, а тоалетната маса е во ходник или спална соба,
- Ставете ги кадата и туш кабината во различен простор,
- Мали бањи може да изгледаат поголеми ако ја зголемите висината на



- таванот, поставете водоводна инсталација без габаритни плакари и добро поставете ги огледата,
- Луксузните или модерни домови обично имаат голема приватна бања во секоја спална соба. Овој план одлично одговара за гостински апартман и сл.11 се предуслов за хармонија во семејството,
- Внимавајте да ги испланирате вратите на начин на кој водоводните инсталации нема да бидат во преден план кога ќе се отвори вратата.

**• Простор за деца (сл. 12)**

Додека демографските истражувања укажуваат дека во денешно време се помалку деца живеат во секој дом во споредба со претходните генерации, акцентот што се става на тоа да се направи светот прекрасен за детето никогаш не бил со толкав ентузијазам. Еве список на работи што би можеле да се земаат предвид за просторот на децата:

- Мали спални соби поврзани со просторија за играње овозможуваат поделба на просторот за спиење и играње,
- Поголеми спални соби што се внимателно испланирани со простор доволен за игра и движење го прават светот на детето повеќе приватен,
- Планирање на работно биро со добро осветлување и можеби вградени полици го поттикнуват учењето кај детето,



- Како алтернатива на изобилство од електронски уреди, размислете за овие идеи за спални соби или соби за играње, вградени простори од земјата на мечтите со направи за качување и лизгалка, сцена за настап, ѕид полн со огледала за танцување, тркачка писта со играчки автомобили или железничка пруга со возови и сложувалки, вградени полици за книги, со удобни седишта, како столици, двоседи или седишта покрај прозорец со перничиња,
- Просторот за играње на децата исто така може да содржи организирани плакари со поделени полици и фиоки за образовни и експериментални научни прибори.

## 6. Заклучок

Во човековата природа е да сака да го подоброи своето опкружување и да се надгради во поприфатлив, попрактичен и поубав простор  и мебел. Оправдувањето е да се подобри квалитетот на животот.

Сепак, секоја желба и задоволство треба да се разгледаат во споредба со потребите што ќе ги задоволува и потоа да се спореди со трошоците што ќе ги прави – дали тоа ќе биде трошење време, сила и пари – и долгорочната корисност на тој предмет.

Резултатот е здрав разум, што значи планирање на простор што ќе ги задоволува потребите и барањата на разумен начин.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Користена литература

[1] „Ентериери" – Карла Ј. Нилсон, Дејвид А. Тејлор

[2] https://uac.incd.ro/Art/v4n4a08.pdf

[3] https://www.ukessays.com/essays/psychology/relationship-between-humans-and-colour-in-architectural-spaces-psychology-essay.php

[4] https://archinect.com/features/article/53292622/color-in-architecture-more-than-just-decoration

[5] https://medium.com/studiotmd/the-perception-of-color-in-architecture-cf360676776c

MIT UNIVERSITY SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# THE ARCHITECTURE AND FUNCTION OF SCHOOL BUILDINGS

[a*] Vangjel Dunovski [a], Medi Selmani [б*]

[a*]Professor, MIT University - Skopje, Faculty of Architecture (RNM)

[б] d.i.a., MIT University - Skopje, Faculty of Architecture ( RNM)

vduni@mt.net.mk

selmanimedi@hotmail.com

## Abstract

Education is one of the main pillars of human development, so it is important to explore and adopt more effective ways to have a quality standard where we should always be among countries with high educational development. Education makes a person aware to distinguish between good and bad and to be active in achieving a better future.

If we have a developed education, we will think better about the buildings we will make as public and private and individual facilities. In general, this paper gives importance to the educational development in our country (Republic of North Macedonia), the presentation of some of the best systems in the world, we will be able to see where we are with the state of educational development.

**Keywords**: *educational system, education, social growth*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# АРХИТЕКТУРАТА И ФУНКЦИЈАТА НА УЧИЛИШНИТЕ ЗГРАДИ

[а*] Ванѓел Дуновски [а], Меди Селмани [б*]

[а*] Професор, МИТ Универзитет – Скопје, Р.С. Македонија

[б*] д.и.а, МИТ Универзитет – Скопје, Р.С. Македонија

vduni@mt.net.mk

selmanimedi@hotmail.com

**Апстракт**

Образованието е еден од главните столбови на човековиот развој, затоа е важно да се истражуваат и да се усвојат поефикасни начини за да се има стандард за квалитет каде што секогаш треба да бидеме меѓу земјите со висок образовен развој. Образованието го прави човекот свесен да прави разлика помеѓу доброто и лошото и да биде активен во остварувањето на подобра иднина.

Ако имаме развиено образование, подобро ќе размислиме за градбите што ќе ги правиме како јавни, приватни и индивидуални објекти. Генерално, овој труд му дава значење на образовниот развој во нашата земја (Република Северна Македонија), презентацијата на некои од најдобрите системи во светот, ќе можеме да видиме до каде сме со состојбата на образовниот развој.

**Клучни зборови**: *Едукативен систем, Образование, Социјален раст*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Следењето на најнапредното образование отсекогаш било главен приоритет за човечката цивилизација. Образованието е она што нѐ разликува едни од други во однос на талентот и професијата, нѐ ослободува од урнатините и нѐ овластува да дејствуваме за подобрување на општеството.

Иако многу научници, писатели и интелектуалци напишаа опширно во кои ја фалат важноста на образованието, но со напредокот на современото општество, неговата потреба стана поимперативна. Земјите ширум светот почнаа да обезбедуваат висококвалитетно образование во различни области за студенти од целиот свет, освен нивните сопствени луѓе.

Но, дали некогаш сте се запрашале дали нашата држава нуди образовен систем кој може да ги исполни вашите барања и да ви помогне да започнете кариера во вашата избрана област? Во овој труд ќе претставиме некои од најдобрите земји кои имаат најдобар образовен систем во светот и зошто треба да го следиме.

## 2. Седумнаесете од најдобрите

Иако рангирањето се заснова на различните параметри прикажани погоре, ние ќе се фокусираме на двата најважни:

- Еден од најдобрите индекси што меѓународните инвеститори можат да го користат за да ги проценат економските, институционалните и финансиските аспекти е **Индексот на глобални можности**.

- **Индексот за квалитет** обезбедува информации за физичката безбедност на нацијата, економската сигурност, можностите за вработување и други фактори.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Седумнаесете земји со најдобар образовен систем во светот:**

| Rank | Country | Quality Index | Opportunity Index |
|---|---|---|---|
| 1 | United Kingdom | 78.2 | 69.79 |
| 2 | United States | 72 | 68.74 |
| 3 | Australia | 70.5 | 67.52 |
| 4 | Netherlands | 70.3 | 67.21 |
| 5 | Sweden | 70.1 | 66.96 |
| 6 | France | 69.9 | 66.3 |
| 7 | Denmark | 69.8 | 62.54 |
| 8 | Canada | 69.8 | 61.01 |
| 9 | Germany | 69.5 | 60.64 |
| 10 | Switzerland | 68.3 | 60.12 |
| 11 | Japan | 68.2 | 59.46 |
| 12 | Israel | 66.9 | 57 |
| 13 | Finland | 66.8 | 56.68 |
| 14 | Taiwan | 66.6 | 55.27 |
| 15 | Singapore | 66 | 55.22 |
| 16 | Slovenia | 65.8 | 54.38 |
| 17 | South Korea | 65.2 | 53.5 |

*Табела 1. Седумнаесет од најдобрите Извор: списание CEOWORLD*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Кога станува збор за продолжување на високото образование во странство, секоја земја има свои добрите и лошите страни. На пример, ако ги земеме предвид параметрите како што се квалитетот на животот, односот наставник-ученик и достапноста на јавни ресурси за студии, списокот ќе ги вклучи земјите кои го обликувале модерното образование како Финска, Данска, Норвешка, Јапонија, Русија итн. Така, може да биде малку тешко да се одлучи која земја нуди висококвалитетно образование.

Врз основа на параметри како што се видовите на програми кои се нудат, интердисциплинарноста во програмите, позициите, рангирањето на универзитетите и бројот на пријавени странски студенти, каде споредено со нашите земји на целиот Балкан имаме далечна споредба. но за нас има потреба од зајакнување на менталниот склоп и фокусирање на подигање на образовната свест.

## 3. Зошто американското образование е најдобро?

Многу ученици и студенти од различни циклуси од целиот свет сакаат да завршат образование во Америка. Тоа е затоа што американските училишта се познати по обезбедувањето висококвалитетно образование преку избалансирана, испробана и проверена наставна програма. Образовниот систем на САД е информиран од најновото истражување, кое им помага на студентите да се развијат во критички мислители со добро заокружени социјално-емоционални вештини.

Генерално, американското образование комбинира факти, бројки и податоци со отворена наставна програма заснована на решавање проблеми, која вклучува соработка, методологии за обиди и грешки и преземање ризик. И отвора неограничени можности за студентите, не само во САД, туку и на глобално ниво.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**The Danforth Campus of Washington University in St. Louis**



**Сл.** The Danforth Campus of Washington University in St. Louis

Од 1853 до 1905 година, универзитетот беше во центарот на Св. Луис. Ниту една од зградите во кампусот во центарот на градот сѐ уште не стои. Планирањето да се пресели од центарот на градот во кампусот Данфорт започна во средината на 1890 -тите со набавка на кампусот Данфорт. Градските планови беа подготвени во 1895 година од Олмстед, Олмстед и Елиот, а во 1899 година се одржа национален натпревар за избор на архитектонска фирма за дизајнирање на кампусот. Шест компании влегоа во конкуренција; Комисијата беше дадена и на Стјуардсон, од Филаделфија. Изградбата на кампусот Данфорт започна во октомври 1900 година со почетокот на каменоломот за салата за грмушки. Смејување на камен - Фондацијата за салата Брукингс се одржа во ноември 1900 година.



**Гимназијата Томас Џеферсон**

Гимназијата Томас Џеферсон беше изградена и отворена во 1964 година. Надзорникот на јавните училишта во округот Ферфакс Вилијам Џ. Буркхолдер и неговиот персонал почнаа да работат на идејата за средно научно училиште во 1983 година со совет од деловниот / советодавниот совет на надзорникот. Буркхолдер ги објави плановите

за училиштето за магнети во јануари 1984 година. Училишниот одбор го избра средното училиште Томас Џеферсон како место за новото училиште за магнети во јуни 1984 година и одобри финансирање во февруари 1985 година. Училиштето првично беше наменето да им служи само на учениците од округот Ферфакс. но откако гувернерот на Вирџинија Чарлс С. Црквата да присуствува исто така.

Бизнис заедницата одигра важна улога во создавањето на училиштето, обезбедувајќи приближно 3 милиони американски долари во придонеси и совети за наставната програма на училиштето. Hazleton Laboratories, Honeywell, AT&T, Virginia Power, Sony Corporation, Hewlett-Packard и Xerox, меѓу другите компании, направија значителен придонес во опремата или финансиите на училиштето пред да се отвори. Средното училиште за наука и технологија Томас Џеферсон беше отворено во есента 1985 година со 400 деветоодделенци и 125 постари ученици кои беа избрани од 1.200 апликанти.

Училиштето беше подложено на реновирање од 2013 до 2017 година, додавајќи дополнителни истражувачки лаборатории, интернет кафулиња, тридимензионални уметнички галерии, театар со црна кутија и купола која потсетува на Монтичело на претседателот Томас Џеферсон. Реновирањето чинеше 90 милиони долари.



## Pine View School

Во 1969 година, училиштето беше основано како прво државно училиште за интелектуално надарени. Првиот директор беше Џон Д. Вулвер, едукатор кој напишал бројни научни статии за образованието во текот на неговата кариера.

За време на раната историја на училиштето, многумина се плашеа дека ќе биде затворено, особено кога училиштето се пресели во сегашниот кампус, дизајниран од Карл

Абот, FAIA, во 1994 година.) етикета „подарена“. Во оваа прилика, Pine View беше вклучен во сеопфатната проценка на политиката на целата држава, завршена од Канцеларијата за анализа на програмската политика и одговорност на владата (OPPAGA) на законодавниот дом на Флорида, која утврди дека надарените програми напредуваат и дека етикетата на ESE „надарена“ има повеќе предности од недостатоци. На крајот на учебната 2012-2013 година, Стив Ларго, 25-годишен директор на Пајн Вју, се пензионираше. Стивен Коверт го заседе местото на Ларго како директор на Pine View на 1 јули 2013 година.

### 3.1 Зошто треба да размислите за американско образование?

Одењето во странство на студирање е стресно затоа што можете да замислите дека одите на сосема ново место и треба да започнете да стекнувате пријатели и да се вклопите таму.

Американското образование, исто така, им помага на странските студенти да разберат и да се усогласат со нивните соученици кои исто така доаѓаат од различни култури и потекла. Преку признавање на оваа разновидност и нејзино вклучување во наставната програма, американските училишта им помагаат на учениците да развијат доверба и вештини неопходни за да напредуваат во нивната нова средина. Учениците исто така имаат помала веројатност да се чувствуваат отуѓени, што значи дека можат побрзо да се прилагодат на нивниот нов живот и училиште. Без оглед на тоа дали се борите да се прилагодите, американското образование ќе ви обезбеди солидна основа за успех во сè поглобален свет.

## 4. Образовните перформанси на Јапонија

Образованието е еден од најважните аспекти на националниот идентитет на Јапонија и извор на гордост за јапонските граѓани. Висококвалитетниот образовен систем на земјата постојано освојуваше меѓународни признанија.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Акцентот на холистичкиот развој на децата со децении ги тера јапонските студенти да постигнат мајсторство во различни академски дисциплини - нивните перформанси во науката, математиката и инженерството се особено значајни. Во Програмата на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) за меѓународно оценување на учениците (ПИСА) во 2015 година, Јапонија беше рангирана на второ место во науката и на петтото место по математика меѓу 72 земји и региони учеснички.




**Сл**. Растот на странски студенти запишани во образовниот систем во Јапонија



## Универзитетот во Токио

Универзитетот беше овластен од владата на Меиџи во 1877 година под неговото сегашно име со спојување на постари владини училишта за медицина, разни традиционални научници и модерно учење.

Тој беше преименуван во Империски универзитет (帝國大學, Теикоку даигаку) во 1886 година, а потоа и во Токискиот царски универзитет (東京帝國大學, Tōkyō teikoku daigaku) во 1897 година кога беше создаден системот на Империјалниот универзитет. Во септември 1923 година, земјотрес и следните пожари уништија околу 750.000 тома од Империјалната универзитетска библиотека. Изгубените книги ја вклучуваа библиотеката Хошино , збирка од околу 10.000 книги. Книгите биле поранешни поседи на Хошино Хисаши пред да станат дел од библиотеката на универзитетот и главно биле за кинеската филозофија и историја. По поразот на Јапонија во Втората светска војна во 1947 година, таа повторно го доби своето првобитно име. Со почетокот на новиот универзитетски систем во 1949 година, Тодаи го проголта некогашното прво високо училиште (денешниот кампус Комаба) и поранешната виша школа во Токио, која оттогаш ја презеде должноста да предава на студенти од прва и втора година, додека факултетите на Главниот кампус во Хонго се грижеше за студентите од трета и четврта година.

Иако универзитетот е основан за време на периодот Меици, тој има претходни корени во Агенцијата за астрономија, Канцеларијата за проучување на Шохеизака и Агенцијата за превод на книги Вестерн. Овие институции беа владини канцеларии основани од шогунатот Токугава (1603–1867), и одиграа важна улога во увозот и преводот на книги од Европа. Според The Japan Times, универзитетот имал 1.282 професори во февруари 2012 година. Од нив, 58 биле жени. Споредувајќи го бројот на професори во мај 2022 година, меѓу 1.355 професори има 124 жени, што е повеќе од двојно. Универзитетот постојано го затвора родовиот јаз, а до април 2021 година, половина од неговите директори беа жени.

Во есента 2012 година и за прв пат, Универзитетот во Токио започна две програми за додипломски студии целосно на англиски јазик и насочени кон меѓународни студенти - Програми на англиски јазик во Komaba (PEAK) - Меѓународната програма за Јапонија во Источна Азија и Меѓународната програма на науки за животната средина. Во 2014 година, Факултетот за наука на Универзитетот во Токио воведе целосно англиска програма за трансфер на додипломски студии наречена Глобален научен курс (GSC).

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

На 28 мај 2021 година, Институтот за истражување на космичките зраци на универзитетот започна со изградба на уредот „Хипер-Камиоканде“, за нов светски водечки меѓународен научно-истражувачки проект кој треба да започне со експерименти во 2027 година.

На 15 јануари 2022 година, инцидент со прободување резултираше со ранети 3 лица. Напаѓачот е уапсен пред портата на кампусот. Инцидентот се случил пред државниот испит.



### Меѓународно училиште KAIS

Меѓународното училиште KAIS е меѓународно училиште лоцирано во Шинагава, Токио, Јапонија. KAIS обезбедува образование засновано на англиски јазик за меѓународни средношколци и средношколци кои живеат во Токио. Меѓународното училиште KAIS нуди програми за 9-12 одделение и ги интегрира часовите за САТ подготовка, уметност, фотографија, театар и други креативни часови, јога, научни лаборатории, тимски спортови, композиција дигитална музика, академско пишување и часови по литература во калифорниските репери. наставна програма.

Образовната филозофија на KAIS се заснова на мали димензии на часовите и е под влијание на образовната теорија на Штајнер и Монтесори. Ја користи образовната филозофија „Еден MacBook по ученик“ и е поврзана со академијата Кикокушијо во Сетагаја.

## 5. Каде сме со образованието?

Основното образование во Република Северна Македонија (РМВ), особено во периодот од 1990 година наваму, сè уште е на квалитативен пат. Во таа насока спроведуваат бројни реформи кои носат иновации за нивна модернизација, но иако има

движења и достигнувања во оваа насока, колку и да ги мериме резултатите од меѓународните тестови, излегува дека сме многу ниски и сме потфрлиле да забележи некое големо прогресивно движење. Ова е резултат и на министерскиот и државен врв, кој до денес го водат министри кои немаат поим како треба да се креираат и дистрибуираат дигиталните книги, бидејќи кај нас нема ни хартиени книги.

Помеѓу 188 земји, Македонија во 2016 година беше рангирана на 82. место (останува зад една земја – 81. во споредба со 2014 и 2015 година) и сега влегува во групата земји со висок човечки развој.

Иако стапката на невработеност е намалена од 32,3% во 2009 година на 24% во 2016 година, таа сепак останува висока. Невработеноста кај младите се намалува со зголемувањето на нивното ниво на образование, но таа останува двојно повисока од просекот и изнесува 48,2% (47,9% за мажи и 48,8% за жени). Во 2016 година, 25,2% од лицата на возраст од 15-24 години не биле ниту вклучени во образовниот систем, ниту биле вработени.

Во последните години се отвораат се повеќе работни места во производниот сектор, во градежништвото, транспортот и складирањето, во административните и услужните дејности, како и во уметноста, забавата и рекреацијата. Околу 53% од новите работни места се поврзани со средното стручно образование, додека 34% со најниските нивоа на образование.

После сите овие информации од стратегијата за акционен план, резултатите на терен се страшно различни. Идејата на студентите кои сакаат да студираат медицина е дека имаат намера да завршат тука и да заминат да работат во странство, поточно во Германија. Причината е силна затоа што Германија како земја има потреба од многу квалификувани луѓе и голем фокус во областите како медицина, архитектура, инженерство итн. Луѓето освен што одат за подобри плати, ја напуштаат државата и затоа што квалитетот на животот е лош. Ако на една земја и недостига квалитетен живот, тоа е проблем за луѓето да останат.

ISSN: 1857-8128

**6. Дали архитектурата и функцијата на училишните згради се важни**

ДА!, потребно е просториите да бидат во најдобри и функционални услови. Состојбата со училишните објекти не е за пофалба, бидејќи училиштата се нецелосно изградени и не се почитуваат архитектонските планови. Некои од нивните разлики се работи за дизајн, но многу се поврзани со специфични избори, како што се бојата и визуелната сложеност. Не станува збор за скапи или големи училишта, туку за деликатно функционирање на добра средина за учење со оглед на голем број едноставни работи. Се надеваме дека наставниците, дизајнерите и креаторите на политики се трудат со овие други работи да дадат се од себе за учениците во училиштата под нивна грижа.

Најважните показатели за успех се резултатите од студентите, за луѓето од академската област. Врската помеѓу архитектурата и академскиот успех е реципрочна бидејќи секој аспект го инспирира другиот. Неодамна, студиите ја документираа важноста на добро дизајнираната изградена средина за вкупните академски перформанси на студентите, иако податоците се сè уште ограничени. Дали дизајнот на училницата влијае на перформансите на учениците?

Да! Постои врска помеѓу резултатите од учењето и дизајнот на училницата. Дизајнот на училиштето влијаеше на повеќе истражувања и на тоа како може да се подобри за да се постигнат подобри резултати.Промената на неколку елементи во училницата ги подобри резултатите од учењето за 16%. Поголем акцент во образовниот систем што мораме да го одржуваме се високите стандарди во начинот на кој училиштата се дизајнирани, планирани и изградени. Многу фактори се разгледуваат пред архитектите да дизајнираат училишта. Тие ја земаат предвид климата на институцијата, почвите кои имаат големо влијание врз структурата и градежната регулатива во регионот. Студентот секогаш ќе има значителна страст за академици откако ќе студира во добра институција за архитектонски дизајн. На учениците често им е удобно да седат во училницата бидејќи просторот на подот е широк и инцидентите како што се пожари нема да бидат проблем бидејќи нема да има неред.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Училниците опремени со противпожарни апарати помагаат да се намали штетата од пожар во случај на пожар. Во текот на подолг временски период, образовните методи се трансформираа во обид да се подобрат перформансите на учениците. Архитектурата не е исклучок. Создавањето средина за учење за ученикот ги зема предвид сите аспекти на опкружувањето на ученикот; природно осветлување, нивоа на осветлување, топлинска удобност, волумени, акустика, скали и материјали се некои од архитектонските аспекти кои можат да влијаат на перформансите на учениците.

Учењето може да биде нарушено со продолжена изложеност на бучава, лоша акустика, слаба вентилација и недоволно осветлување. Ова е резултат на лошиот архитектонски дизајн. Главниот фокус на компанијата треба да биде на создавање поволни средини за учење во архитектонските институции користејќи ги најдобрите практики во архитектурата. Зградите мора да бидат направени од издржливи материјали за да се избегнат случаи на колапс.

## 7. Заклучок

Младите студенти не го гледаат светот како возрасните. Тие се млади и имаат тенденција да искусат повеќе простор околу нив за разлика од другите возрасни. Затоа, воспитувачите и раководителите на училиштата треба да го разгледаат секаков вид дизајн на училницата од перспектива на ученикот, какво е чувството за ученикот што седи таму долго време, ако тие можат да видат што им треба од нивната позиција, и пустошењата што ги опкружуваат.

Од големо значење би било учениците да се вклучат со нивно мислење во дизајнот на училниците бидејќи повеќе ги знаат нивните потреби и тоа треба да биде вообичаено во нашите училишта и заедници. Важноста е голема како и потребата, но се надеваме дека волјата ќе се врати и училиштата ќе бидат побуџетизирани за да ни овозможат условите да создадеме ученици и студенти кои потоа ќе служат за развојот на економијата и квалитетот на животот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Користена литература

[1] https://leverageedu.com/blog/best-education-system-in-the-world/

[2] https://www.xaa.edu.sg/blog/why-american-education-is-simply-the-best/#

[3] https://wenr.wes.org/2021/02/education-in-japan#:~:text=The%20country's%20high%2Dquality%20education,and%20engineering%20is%20particularly%20noteworthy.

[4] http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-ALB-WEB.pdf

[5] https://wustl.edu/about/campuses/danforth-campus/

[6] https://en.wikipedia.org/wiki/Pine_View_School

[7] https://en.wikipedia.org/wiki/Thomas_Jefferson_High_School_for_Science_and_Technology

[8] https://en.wikipedia.org/wiki/KAIS_International_School

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# SOCIAL SCIENCE AND HUMANITIES

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ATTACHMENT STYLE AND OCCURRENCE OF INTIMATE PARTNER VIOLENCE IN WOMEN

*Vesna Blazhevska[a*1] Mirjana Jovanovska Stojanovska[b] Katica Stojmenovska[c] Andromahi Naumovska[d] Aleksej Sopronov[e] Mila Joncheska[f]*
*[abdef]MIT University, Faculty of Psychology ul. TretaMakedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia*
*[c]International Balkan University, Makedonsko Kosovska Brigada, 1000Skopje North Republic of Macedonia*
*email:*
*[a]vesna.blazhevska@mit.edu.mk*

## Abstract

The purpose of this research was to contribute to the literature regarding intimate partner violence and women's attachment style. According to the results obtained, intimate partner violence at least occurs among women who have a secure attachment style, followed by women who have a preoccupied affective attachment style. The highest level of violence in the relationship is reported by women who have an avoidant attachment style, and a somewhat lower level of violence is reported by women with a fearful attachment style. 115 women aged 18 to 65 participated in the research. The average age of the respondents is 35.7 years. Of them, 61.10% are married, and 29.90% are in an intimate relationship with a permanent partner, and the average duration of the relationship is 12.5 years. Regarding the level of education, 55.30% have completed secondary school, and 44.70% have higher education. According to employment status, 64.90% are employed and 35.10% are unemployed. All respondents are of Macedonian nationality and Orthodox religion. The results indicate that the existence of a negative image of the partner appears as a factor of occurrence of intimate partner violence.

**Keywords:** *attachment, women, intimate partner violence*

[1] Corresponding author.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

# СТИЛОТ НА АФЕКТИВНО ПРИВРЗУВАЊЕ И ПОЈАВА НА НАСИЛСТВО ОД СТРАНА НА ИНТИМЕН ПАРТНЕР КАЈ ЖЕНИ

*Vesna Blazhevska[a*] Mirjana Jovanovska Stojanovska[b] Katica Stojmenovska[c] Andromahi Naumovska[d] Aleksej Sopronov[e] Mila Joncheska[f]*

*[abdef]MIT University, Faculty of Psychology ul. TretaMakedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia*

*[c]International Balkan University, Makedonsko Kosovska Brigada, 1000 Skopje North Republic of Macedonia*

*email:[a]vesna.blazhevska@mit.edu.mk*

## Апстракт

Целта на ова истражување беше да даде придонес кон литературата во однос на насилството од страна на интимен партнер и стилот на афективното приврзување кај жените. Според резултатите кои се добиени, насилство од страна на интимен партнер најмалку се појавува кај жени кои имаат сигурен стил на приврзување, а потоа се жени кои имаат преокупирачки стил на афективно приврзување. Највисоко ниво на насилство во врската пријавуваат жени со одбегнувачки афективен стил на приврзување, а нешто пониско ниво на насилство пријавуваат жени со амбивалентен стил на афективно приврзување. Во истражувањето учествуваа 115 жени на возраст од 18 до 65 години. Просечната возраст на испитаничките е 35,7 години. Од нив 61,10% се во брак, а 29,90% се во интимна врска со постојан партнер, а просечно траење на партнерската релација е 12,5 години. Во однос на степенот на образование 55,30% имаат завршено средно училиште, а 44,70% имаат високо образование. Според статус на вработување, 64,90 % се вработени, а 35,10% се невработени. Сите испитанички се од Македонска националност и православна вероисповед. Резултатите индицираат дека постоење на негативна слика за партнерот се јавува како фактор за појава на насилство од страна на интимен партнер.

***Клучни зборови:*** *стил на афективно приврзување, жени, меѓупартнерско насилство*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 1. Вовед

Целта на оваа студија е да утврди дали постои разлики во однос на меѓупартнерското насилство кај жени со различен стил на афективно приврзување. Истражувачкиот примерок се состои од 114 жени кај кои беше утврден доминантниот стил на афективно приврзување и прашалник кој утврдува дали постои насилство кое испитаничките го доживуваат во врската или бракот. Резултатите од истражувањето покажуваат дека жените кои имаат избегнувачки стил на афективно приврзување, доживуваат посериозен облик на меѓупартнерско насилство, во споредба со амбивалентниот стил, преокупирачки стил и сигурниот стил на афективно приврзување.

Насилството од интимниот партнер претставува значаен социјален проблем на глобално ниво каде што сѐ повеќе расте бројот на пријавени случаи на жени кои трпат насилство од интимниот партнер или сопругот. Иако насилството од страна на интимен партнер е истражувано ос аспект на повеќе теоретски перспективи, теоријата на афективна приврзаност неодамна беше идентификувана како начин да се интегрираат неколку психо-социјални ризик фактори за насилство, со што потенцијално обезбедува обединувачко теоретско објаснување за насилството од интимниот партнер (Mahalik, Aldarondo, Gilbert-Gokhale, & Shore, 2005). Покрај тоа, теоријата на афективна приврзаност дава корисен модел за разбирање на истовремена појава на насилство и интимност во истата врска (Mayseless, 1991). Во оваа рамка, насилството се испитува од системска перспектива, идентификувајќи го насилството како средство за регулирање блискост и растојание помеѓу партнерите во врската (Pistole, 1994). Поточно, несогласувањата помеѓу преференциите за интимност и промените во „социјално-емоционалната дистанца“ помеѓу партнерите може да послужат како катализатори за појава на насилство од страна на интимен партнер (Dutton, 1988).

Теоријата на приврзаност нуди начин да се разбере како луѓето развиваат силни врски со другите луѓе (Bowlby, 1977). Преку интеракциите на детето со родителот, најчесто со мајката, новороденчето развива внатрешна слика за себе, која се карактеризира со степен на емоционална зависност од другите во однос на себе-валидација. Како

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

паралелен процес на овој, детето постепено развива слика за другите која содржи и компонента на достапност, односно колку другите блиски лица се достапни за детето (Bowlby, 1973). Овие когнитивни претстави или релациони шеми, играат огромна улога во формирање на понатамошните очекувања за врсниците и романтичните врски, влијаат и врз реакциите и однесувањето на поединецот кое се случува на реално или замислено одвојување од важни блиски лица.

Покрај поголем број понудени стилови на афективно приврзување, во литературата најчесто се среќава поделбата која ја понудиле Bartholomew и Horowitz (1991). Тие нудат дводимензионален модел и врз основа на тоа се јавуваат четири стилови на афективно приврзување. Едната димензија предпоставува постоење на позитивна или негативна слика за себе, а другата димензија, позитивна или негативна слика за другите. Ова генерира модел од четири стилови на афективно приврзување: сигурен, преокупирачки, одбегнувачки и амбивалентен. Овие четири стилови може дополнително да се сведат на две димензии: анксиозен стил на афективно приврзување и избегнување на афективната приврзаност. Високо ниво на анксиозност во приврзувањето имаат преокупирачкиот стил и амбивалентниот стил на афектовна приврзаност. Кај овие два модели на афективно приврзување во суштината постои многу негативна слика за себе, страв од отфрлање и напуштање. Посебно лицата со преокупирачки стил на афективно приврзување очекуваат многу од партнерот, сметаат дека не вредат како личности, силно се зависни од другите за да се во состојба да одржат позитивна слика за себе. Лицата со амбивалентен стил пак, зависни се од другите нопостојано очекуваат негативен исход па затоа одбегнуваат да се приврзуваат и покрај огромната потреба за блискост. За разлика од овие два стила, стилот на одбегнување се карактеризира со позитивна слика за себе, а негативна слика за другите. Овие лица не даваат важност на афективните врски, имаат релативно површни релации со другите, имаат негативно очекување за исходот од врските со другите но способни се да одржат позитивна слика за себе која не се потпира и зависи од другите лица. Овие личности се многу независни и ја нагласуваат таа независност како многу важна. Сигурниот стил на приврзаност предпоставува позитивна слика за себе и за другите. Овие

лица се карактеризираат со интернализирано чувство на сопствена вредност и пријатност поради остварување на блиски партнерски односи како и способност да уживаат во личната автономија и се во задоволителни односи со другите. Нивните партнерски врски се одликуваат со доверба и спремност за отвореност. Рамнотежа помеѓу потребата за припаѓање и автономија која ја стекнале во детството.

Од гледна точка на теоријата на приврзаност, насилството од страна на интимниот партнер може да се смета како обид да се воспостави или одржи ниво на лична безбедност во врската. Кога ќе се согледа закана или некакво нарушување на врската во однос на приврзаноста, партнерите стануваат анксиозни, а таа анксиозност води до однесување кое е насочено да го зачува стилот на афективната приврзаност кој постоел (Bowlby, 1984). Насилството може да биде предизвикано од реална или замислена закана од напуштање или отфрлање од  страна на партнерот. Теоријата на приврзаност, исто така имплицира дека насилството од интимниот партнер може да се користи во врската како обид да се врати конфорот на блискоста со партнерот. Овде насислтвото се согледува  како начин за справување со конфликт создаден поради спротивставени потреби а партнерите за блискост наспроти дистанцираност (Pistole, 1994). На пример, доколку еден од партнерите има стил на приврзување со високи нивоа на анксиозност (преокупирачки стил), може соодветно да одговори на барање близина од страна на партнерот, додека поединецот со избегнувачки стил на приврзување, нема да е способен да одговори на потребите за близина. Кога потребите за блискост не се задоволени, не е ретко некој од партнерите да користи насилство за да ја регулира близината со партнерот. Според литературата, во споредба со ненасилни мажи, насилните мажи најчесто имаат преокупирачки и амбивалентен стил на афективно приврзување (Dutton, Saunders, Starzomski, & Bartholomew, 1994) или преокупирачки и избегнувачки стил (Babcock, Jacobson, Gottman, & Yerington, 2000). Интересен податок е што кај жените жртви на партнерско насилство, исто така покажуваат преокупирачки или амбивалентен стил на афективно приврзување. Мажи и жени кои се подеднакво агресивни во врската, најчесто имаат преокупирачки или амбивалентен стил на приврзување (Bookwala & Zdaniuk, 1998). Иако во литературата

**ISSN: 1857-8128**

најчесто се среќаваат податоци кои го опишуваат стилот на афективна приврзаност на насилниот партнер, стилот на жртвата е речиси занемарен во истражувањата. Според Henderson, Bartholomew и Dutton (1997) жените кои се жртви на партнерско насилство, многу често имаат преокупирачки или амбивалентен стил на афективно приврзување. Иако е јасно дека стиловите на афективно приврзување кои имаат силен анксиозен набој се фактор за решавање на конфликтите преку насилство, потребно е да се истражат афективните стилови и на двајцата партнери во врската.

Целта на нашето истражување е да се испита зачестеноста на меѓупартнерското насилство кај жени со различен афективен стил на приврзување.

## 2. Метод

### 2.1. Испитаници

Во истражувањето учествуваа 115 жени на возраст од 18 до 65 години. Просечната возраст на испитаничките е 35,7 години. Од нив 61,10% се во брак, а 29,90% се во интимна врска со постојан партнер, а просечно траење на партнерската релација е 12,5 години. Во однос на степенот на образование 55,30% имаат завршено средно училиште, а 44,70% имаат високо образование. Според статус на вработување, 64,90 % се вработени, а 35,10% се невработени. Сите испитанички се од Македонска националност и православна вероисповед.

### 2.2. Мерни инструменти

На сите испитанички им беше зададен прашалник WAST (Woman Abuse Screening Tool). Овој прашалник е објавен во 2000 година од страна на Judith Belle Brown, Barbara Lent, Gail Schmidt и George Sas. Се состои од 8 ајтеми на кои се понудени по три можни одговори кои всушност означуваат степен на зачестеност –често, понекогаш и никогаш. Ова е скала на само-оценување. Вкупниот скор е сума од скоровите на сите 8 ајтеми. Доколку на првите два ајтеми се добие највисокиот скор, тогаш се смета дека во бракот постои насилство. За целта на нашето истражување земени се во предвид континуирани

скорови и повисокиот скор означува позачестено и посериозно меѓупартнерско насилство. Теоретскиот минимум и максимум на олваа скала се 8 и 24.

Понатаму беше зададен прашалник кој го одредува стилот на афективното приврзување кој е креиран врз основа на дводимензионалниот модел со четири категории на афективно приврзување на Bartholomew (Brenan, Clark and Shaver, 1995). Тука беше измерен најдоминантниот афективен стил кај секоја од испитаичките - сигурен афективен стил, одбегнувачки, окупиран и амбивалентен афективен стил. На тој начин испитаничките се поделени на четири групи со различен стил на афективно приврзување со интимниот партнер.

## 3. Резултати

**Табела 1.** Резултати за просечен скор за меѓупартнерското насилство

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation |
|---|---|---|---|---|---|
| Насилство | 115 | 8.00 | 24.00 | 12.4737 | 4.99063 |

Како што може да се види од табелата, од максималниот број на скорови, аритметичката средина во однос на партнерското насилство е М= 12, 47

**Табела 2.** Фрекфенција на афективниот стил на приврзување

| Стил на приврзување | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|
| Сигурен стил | 60 | 52.6 | 52.6 | 52.6 |
| Преокупирачки стил | 25 | 21.9 | 21.9 | 74.6 |
| Избегнувачки стил | 17 | 14.9 | 14.9 | 89.5 |
| Амбивалентен стил | 13 | 10.5 | 10.5 | 100.0 |
| Вкупно | 115 | 100.0 | 100.0 | |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

За да истражиме кој од стиловите на афективно приврзување е најоптоварен со семејно насилство, спроведена беше ANOVA. Според тоа, добиени се следниве податоци:

**Табела 3.** Просечни вредности на застапеност на партнерско насилство кај различните афективни стилови на приврзување

| Насилство | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | Mean | Std. Deviation | Std. Error | 95% Confidence Interval for Mean | | Min | Max |
| | | | | | Lower Bound | Upper Bound | | |
| Сигурен стил | 60 | 9.7500 | 2.01372 | .25997 | 9.2298 | 10.2702 | 8 | 17 |
| Прекупирачки стил | 25 | 12.2800 | 4.55997 | .91199 | 10.3977 | 14.1623 | 8 | 23 |
| Избегнувачки стил | 17 | 18.2941 | 5.31231 | 1.28842 | 15.5628 | 21.0255 | 9 | 24 |
| Амбивалентен стил | 13 | 18.2500 | 4.28793 | 1.23782 | 15.5256 | 20.9744 | 10 | 23 |
| Вкупно | 115 | 12.4737 | 4.99063 | .46742 | 11.5477 | 13.3997 | 8 | 24 |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




**Графикон 1.** Графички приказ на просечните вредности на партнерското насилство кај различните стилови на афективно приврзување.

Споредбата на просечните вредности на партнерското насилство укажува на тоа дека жените со одбегнувачки стил на афективно приврзување доживуваат највисоко ниво на насилство од интимниот партнер. После нив се жени со амбивалентен стил на афективно приврзување, потоа се жените со преокупирачки стил на приврзување, а најниско ниво на насилство од страна на интимен партнер доживуваат жени со сигурен стил на афективно приврзување.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Табела 4.** ANOVA

| Насилство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
| Between Groups | 1422.352 | 3 | 474.117 | 37.464 | .000 |
| Within Groups | 1392.069 | 110 | 12.655 | | |
| Total | 2814.421 | 113 | | | |

Преку статистичката проверка на разликите помеѓу различноте афективни стилови на приврзување, утврдено е дека постојат статистички значајни разлики помеѓу стиловите во однос на зачестеноста и сериозноста на семејното насилство. Во продолжение следува post-hoc анализата за да утврдиме подетално каде се среќаваат разликите.

**Табела 5.** Post-hoc анализа

| Мултипла спредба | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зависна варијабла: Насилство | | | | | | |
| Tukey HSD | | | | | | |
| (I) АфективноПриврзување | (J) АфективноПриврзување | Mean Difference (I-J) | Std. Error | Sig. | 95% Confidence Interval | |
| | | | | | Lower Bound | Upper Bound |
| Сигурен стил | Окупиран стил | **-2.53000*** | .84683 | .018 | -4.7392 | -.3208 |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Избегнувачки стил | **-8.54412*** | .97742 | .000 | -11.0939 | -5.9943 |
| | Амбивалентен стил | **-8.50000*** | 1.12495 | .000 | -11.4347 | -5.5653 |
| Преокупирачки стил | Сигурен стил | **2.53000*** | .84683 | .018 | .3208 | 4.7392 |
| | Избегнувачки стил | **-6.01412*** | 1.11832 | .000 | -8.9315 | -3.0967 |
| | Амбивалентен стил | **-5.97000*** | 1.24932 | .000 | -9.2292 | -2.7108 |
| Избегнувачки стил | Сигурен стил | **8.54412*** | .97742 | .000 | 5.9943 | 11.0939 |
| | Окупиран стил | **6.01412*** | 1.11832 | .000 | 3.0967 | 8.9315 |
| | Амбивалентен стил | .04412 | 1.34128 | 1.000 | -3.4549 | 3.5432 |
| Амбивалентен стил | Сигурен стил | **8.50000*** | 1.12495 | .000 | 5.5653 | 11.4347 |
| | Окупиран стил | **5.97000*** | 1.24932 | .000 | 2.7108 | 9.2292 |
| | Избегнувачки стил | -.04412 | 1.34128 | 1.000 | -3.5432 | 3.4549 |
| * Разиликите во аритметичките средини се значајни на ниво 0.05 | | | | | | |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. Дискусија

Целта на ова истражување беше да даде придонес кон литературата во однос на насилството од страна на интимен партнер и стилот на афективното приврзување кај жените. Според резултатите кои се добиени, насилство од страна на интимен партнер најмалку се појавува кај жени кои имаат сигурен стил на приврзување, а потоа се жени кои имаат преокупирачки стил на афективно приврзување. Со оглед на тоа дека кај овие два стила на приврзување постои една димензија која е заедничка, а тоа е позитивната слика за другите, овие два стила на афективно приврзување во голема мерка се разликуваат во однос на нивото на анксиозност при афективното приврзување – преокупирачки стил на приврзување се карактеризира со високи нивоа на приврзувачка анксионост и личноста ја гради позитивната слика врз основа на однесувањето и прифаќањето од страна на партнерот, анксиозно се однесува кога е во потрага по прифаќање и валидација од партнерот. Овие резултати индицираат дека позитивната слика за партнерот е фактор при појава на партнерско насилство, односно колку е сликата за партнерот позитивна, ризикот од појава на насилство во врската е помала. Истото може да се потврди и со понатамошните резултати. Највисоко ниво на насилство во врската пријавуваат жени со избегнувачки афективен стил на приврзување. Овие жени се многу самостојни, имаат позитивна слика за себе, не даваат важност на афективното порзување. Тие силно ја одржуваат сопствената вредност преку одрекување на важноста на емоционалната врска и релација со другите лица. Сепак кај нив се јавува негативна слика за партнерот и тие го одбегнуваат афективното врзување поради негативни очекувања. Преку минимизирање на важноста на приврзаноста тие преку своето однесување ја одбегнуваат емоционалната приврзаност и блискост, недоверливи се со негативна слика за партнерот. Во овој случај улога за појава на насилството може да одигра културолошкиот фктор на родова (не)еднаквост и потребата за доминација на мажите во социјалната средина и генерално во нашето општество. Овој фактор треба дополнително да се истражува и дополнително да се утврди структурата на личноста на партенерот кој е

насилен во случајот и неговиот афективен стил на приврзување. Тоа може да биде причина за партнерско насилство посебно ако партнерот има окупирачки или амбивалентен стил на афективно приврзување бидејќи кај овие два стила, стравот од напуштање и поврзувачката анксиозност се повисоки. Амбивалентниот стил исто така укажува на висока поврзаност со постоење на насилство во интимната врска каде исто така постои негативна слика за другиот но и негативна слика за себе.

За да се објасни подлабоко афективниот стил на приврзаност и појавата на партнерско насилство потребно е да се испитаат парови кои проблемите ги решаваат насилно. Партнерското насилство има многу силна и сложена динамика кој не зависи само од афективниот стил, но според нашето истражување има импликации дека игра одредена улога во појавата на насилството. Во нашиов случај може да заклучиме дека постоење на негативната слика за партнерот е поврзана со појава на насилството во интимната релација. Кај избегнувачкиот стил и амбивалентениот стил на афективно приврзување негативната слика за партнерот предизвикува дефанзивно однесување и одбранбен став со цел да се зачува интегритетот, веројатноста за хостилно однесување е висока, но мора да се испита со понатамошни истражувања.

## Библиографија

[1] Babcock, J.C., Jacobson, N.S., Gottman, J.M., & Yerington, T.P. (2000). Attachment, emotional regulation, and the function of marital violence: Differences between secure, preoccupied, and dismissing violent and nonviolent husbands. *Journal of Family Violence*, 15, 391-409.

[2] Bartholomew, K., & Horowitz, L.M. (1991). Attachment styles among young adults: A test of a four-category model. *Journal of Personality and Social Psychology*, 61, 226-244.

[3] Bartholomew, K., & Shaver, P.R. (1998). *Methods of assessing adult attachment: Do they converge?* In J. A. Simpson & W. S. Rholes (Eds.), *Attachment theory and close relationships* (pp. 25-45). New York: Guilford.

[4] Bookwala, J., & Zdaniuk, B. (1998). Adult attachment styles and aggressive behavior within dating relationships. *Journal of Social & Personal Relationships*, 15, 175-190.

[5] Bowlby, J. (1973). *Attachment and loss: Vol. II. Separation*. New York: Basic Books.

[6] Bowlby, J. (1984). Violence in the family as a disorder of the attachment and caregiving systems. *American Journal of Psychoanalysis* , 44, 9-27.

[7] Dutton, D.G. (1988). *The domestic assault of women: Psychological and criminal justice perspectives*. Boston: Allyn & Bacon

[8] Dutton, D.G., Saunders, K., Starzomski, A., & Bartholomew, K. (1994). Intimacy-anger and insecure attachment as precursors of abuse in intimate relationships. *Journal of Applied Social Psychology*, 24, 1367-1386

[9] Henderson, A.J.Z., Bartholomew, K., & Dutton, D.G. (1997). He loves me; he loves me not: Attachment and separation resolution of abused women. *Journal of Family Violence*, 12, 169-191.

[10] Mahalik, Aldarondo, Gilbert-Gokhale, & Shore, *The Role of Insecure Attachment and Gender Role Stress in Predicting Controlling Behaviors in Men Who Batter*, Journal of Interpersonal Violence 20(5):617-31, June 2005

[11] Pistole, M.C. (1994). Adult attachment styles: Some thoughts on closeness-distance struggles. *Family Process*, 33, 147-159.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CONNESTION BETWEEN WORKPLACE STRESS AND YEARS OF EMPLOYMENT AMONG EMPLOYEES IN OUT OF FAMILY CARE INSTITUTIONS

*Slavko Stefanov*[2a] *Vesna Blazhevska*[b]

[ab]*MIT University, Faculty of Psychology ul. TretaMakedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia*

*email:*

*stefanovslavko@gmail.com*

*vesna.blazhevska@mit.edu.mk*

## Abstract

The purpose of this research is to contribute to the literature regarding workplace stress and years of employment among employees in out of family care public institutions. According to the results obtained, the Pearson correlation indicated that there is a significant correlation at 0.05 level between workplace stress and years of employment among the employees. 50 examinees took participation in the research which was conducted at the Public Institution - children with educative and social problems and deviant behavior – Skopje.

The results indicate that with more years of employment at such institutions comes a higher level of stress among the employees.

**Keywords:** *workplace stress, years of employment, family care institutions*

[2] Corresponding author

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ПОВРЗАНОСТА МЕЃУ СТРЕСОТ НА РАБОТНОТО МЕСТО И РАБОТНИОТ СТАЖ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА

*Slavko Stefanov[a] Vesna Blazhevska[b]*

*[ab]MIT University, Faculty of Psychology ul. TretaMakedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia*

*email:*

*stefanovslavko@gmail.com*

*vesna.blazhevska@mit.edu.mk*

**Апстракт**

Целта на ова истражување е да придонесе во литературата за стрес на работното место и работниот стаж кај вработените во јавните установи кои овозможуваат вон-семејна заштита. Резултатите добиени со пирсоновата корелација покажаа дека постои статистички значајна корелација на ниво од 0,05 помеѓу стресот на работното место и работниот стаж кај овие вработени. Во истражувањето кое беше спроведено во Јавната установа - деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, учествуваа 50 испитаници.

Резултатите укажуваат дека со подолг работен стаж во ваквите установи доаѓа до поголем стрес кај вработените.

**Клучни зборови:** *стрес на работното место, работен стаж, семејна заштита*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Според Центарот за контрола и заштита од заразни болести односно Centers for Disease Control and Prevention – The National Institute for Occupational Safety and Health (NIOSH) во нивната публикација со број 99-101, стресот на работното место го дефинира како: „физичко и емоционално штетно влијание кое се јавува кога работните задачи не соодветствуваат со способностите, вештините и потребите на работникот. Стресот на работното место може да доведе до нарушено здравје и физичка повреда.“ [1]

Причините за стрес честопати се субјективни и зависат од тоа како личноста го перцепира, разбира и доживува окружувањето во кое се наоѓа, предизвиците со кои секојдневно се соочува и ги доживува во окружувањето, а секако големо влијание во начинот на кој една личност го доживува своето окружување играат и социо-економската позадина од која потекнува личноста, стилот на родителско воспитување, минати искуства кои во голема мера влијаат на тоа како одредена личност реагира на предизвиците со кои се соочува, колку од тие предизвици претставуваат стресори за истата и колку од тие стресори ја доведуваат личноста во состојба на „борба или бегство“ реакција. Со други зборови, многу фактори, минати и сегашни, влијаат на тоа дали една личност одреден настан ќе го доживее како стресор или нема да го доживее како стресор.

Постојат фактори кои работното место го прават стресно и дејствуваат како стресори при работа, а тоа се условите при работа, видот на работните задачи, начинот на кој се раководи работната организација, меѓучовечките односи во организацијата, можноста за напредување и професионално усовршување, слободата на вработените самостојно да носат одлуки, недоволно јасно и прецизно дефинирана улога на работникот во работната организација. [1]

Стресор – „претставува настан или состојба кој предизвикува физички или емоционален стрес. Стресорот може да е внатрешен или надворешен.“ [2]

Индивидуалните човечки карактистики можат да направат разлика кои стресори индивидуата ги перцепира како повеќе стресни, а кои како помалку стресни, бидејќи нешто што за еден човек е стресно за друг може да претставува интересен предизвик или,

пак, нималку стресен настан, но колку помалку соодветствуваат способностите и потребите на работникот со карактеристиките на работното место толку е поголема веројатноста од појава на стрес на работното место, а со самото тоа се зголемува и ризикот од повреда при работа.

Стресот на работното место може да се одрази на продуктивноста на работникот, задоволството од работа, но се одразува и на физичкото и менталното здравје на работникот кое може да доведе до појава на разни здравствени проблеми кај работникот како: кардиоваскуларни заболувања, физичка повреда на работното место, нарушувања на менталното здравје како анксиозност, депресија, намалена концентрација и внимание при исполнување на работните задачи и професионално согорување. Тука треба да го спомeнеме и животниот стил кој една личност го води и во која мера тој животен стил е позитивен за самата личност или, пак, води животен стил кој е автодеструктивен бидејќи работната средина претставува само уште една средина која секојдневно ги тестира и проверува научените вештини и способности на личноста за справување со различни ситуации. Некои од тие ситуации не водат кон потребата да ги преиспитаме веќе научените шеми и начини на однесување, справување и реагирање во истите.

Американската асоцијација на психолози го дефинира стресот како: „физиолошки или биолошки одговор на внатрешни или надворешни стресори. Подразбира промени кои го засегаат речиси секој телесен систем и влијае врз чувствата и однесувањето кај луѓето. Може да се манифестира преку срцебиење, потење, сува уста, губење на здив, нервозни движења на рацете и стопалата, забрзан говор, зголемување на доживеаните негативните емоции и долг замор како последица на стрес. Освен што предизвикува ваков вид на физиолошки и психолошки промени, води и кон физички и ментални нарушувања на здравјето и го намалува квалитетот на живот.“ [3]

Работниот стаж се дефинира како време минато на одредена работна позиција за одреден работодавач и во зависност од времето минато на одредено работно место зависи експертското мислење кое работникот може да го понуди на работодавачот во однос на работата која ја извршува. [4]

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Според Mike Todorovic (PhD) & Dr. Matt Barton (PhD) кои се предавачи и медицински истражувачи на Griffith University, Australia ги објаснуваат главните хормони кои го придвижуваат човековото тело и продуцираат реакција при доживеан стрес се хормоните кортизол и адреналин. Кортизолот ја нарушува рамнотежата односно хомеостазата во која се наоѓа човековото тело и придвижува повеќе телесни системи како централниот нервен систем, имуниот систем, кардиваскуларниот систем, ендокриниот систем, а се со цел да предизвика соодветна „бегство или борба“ реакција на организмот притоа подготвувајќи го за справување со стресорот. Кортизолот ја зголемува свесноста и когницијата на организмот со цел подобро разбирање на потенцијалната закана, а може да делува и како аналгетик односно во одредени ситуации или при физички повреди ја намалува чувствителноста на телото кон физичката болка.[5]

Кортизолот како хормон кој се излачува при потребата од моментална заштита на организмот од стресорот, а со цел отстранување на заканата по човечкиот организам преку соодветна подготовка на организмот за „борба или бегство“ реакција не е штетен за организмот. Адреналинот, пак, ја забрзува работата на срцето, го зголемува крвниот притисок, ја забрзува циркулацијата и го покачува нивото на шеќерот во крвта подготвувајќи го телото за интезинвен напор за времетраењето на стресниот настан. [6]

Штетните влијанија од постојаната изложеност на хормонот кортизол се особено видливи ако сме постојано изложени на стрес односно доживуваме *хроничен стрес* кој, според американската асоцијација на психолози претставува „физиолошки или психолошки одговор на продолжен стресен настан (*стресор*) кој може да е внатрешен или надворешен. Стресорот не мора да е физички присутен за да влијае, понекогаш и спомени на некој настан можат да претставуваат замена за стрес и да одржуваат состојба на хроничен стрес.“[7]

Кога се наоѓаме во состојба на хроничен стрес организмот постојано излачува кортизол бидејќи постојано ја чувствува потребата да не убедува дека треба да се справи со голем стресор, а на сметка на тоа го ослабнува имуниот систем кој постојано добива порака дека справувањето со настинка, гребнатинка или друг вид на површинска повреда

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

не е толку важно во моментот бидејќи сме изложени на поголем стресор. Хроничниот стрес го забрзува процесот на стареење на тој начин што колку подолго сме изложени на хроничен стрес нашите хромозоми веќе се реплицирале толку многу пати што нивните заштитни краеви, наречени теломери, се истрошени што дополнително води кон заболувања на организмот бидејќи кога теломерите се пократки поголеми се шансите за грешки при копирањето на гените, а токму тие грешки го зголемуваат ризикот од нови заболувања. [8]

На KIIT University, Bhubaneshwar, Odisha, India спроведено е истражување на тема: „Stress at Workplaces - An overview“ во 2015 година, од страна на Dr. Ipseeta Sathpathy и Bonita Mitra. Истражувањето говори за стресот и различните фактори кои допринесуваат за појава на стрес на работното место и негова главна цел е да го истражи менаџирањето на стрес во работната средина. Истражувачите во овој труд ги објаснуваат изворите на стрес на работното место и велат дека во основа, постојат неколку области каде луѓето доживуваат стрес и тоа: политиката на организација односно правилата во работната организација, работниот процес во организацијата, процедурите преку кои се врши контрола врз работата на вработените, а како дополнителни фактори на професионален стрес ги споменуваат и автономијата на вработените во носењето одлуки, конфликтот на улоги односно кога еден вработен има повеќе од еден претпоставен што води до конфликт во исполнувањето на очекувањата кои претпоставените ги имаат од работникот. Како извор на стрес ја наведуваат и двосмисленоста на улогата која работникот ја има во работната организација односно кога работните задачи на работникот не се јасно и прецизно дефинирани; потоа говорат за преоптоварување на улогата на работникот односно кога работникот не поседува способности и вештини за извршување на работата и како последен фактор кои истражувачите го наведуваат е вреднувањето на трудот односно кога работникот не е пофален за постигнатите резултати. [9]

Во 2019 година на филозофскиот факултет – Скопје, при Универзитет Свети Кирил и Методиј, направен е магистерски труд на тема: „Човечките ресурси во установите за социјална заштита и нивното справување со стресот“ од страна на Тамара Мартиновска

како истражувач. Истражувањето е спроведено во центрите за социјална работа низ неколку градови од Република Северна Македонија: Ресен, Струмица, Тетово, Велес, Штип, Валандово и Скопје. Заклучок од ова истражување е следниот: „Според добиените податоци се добива увид дека лицата со ентузијазам ја работат работата, па иако нема доволно материјални средства за решавање на проблемите на клиентите, нема доволно возила за работа на терен, лицата со тие проблеми самостојно се снаоѓаат и се носат со тие ситуации, но голем стрес им е всушност фактот дека нивниот труд и нивниот стрес кој го имаат поради емотивноста и стресното на проблемите кои ги решаваат, никој не го вреднува и изостанува награда и соодветна материјална цена на трудот“. [10]

Согласно Законот за социјална заштита од 2019 година, член 70, социјални услуги кои се обезбедуваат согласно со овој закон, се: 1. услуги на информирање и упатување; 2. услуги на стручна помош и поддршка; 3. услуги на советување; 4. услуги во домот; 5. услуги во заедницата и 6. услуги за вон-семејна заштита. [11]

Согласно член 86 од овој закон со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Услуги на вон-семејна заштита се: 1.живеење со поддршка, 2.згрижување во друго семејство и 3.сместување во установа. [11]

Согласно член 94 од овој закон сместувањето во установа опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита. [11]

Согласно, пак, член 96 од овој закон услугата за сместување на деца во судир со законот на возраст од 14 до 18 години со изречена мерка упатување во воспитна установа, согласно со прописите од областа за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа согласно со закон, освен основната заштита од членот 94 од овој закон, опфаќа и

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна поддршка, организирано минување на слободното време и други услуги за ресоцијализација. Услугата од ставот 1 на овој член, се организира во воспитна установа за деца, согласно со Законот за правда на децата. [11]

## 2. Метод

### 2.1 Испитаници

Истражувањето беше спроведено на 50 испитаници вработени во установи за вон-семејна заштита, а при анализата на податоците се користеше пирсонова корелација бидејќи се проучуваат квантитативни варијалби во истражувањето.

### 2.2 Инструменти

Инструментите кои беа користени за време на спроведувањето на истражувањето се „Биографски прашалник“ кој ги даде податоците за работниот стаж на вработените во установата и „General Work Stress Scale“ - инструмент создаден од страна на професорот Gideon P. De Bruin кој е професор по индустриска психологија на Универзитетот Стеленбош и психолог-советник во Советот за здравствени професии на Јужна Африка.
„Скала на општ стрес при работа“ - инструмент за субјективно искусен стрес на работа. Скалата е од Ликертов тип и содржи девет ајтеми кои се одговараат со заокружување на броевите од 1-5,притоа: „1 – никогаш“; „2 – ретко“; „3 – понекогаш“; „4 – често“ и „5 – секогаш“ и максималниот добиен скор за испитаникот изнесува 45.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Резултати

Опис на примерокот

Табела 1. Рспределба на испитаниците според пол

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Мажи | 17 | 34.0 | 34.0 | 34.0 |
| | Жени | 33 | 66.0 | 66.0 | 100.0 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Табела 2. Распределба на испитаниците според образование

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Средно образование | 6 | 12.0 | 12.0 | 12.0 |
| | Високо образование | 44 | 88.0 | 88.0 | 100.0 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Табела 2. Должина на работен стаж на испитаниците вработени во институциите за вон-семејна заштита поделени во 4 категории

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | < од 5 години | 20 | 40.0 | 40.0 | 40.0 |
| | од 5 до 10 години | 11 | 22.0 | 22.0 | 62.0 |
| | од 11 до 20 години | 9 | 18.0 | 18.0 | 80.0 |
| | > 20 години | 10 | 20.0 | 20.0 | 100.0 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Табела 3. Корелација меѓу стресот и работниот стаж

| | | Годинии стаж | Ниво на стрес |
|---|---|---|---|
| Години стаж | Pearson Correlation | 1 | .339* |
| | Sig. (2-tailed) | | .016 |
| | N | 50 | 50 |
| Ниво на стрес | Pearson Correlation | .339* | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | .016 | |
| | N | 50 | 50 |

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | Годинии стаж | Ниво на стрес |
|---|---|---|---|
| Години стаж | Pearson Correlation | 1 | .339* |
| | Sig. (2-tailed) | | .016 |
| | N | 50 | 50 |
| Ниво на стрес | Pearson Correlation | .339* | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | .016 | |
| | N | 50 | 50 |

*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).

## 5. Дискусија и заклучок

Кога зборуваме за стрес на работното место многу е важно да се истражат вистинските причинители за појава на стрес согласно работната организација во која работникот ги извршува задачите. Работната средина е средина на големи предизвици и средина каде работникот минува голем дел од својот ден, а способносите и вештините на работникот да се справи со истите се разликува од поединец до поединец. Начинот на кој е структурирана работата во една работна организација, можноста за напредување и усовршување, меѓучовечките односи во истата, зголемената одговорност на работното место или отсуството на истата, отсуството на награда и пофалба за успешно завршена работа, долгите работни часови, нејасно и несоодветно дефинирани работни задачи, нејасно дефинирани улоги на работникот при исполнувањето на истите, носењето на работата дома, несоодветна прераспределба на работните задачи и отсуството на вештини и способности кај работникот за успешно решавање на зададените работни задачи се само

дел од можните причинители кои можат да придонесуваат кон појавата на хроничен стрес кај работникот.

Во една работна организација како што е установа за вон-семејна заштита каде одговорноста на работното место, покрај одговорност кон администравниот дел од работата, подразбира и одговорност за корисници на услуги, потребно е изворите на стрес да се дефинираат и набљудуваат и од поинаква перспектива. Имено, тука веќе говориме и за меѓучовечки односи од поширок карактер каде покрај односите меѓу вработените влегуваат и односите меѓу корисниците на услуги и вработените. Задоволувањето на потребите на корисниците може да претставува интересен предизвик кој лесно може да се претвори во стресор, а особено кога грижата за луѓето е примарна цел во работата во установа од ваков вид. Носењето на работата дома може да се покаже како неизбежен елемент бидејќи подразбира постојан ангажман насочен кон изнаоѓање на соодветни, креативни и применливи решенија при справување со одредени предизвици кои можат да го олеснат животот на одреден корисник на услуги. Бидејќи работата на вработените во една установа за вон-семејна заштита во голема мера се потпира и на соработка со надворешни соработници, безбедност при работата, комуникацијата со државните институции, а секако и случувањата од приватниот живот кои ниту еден поединец не може да ги отстрани како влијание од својот живот, на долг рок, ваквите стресори за вработените (секако, во зависност од личните способности и вештини за справување со стресори на секој вработен поединечно) може да се покажат како потенцијални стресори кај работниците кои можат да влијаат на квалитетот на извршување на работните задачи, квалитетот на личниот и професионалниот живот и на нивното здравје.

Имено, резултатот од пирсоновата корелација потврдува дека поврзаноста меѓу стресот и работниот стаж во установа за вон-семејна заштита е статистички значајна што укажува дека времето поминато во установа за вон-семејна заштита се одразува на нивото на стрес кој го доживуваат работниците во ваквите установи. Долготрајната изложеност на хроничен стрес води кон анксиозност, намалена волја и расположение, невротицизам и останати нарушувања во физичкото и менталното здравје кај вработените.

Грижата за корисниците на услуги во установите за вон-семејна заштита во многу аспекти е слична со грижата која секојдневно ја покажуваме кон лицата кои во нашиот живот заземаат место на дете, член на потесното семејство, член на поширокото семејство и слично. Од тие причини изнаоѓањето на вистинските причини за стрес во установите за вон-семејна заштита ќе придонесе кон изнаоѓање на соодветна стратегија за справување со истите што потенцијално ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живот и за вработените, но и за корисниците на услуги. Изнаоѓање и имплементација на соодветна стратегија за справување со стрес може да придонесе работникот, во склад со сопствените можности и интереси, да инвестира во континуирана надградба на личните вештини, способности и стратегии за справување со стрес и кои секојдневно ги употребува и на лично и на професионално ниво.

## Библиографија

[1] Centers for Disease Control and Prevention 1600 Clifton Road Atlanta, GA 30329-4027 USA– The National Institute for Occupational Safety and Health (NIOSH) во нивната публикација со број 99-101 насловена „STRESS…At Work“ https://www.cdc.gov/niosh/docs/99-101/default.html#:~:text=done%20about%20it.-,What%20Is%20Job%20Stress%3F,poor%20health%20and%20even%20injury.

[2] American Psychological Assotiation – APA Dictionary of Psychology

[3] https://dictionary.apa.org/stressor

[4] American Psychological Assotiation – APA Dictionary of Psychology

[5] (https://dictionary.apa.org/stress)

[6] USLegal - Seniority Law and Legal Definition – Additional Definitions Seniority

[7] https://definitions.uslegal.com/s/seniority/

[8] Mike Todorovic (PhD) & Dr. Matt Barton (PhD) are Senior Lecturers and Medical Researchers at Griffith University, Australia. Stress Physiology/Cortisol

[9] https://www.youtube.com/watch?v=T5ScIqPnqf8

[10] Mike Todorovic (PhD) & Dr. Matt Barton (PhD) are Senior Lecturers and Medical Researchers at Griffith University, Australia.

[11] Adrenocorticotropic Hormone (ACTH) | Adrenal Gland

[12] https://www.youtube.com/watch?v=FOxJIDCyaPY

[13] American Psychological Assotiation – APA Dictionary of Psychology

[14] (https://dictionary.apa.org/chronic-stress)

[15] Telomeric replication stress: the beginning and the end for alternative lengthening of telomeres cancers

[16] https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC8905155/

[17] Stress at Workplaces- An overview

[18] (https://www.researchgate.net/publication/282270203_Stress_at_Workplaces-_An_overview

[19] Тамара Мартиновска (2019), „Човечките ресурси во установите за социјална заштита и нивното справување со стресот", магистерски труд

[20] Закон за социјална заштита

[21] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# TERRORISM - FOREIGN FIGHTERS FROM THE WESTERN BALKANS

Ass. Prof. Dr.sc Aleksej Sopronov, Ass. Prof. Dr.sc Mirjana Jovanovska Stojanovska,

Ass. Prof. Dr.sc Vesna Blazevska

MIT - University - Skopje R. N. Macedonia

aleksejsopronov@gmail.com

## Abstract

The subject of study of this paper are foreign fighters with a particular focus on those from the Western Balkans and who pose a major global security threat to modern life. In my research, I will try to provide scientific discernment on the causes, motivations, the various micro and macro factors that contribute to people's radicalization, their socioeconomic background, and society's response to this phenomenon of foreign fighters.

The main purpose of this paper's research is to show the relation of foreign fighters who have returned to their former home countries with the dangers and threats they carry and the problems they may cause in today's modern living, as well as the appropriate social response to such challenges.

This specialist paper is intended to stimulate discussion and reflection on one of the most widely used concepts in the field of terrorism studies radicalization, deradicalisation and counter-radicalization derivatives, with a particular focus on participants taking an active part in the conflict between Syria and Iraq, originating in the Western Balkans. The processes of resocialization and reintegration are only part of the responses the criminal justice sector assumes as part of the responsibility the sector has in the overall approach to the phenomenon of foreign fighters.

Through this specialist paper, I will try to provide some answers to this issue, as our knowledge of this phenomenon is quite thin and should be strengthened by as much evidence-based research as possible.

**Keywords:** *foreign fighters, radicalization, deradicalization, Western Balkans, resocialization, reintegration*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ТЕРОРИЗАМ - СТРАНСКИ БОРЦИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Доц. д-р Алексеј Сопронов, Доц. д-р Мирјана Јовановска Стојановска,

Доц. д-р Весна Блажевска

МИТ - Универзитет - Скопје Р. С. Македонија

aleksejsopronov@gmail.com

**Апстракт**

Предмет на проучување на овој труд се странските борци со посебен фокус на оние кои потекнуваат од земјите на Западен Балкан и кои претставуваат голема глобална безбедносна закана за современото живеење. Во истржувањето ќе се обидам да дадам научна дискрипција за причините, мотивацијата, различните микро и макро фактори кои придонесуваат луѓето да се радикализираат, нивното социоекономско потекло, како и одговорот на општеството врз ваквиот феномен на странските борци.

Основна цел која треба да се постигне со истражувањето на овој труд е да се прикаже поврзаноста на странските борци кои се вратиле во нивните поранешни родни земји, со опасноста и заканите кои тие ги носат во себе и проблемите кои тие би можеле да ги предизвикаат во денешното современо живеење, како и соодветната општествената реакција која би следувала на ваквите предизвици.

Овој специјалистички труд наменет за стимулирање на дискусија и размислување за еден од најпознатите широко користени концепти во обласа на студиите за тероризам радикализација и деривативи дерадикализација и контрарадикализација, со посебен осврт на учесниците кои земаат активно учество во конфликтот во Сирија и Ирак, а кои потекнуваат од земјите на Западен Балкан. Процесите на ресоцијализација и реинтеграција се само дел од одговорите кои ги превзема секторот на кривична правда, како дел од одговорноста што ја има овој сектор во севкупниот пристап кон феноменот на странските борци .

Преку овој специјалистички труд ќе се обидам да дадам некои одговори во врска со оваа проблематика , бидејќи нашето знаење во врска со овој феномен е прилично тенко и би требало да се зацврсти со што повеќе истражувања базирани на докази.

**Клучни зборови:** *странски борци, радикализација, дерадикализација, Западен Балкан, ресоцијализација, реинтеграција.*

## 1. Вовед

Темата за странските борци што се приклучија или се обиделе да се приклучат кон конфликтот во Сирија и Ирак за да се борат за различни (назначени терористички) групи, се пресели на врвот на политичките агенди низ целиот свет. Владите, безбедносните агенции, локалните заедници особено се загрижени за можната безбедносна закана што произлегува од овој феномен. Иако анегдотските докази покажуваат дека многу од странските борци немаат намера, ниту да отпатуват од Сирија / Ирак, ниту да преминат во други конфликтни зони во иднина, голем е бројот на оние кои би можеле да се вратат во нивните поранешни родни земји. Настаните како нападот врз вработените во францускиот магазин Чарли Ебдо во јануари 2015 година, како и големите париски напади од ноември истата година извршени од страна на лица поврзани со странските борци покажаа дека постои јасен (иако можеби преценет) безбедносен ризик поврзан со овој феномен.

Севкупно, постои широк спектар на странски борци со различни мотиви, почнувајќи од оние кои се наоѓаат во рана фаза на радикализација, кои сеуште не се вклучени во насилна екстремистичка активност, целосно радикализирани лица кои извршиле тешки дела и оние кои се разочарани или страдаат од психолошки и ментални проблеми, и пред, но и како последица на нивниот престој во конфликтната зона. Тие вклучуваат мажи и сѐ повеќе жени кои се претежно млади, вклучувајќи и малолетници. Овие фактори се од суштинско значење и треба да се земат предвид кога се разгледуваат можностите за интегрирање на рехабилитацијата како одговорот на кривичната правда кон странските борци.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

За да се справи со оваа закана, одговорот на криминалниот сектор – вклучувајќи го истражувањето, апсењето, задржување, прогонот, изрекување на казните и затворањето - се покажаа како многу важен инструмент во борбата на Европа за справување со оние што планираат да учествуваат или веќе учествувале во конфликтите во странство. Со зголемување на бројот на странските борци (повратници), правната мрежа е проширена за да се овозможи прогон на овие странски борци ,а со самото тоа се повеќе и повеќе лица најверојатно ќе станат предмет на кривични истраги. Во исто време , повиците за вклучување на рехабилитацијата , како дел од целокупниот одговор кон странските борци, станаа се погласни. Тие ја вклучуваат Резолуција 2178 (2014) на Советот за безбедност на Обединетите нации (ОН), која повикува на "развивање и спроведување на стратегии за прогонување, рехабилитација и реинтеграција на странските терористички борци."

Македонија во наредните четири години ќе се заштитува себеси и своите граѓани од растечките опасности што ги носат тероризмот и насилниот екстремизам, со два стратегиски пристапа што се сместени во два државни документа, насловени Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2018-2022) и Националната стратегија за борба против тероризам (2018-2022). Двата стратегиски документа се со важност до 2022 година и се изработени од Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.

Во државниот документ наменет за борба со тероризмот се истакнува дека и покрај досегашните успеси во борбата со тероризмот, заканите од него и натаму еволуираат и се приспособуваат на современите услови на живеење. Во него се наведува дека Македонија дејствува во спречувањето на опасностите што ги носат за земјата борците повратници од фронтовите на Блискиот Исток. Севкупно, од крајот на 2012-та до почетокот на 2016-та се проценува дека околу 1.000 лица од земјите на Западен Балкан патувале и престојувале во Сирија и во Ирак, дел и со своите семејства. Некои се приклучиле на Исламската држава (ИД), додека други се поврзале со Џабат Фатах ал-Шам (попознат како фронтот Ал Нусра, а сега новокомпониран како Хајат Тахрир ал-Шам). Овие поединци потекнуваат од Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, и Македонија, а бидејќи територијата на ИД е

ISSN: 1857-8128

намалена, некои од нив се вратија дома или заминаа во трети земји, додека, пак, некои загинаа на боиштата – се истакнува во документот.

Стратегијата напоменува дека за оваа закана безбедносните служби на земјата ги регистрираат заминувањата и враќањата на странските терористички борци, а институциите ќе ги интензивираат регионалните и меѓународните напори насочени кон кривично гонење на потенцијалните борци и на повратници од Сирија и Ирак. Екстремистичките групи како ИСИС, Боко Харам, ал-Шабаб и други, во многу случаи вршат неселективно насилство и ги прекршуваат човековите права. и покрај нивните нечовечки постапки, овие групи сепак успеваат да привлечат следбеници, што значи дека борбата против нив не може да се ограничи само на сузбивање на нивните терористички напади, туку и со искоренување.

## 2. Теоретско определување на предметот на истражување

Основна цел која треба да се постигне со истражувањето на овој труд е да се прикаже поврзаноста на странските борци кои се вратиле во нивните поранешни родни земји, со опасноста и заканите кои тие ги носат во себе и проблемите кои тие би можеле да ги предизвикаат во денешното современо живеење, како и соодветната општествената реакција која би следувала на ваквите предизвици.

Процесите на ресоцијализација и реинтеграција се само дел од одговорите кои ги превзема секторот на кривична правда, како дел од одговорноста што ја има овој сектор во севкупниот пристап кон феноменот на странските борци . Ресоцијализација може да се опише како "намерна, планирана интервенција, која има за цел да ги промени карактеристиките на сторителот (ставовите, когнитивните вештини и процеси, личното или ментално здравје и социјалните, образовни или стручни вештини) за кои се верува дека се причина за криминалното однесување на поединецот, со намера да се намалат шансите да поединецот повторно стори кривично дело.

Програмите за ресоцијализација и реинтеграција повлекуваат и когнитивен елемент (промена на верувања и ставови, кои често се нарекуваат дерадикализација) и елемент на однесувањето (прекинување на насилни активности), често нарекувано исклучување. Лицата кои се исклучуваат (desengaged) можеби ќе се откажат од патот на насилството, но се уште ги задржуваат нивните верувања. Програмите за ресоцијализација имаат за цел да ја олеснат транзицијата на поединецот назад во општеството.

Прифаќајќи дека не постои општа прифатена дефиниција за странски борци и дека проблемите со кои се соочуваат политичарите во контекст на странските борци не се однесуваа само на оние што се борат во странство, се зема широка дефиниција на терминот. Тој се фокусира на лица кои доаѓаат во контакт со домашниот сектор на кривичното право преку судење или со тоа што се под директна истрага за активност поврзана со странски борци, за (1) планирање учество или учество во конфликт во странство со цел да се придружат или да ги поддржат назначените џихадистички терористички организации, (2) оние кои се враќаат од конфликтните зони и за кои постои сомнеж дека придружувале или поддржувале одредена џихадистичка терористичка организација или (3) оние кои патуваат за вакви цели со престој во одредени земји.7 Исто така вклучени во оваа дефиниција се оние кои (наводно) ги поддржуваат странските борци,на пример, лица кои регрутираат, поттикнуваат, финансираат или на друг начин даваат поддршка во овој поглед. Фокусот е на тековниот бран на лица во контекст на Сирија / Ирак, но може да биде исто толку применлив и за странските борци во други контексти.

Не постои заеднички профил на странски борец. Нивните карактеристики се разликуваат од земја до земја, како и во рамките на земјите, регионите и градовите или локалните заедници. Сепак, голем број студии за лица за кои се знае дека се оддалечиле во Сирија / Ирак идентификуваа некои значајни и заеднички показатели, од кои некои се релевантни во контекст на овој попис на политиките. Генерално, најголем број од странските борци се млади, помеѓу 16-29 години , но регрутирањето на терористички организации, оди дотаму што вклучува дури и помлади лица на возраст под 16 години.8

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Во однос на психолошката состојба на странските борци според некои студии, голем број странски борци се проценува дека страдаат од проблеми со менталното здравје, дури и пред да заминат на странските боишта.9 Оние кои се враќаат можат да имаат многу различни профили , за разлика од состојбата во која се наоѓале пред заминување; на пример, тие имаат поголеми шанси за страдање од посттрауматско стресно нарушување (ПТСН), поради нивниот често продолжен престој во конфликтна зона, каде што веројатно биле изложени на трауматски искуства.

Без разлика дали биле вклучени во борбата, ова изложеноста може да оставила траума, и нивната толеранција за насилство би можела да се зголеми. Холандскиот координатор за безбедност и контратероризам предупредува дека "овие луѓе не се враќаат само со радикални идеи, тие се трауматизирани и целосно подготвени да користат насилство". Ова, се разбира, не е за сите повратници. Тие исто така можат да се вратат разочарани, ослободени и дерадикализирани. Во некои случаи, дерадикализираната индивидуа, исто така, може да се рерадикализира.

### 3. Операционално определување на предметот на истражување

Во рамките на овој труд ќе се истражуваат странските борци што се приклучија или се обидуваат да се приклучат кон конфликтот во Сирија и Ирак (процесите на нивна радикализација, дерадикализација, ресоцијализација), а посебен акцент ќе се стави на борците кои потекнуваат од Западен Балкан, и заканите и опасностите кои со нив ги носат, после враќањето во нивните родните земји.

Со оглед дека тероризмот зазема се поголем замав, проширувајќи го својот домен на делување во скоро сите држави во светот, во рамките на операционалното определување на предметот на ова истражување ќе се анализира профилот на феноменот СБ од Западен Балкан, неговата мотивација, социоекономското потекло, финансирањето, како и причините поради кои се одлучуваа да се радикализира.

ISSN: 1857-8128

Посебно внимание ќе се обрне на повиците за интегрирање на рехабилитацијата, како дел од целокупниот одговор на државите во борбата против ваквиот феномен на странските борци.

На европско ниво, различни органи преземаа ветувачки мерки за интегрирање на рехабилитацијата во кривични постапки, вклучително Советот на Европа, кој треба да го да го следи примерот, имајќи предвид дека рехабилитацијата ги надополнува нивните приоритетни области за зајакнување на напорите за спречување и сузбивање тероризмот во рамките на човековите права и владеењето на правото и важноста од градење отпорност на локалните заедници кон радикализација и екстремизам, соодветно.

## 4. Цел на трудот

Научната цел да трудот е да се проучат и подобро да се објасни феноменот "странски борци", да се прикажуваат научно-оправдани податоци за поврзаноста на странските борци кои се вратиле во нивните поранешни родни земји, со опасноста и заканите кои тие ги носат во себе и проблемите кои тие би можеле да ги предизвикаат во денешното современо општествено живеење.

Аналитички да се претстави заканата за безбедноста на национално, регинално, и глобално рамниште и како национално стратешки инструменти на моќ можат да се искористат во борба со феноменот "странски борци".

## 5. Научна и општествена оправданост

Научна и општествена оправданост на трудот се темели на појдовна основа со која се докажува дека повратниците неминовно доаѓаат во судир со правниот поредок на секоја држава како мошне опасен извор на загрозување на националната безбедност.

Истражување на методите и средствата на делување врз радикализацијата, дерадикализацијата и контрарадикализацијата во голем број државите во светот,

следствено и во земјите од Западен Балкан, е проблем кој се почесто станува предмет на расправа меѓу експертите од оваа област. Предизвиците и опасностите кои со себе ги носат ‘борците’ повратници и современите методи и техники кои ги користат за деструктивно да делуваат, се откриваат и разјаснуваат преку анализа на нивните дејствија во конкретни случаи на терористички акти, за да се даде одговор, што треба друго да се преземе за што поуспешна борба и подобри резултати во иднина.

Тука гледаме дека темата која ќе биде истражувана продира длабоко во прашањето на безбедноста, поттикнува нови начини и моменти кои треба да се истражуваат, сознајниот процес, како и добивање и користење на битните сознанија. Научната оправданост на истражувањето се состои во фактот што мултидисциплинарниот пристап во истражувањето ќе придонесе кон добивање на нови теоретски и емпириски сознанија, кои ќе можат да бидат искористени во научната практика и дефинирањето на одредени поими за кои во претходниот период во литературата има премалку информации, а кои ќе бидат од огромно значење за идните мерки и политики кои треба да се донесат во следниот период, во однос на оваа проблематика. Добиените научни знаења, ќе бидат искористени за подобрување на борбата против тероризмот и криминалот воопшто.

Општествената оправданост на ова истражување се гледа во веќе постоечките услови, можности и преземање дејствија на припадниците на безбедносните структури во креирање на одржливи методи и средства со кои тие се справуваат со феноменот на ‘странските борци ‘, радикализацијата, ресоцијализацијата и зајакнување на општата безбедност и благосостојба.

Од друга страна ќе овозможи основа за формирање на нови методи, дејствија, нормативни акти и подобрување на стратегијата за безбедност и одбрана на секоја држава посебно. Да се развијат делотворни, отчетни и сеопфатни владини и општествени капацитети и активности за превенција, заштита, гонење и одговор на радикализацијата и насилниот екстремизам што може да доведе до тероризам, во согласност со вредностите на државата, а со цел да се овозможи/промовира безбедна и просперитетна држава.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

На овој начин се посветува поголемо внимание на подобрување на подготвеноста за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризам со обезбедување (за државата и граѓаните) сеопфатни државни и општествени капацитети и способности за нивно превенирање. Овие капацитети и способности ќе бидат делотворни и отчетни, а во согласност со уставните, законските и процедуралните правила и вредности. Да се обезбеди и промовира безбедна, сигурна и просперитетна држава, преку координирани активности што превенираат, штитат, гонат и одговараат на заканите од тероризмот.

## 6. Идеологија на радикализам и екстремизам (странски борци)

Теророт и радикалицијата беа непознати концепти за луѓето што живееа во поранешна социјалистичка Југославија. Тоа беа нешта што едноставно не се среќаваа на овие простори.

Почнувајќи од раните 1990ти, искористувајќи ја економската и политичка нестабилност што настана по распаѓањето на социјализмот, многу странски исламски добротворни организации, главно од арапските држави, си го пробија патот до регионот и започнаа да проповедаат екстремистички идеи. Неисцрпните финансиски ресурси им помогнаа да допрат до целната група: главно сиромашните заедници. Повеќето вакви организации активни во регионот беа добротворни и немаа идеолошки намери. За жал, некои порадикални организации успеаја да го искористат ова како параван, да го зацврстат своето влијание врз Балканот и да се здобијат со следбеници. На пример, екстремизмот во Босна и Херцеговина доживеа значителен пораст за време на босанската војна кога неколку илјади Муџахедини се приклучија кон страната на Бошњаците.

Во моментов, Баканот е регион потенцијално загрозен од феноменот на странски борци и насилен екстремизам. „Комисијата 9-1110" уште во 2010г. предупреди дека земјите од Балканот се соочуваат со предизвици како резултат на присуството на екстремистички групи дури и пред појавата на ИСИС.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Сепак, интересно е да се забележи дека доколку од равенката ги извадиме теористичките напади поврзани со вооружените судири што се случија во земјите наследнички на поранешна Југославија, може да се каже дека не се забележани голем број напади. Исто така, кога овој вид напади веќе и биле.

## 7. Спротивставување на насилниот екстремизам на Западен Балкан

Повеќето од земјите на Балканот презедоа слични чекори кон градење на ефективен пристап за справување со феноменот на странските борци. На пример, секоја од земјите го криминализираше учеството во странски војни, Албанија и Босна и Херцеговина направија промени на Кривичните законици во вооружени конфликти надвор од границите на државата, Косово го криминализира учеството во 2014 година со цел да бидат во можност да ги гонат лицата кои учествуваат во вооружени конфликти надвор од границите на земјата во април 2015[45], додека Македонија усвои законски измени во септември 2014[46] година, но не презема конкретни активности до една година подоцна, во август 2015 година со полициската акција "Ќелија".

Криминализацијата на учеството во странски војни беше проследено со слични интервенции на полицијата во регионот на Западен Балкан, како и првата судска пресуда која се случи во март 2015 година во Босна и Херцеговина, врз основа на кривично дело трговија со луѓе, бидејќи осуденото лице беше идентификувано како клучно лице во транспортот на новодојдените лица од Босна и Херцеговина во Сирија. Лицето беше осудено на затворска казна од шест години.

Иако овие полициски операции се случија веднаш по промените во законодавството, официјалните стратегии за СНЕ беа развиени многу подоцна во земјите од Западен Балкан. Албанија на пример ја усвои Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам кон крајот на 2015 година (криминализацијата се случи во 2014 година), Косово усвои стратегија за Спречување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам во септември 2015

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

година, пет месеци откако таа беше криминализирана, а Босна и Херцеговина усвои стратегија за спротивставување на тероризмот во 2016 година.

Ова покажува разлики во избраните пристапи во стратегиите прифатени од земјите од Западен Балкан, и покрај фактот што сите држави од Западен Балкан се членки на коалицијата против ИСИС, што ги прави подеднакво потенцијални цели на терористички напади. Некои од нив имаат усвоено стратегии за СНЕ (Косово и Албанија), додека другите (Босна и Херцеговина, Србија и Македонија) усвоија стратегии за спротивставување на тероризмот.

Зошто државите избрале да делуваат поинаку кон оваа закана не би можеле да кажеме со сигурност, но кога ќе се направи споредба државите кои усвоија стратегии за спротивставување на тероризмот гледаат на насилниот екстремизам како непосредна опасност, па така и стратегиите во голем дел се фокусираат на зајакнување на капацитетите на државите за спречување на напади или справување со последиците од истите.

Од друга страна, пак, земјите кои усвоија посебни стратегии за спротивставување на насилниот екстремизам заземаа попревентивен пристап и се свртија кон меки мерки со основна цел да активно изнесуваат контра-пораки и зајакнување на локалните заедници, и на тој начин давајќи му повеќе една социјална димензија на овој проблем. Се разбира, она што е на хартија и она што навистина се случува на теренот се две различни работи. На пример, во случаите на Косово и Албанија, бројот и големината на полициските акции против странските борци и регрутери беа доста големи по интензитет.

Иако опасноста од напади не може да биде целосно исклучена, постои често користен аргумент против ова тврдење дека нападите нема да се случат на балканска почва, бидејќи тоа може да има негативно влијание врз идните регрутирања на странски борци од Балканот.

Што придонесе за одлуките за донесување на стратегии за општо спротивставување на тероризмот во Македонија и Србија не може да се објасни само со назначување на еден или два фактори. Сепак, колку и да е тоа комплексно, влијанието

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

кое мигрантската криза ја имаше врз овие земји за да заземат дефанзивни ставови не може да се игнорира. Еден од напаѓачите во Париз на пример ја искористил балканската мигрантска рута за да стигне до ЕУ53, што резултираше со зголемена загриженост во Македонија, при што претседателот Иванов неколку пати алармираше за опасноста од можноста да екстремистите се помешаат со групите на мигранти.

И покрај тоа што е важно да се разговара за безбедносната димензија на протокот на мигранти и влијанието кое би можело да го има врз земјата, тешко е да се разбере зошто мигрантите кои во теорија се поврзани со екстремистите реално би претставувале закана за Македонија и нејзините граѓани, имајќи предвид дека поголемиот дел од мигрантите ја преминуваат границата на земјата во рок од 24-48 часа во зенитот на мигрантскиот проток. Со оглед на фактот дека еден од напаѓачите во Париз бил регистриран како барател на азил во Грција и Србија, недостатокот на проток на информации и неуспехот ефективно да се регистрираат мигрантите отсликува друга неефикасност кога се зборува за комуникацијата помеѓу балканските држави.

Исто така, по нападите во Париз во ноември 2015 година, државите во регионот ги зајакнаа своите безбедносни мерки со поставување на силно вооружен полициски и армиски персонал за да се заштитат виталните објекти, како што се аеродромите и државните институции.

Одлуката на Македонија, Србија и Босна и Херцеговина да го трасираат пристапот за работа на ова прашање преку донесување и надградба на општата стратегија за спротивставување на тероризмот е тоа дека може да се утврди дека во сите три земји социјалната кохезија се смета дека е кревка. Овие места во минатото често доживуваа меѓуетнички превирања, па довербата меѓу безбедносните институции и различните заедници се уште се смета за ниска.

## 8. Насилниот екстремизам со македонски корени

Изливот на странски борци не е нова појава во Македонија. Во последните неколку декади, мал број на државјани на Македонија заминале да се борат во странски војни. Постојат извештаи за лица кои им се имаат приклучено на групите што се борат во Авганистан, Пакистан и Босна и Херцеговина.56

Првите аларми во врска со насилниот Екстремизам се вклучија неодамна во Македонија кога почнаа да доаѓаат извештаи за македонски граѓани убиени во Сирија додека се бореле за екстремистички групи. Првиот случај македонски граѓанин да биде убиен додека се борел во Сирија се појави во мај 2013г57. и беше изненадување за пошироката јавност. 28-годинишниот Р.З. од село покрај Гостивар, бил убиен додека се борел за Џабат-ал-Нусра, сирискиот огранок на Ал-Каеда. Уште еден шок за јавноста дојде кога во едно од видеата обајавено од пропагандата на ИСИС од 12. јуни 2014, можеше да се види како група борци на ИСИС кинат нешто што наликуваше на пасоши (еден од пасошите беше македонски пасош како и два косовски пасоши) и како се откажуваат од нивните национални и етнички идентитети 58.

Овие борци претставуваат закана за земјите во кои се враќаат. Во својата анализа „Ги криминализиравме – што понатаму?59 Одговорот на Западен Балкан на заканата од странските борци", Андреја Богдановски наведува неколку причини зошто тие претставуваат закана.

Три од најважните прични се: можат да послужат како посредници за регрутација, се имаат стекнато со борбени и терористички вештини, и на крајот, можат да дејствуваат засебно. И покрај тоа што не секој од повратниците во своите земји ќе тргне по патот на насилството, ова прашање е нужно да биде покренато поради можната димензија на штетата која може да биде предизвикана.

Поголемиот дел од регрутацијата направена од групи како ИСИС не се изведува преку централизирано тело; таа се изведува на најниско можно ниво што е случај и со Македонија. Конечно, пресудно е да се спомене дека дури и доколку странските борци не

ISSN: 1857-8128

се вратат во своите земји тие се’ уште ќе претставуваат закана поради можноста да радикализираат други преку Интернет што може да се постигне од секоја точка во светот. Македонската стратегија кон ова прашање воглавно се фокусира на извршната и судската власт, со многу мала или никаква општествена (поширока) ангажираност. Понатака македонските власти имаат тендеција на проблемот да гледаат од безбедносен аспект. Ова се отсликува во фактот што не постои одделна стратегија за напори против насилниот екстремизам, туку поскоро се гледа на тоа како на дел од поширокта стратегија за борба против тероризмот.

Темата за радикализацијата и насилниот екстремизам е високо на агендата на државните институции. Претседателот Иванов после една од средбите со претставници од Исламската верска заедница во Македонија (ИВЗ) ја подвлече заканата од радикализација со која се соочува Македонија и додаде дека ограничените ресурси со кои располага Македонија се насочени кон справување со бегалците и мигрантите што им дозволува на македонските власти да се фокусираат само на спречување на ескалација или радикализација наместо да се занимаваат со искоренување на проблемот.

ИВЗ исто така јавно проговори против ИСИС, наведувајќи дека ИСИС не го претставува Исламот и дека ИВЗ отсекогаш била против војните. Таа ги осуди сите форми на насилство и екстремизам, додавајќи дека тероризмот, особено оној направен во име на религијата, нема да биде толериран.

Многу е важно да е подвлече дека бројот на странски борци од Македонија има тенденција на опаѓање. Ова делумно може да е резултат на тоа што главниот врбувач за ИСИС во Македонија, Реџеп Мемиши, е уапсен. Ова секако не значи дека екстремистичката идеологија не продолжила да циркулира. Веројатно е дека како резултат на владиното сузбивање на регрутацијата за екстремистичките групи, екстремистите почнуваат да дејствуваат тајно и, или започнуваат многу повнимателно да патуваат во Сирија и Ирак, или едноставно повеќе се фокусираат на зацврстување на локалната поддршка.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 9. Дефинирње на спротивставувањето на насилниот екстремизам/ Спречување на насилниот екстремизам

Спротивставувањето на насилниот ектремизам е сложен процес за кој е потребно учество од повеќе институции (државни, локални, религиозни), граѓанското општество и единиците на локалната самоуправа. Борбата против насилниот екстремизам бара сеопфатен пристап од сите релевантни актери, не само од безбедносните структури.

Само со таков сеопфатен пристап може да се откријат, а потоа и да им се обрне внимание на факторите коишто ги водат луѓето кон насилниот екстремизам. Во процесот на борба против насилниот екстремизам, клучна е соработката меѓу сите релевантни чинители. За оваа соработка да биде на потребното ниво, најпрво мора да постои одредено ниво на доверба меѓу засеганатите страни.

Кога се говори за борбата против насилниот екстремизам, првата асоцијација кај многумина е спроведувањето на законот и кривично-правниот систем. Клучен аспект на борбата против насилниот екстремизам е обновувањето на постоечките закони за подобро решавање на проблемот со странските борци и насилниот екстремизам, кој пак води до тероризам. Кривично-правниот систем мора да биде способен да одговори на активностите поврзани со тероризам преку фер и ефикасна истрага, кривично гонење и казна за акти на тероризам.

Исто така неопходно е да се има пристап којшто содржи превентивни мерки, како што е гонење на лица за обид, соучество, финансирање, регрутирање и обука. Иако спроведувањето на законите секогаш е важно, превентивните мерки се подеднакво, ако не и поважни. Важно е многу повеќе внимание да се посветува на другите аспекти како што се „градење на отпорноста на заедницата кон радикализацијата, сузбивањето гласини, промовирањето на улогата на младите и жените како лидери во граѓанското општество, [и] подигањето на улогата на умерените религиозни струи". Ова е значајно, бидејќи им отежнува на екстермистите да му пристапат на населението и да регрутираат луѓе за своја кауза.

## 10. Правната рамка за борба против насилниот екстремизам во Македонија

Креаторите на политики во Македонија, во насока со земјите од Западен Балкан и другите европски земји, одлучија да ги ажурираат своите закони за да можат соодветно да се спротивставаат на регрутацијата на странски борци.

Иако правната рамка во Република Македонија пред ревизијата содржеше одредби за борба против тероризмот, немаше посебни одредби со кои се криминализира учество и регрутирање за странски војски. Македонското законодавство кое ја покрива областа на тероризмот главно доаѓа од Членот 394-а, 394-б, 394-в од Кривичниот законик и Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Со разгорувањето на војната во Сирија, појавата на странски борци стана важно прашање и земјите од целиот свет започнаа да се соочуваат со проблемот кога нивни граѓани им се придружуваат на овие групи. Спротивставувањето на појавата на странските борци и насилниот екстремизам стана врвен приоритет на меѓународната заедница. Затоа е важно да има измени и дополнувања на постоечките закони кои конкретно ќе го решаваат прашањето со странските борци.

Согласно измените усвоени на 3. септември 2014г., член 322-а од Кривичниот законик сега гласи: Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години. Законот не важи ретроактивно. Во случајот на Босна и Херцеговина, затворската казна варира од не помалку од 3 години за приклучување кон странски групи, до 1-10 години за регрутирање на таквите групи68, додека во Косово е повисока и достигнува и до 15 години затвор.

Овие законски одредби не се однесуваат на лицата носители на државјанство од земјите во чии воени или полициски формации учествуваат, или пак на македонските

државјани кои земаат учество во воена формација под контрола на меѓународно призната влада или меѓународна организација.

Сепак, борците кои им се приклучуваат на умерените бунтовници во Сирија, како оние што им се приклучија на армиите на Националната коалиција на сириските револуционерни и опозициски сили, кои се признаени како легитимен претставник на сирискиот народ од 89 земји, но не и Македонија, ќе се соочат со истите правни последици како оние што се приклучуваат на екстремистички групи. Важно е законодавството да биде флексибилно и во тек со најновите случувања од боиштата во светот кога станува збор за појавата на странски борци, поради сложеноста на ситуацијата.

Постојат неколку случаи каде јавните обвинители на земјите од ЕУ дури и им дозволија на своите граѓани да се приклучат на групи коишто се борат против ИСИС, во еден од овие случаи неколку членови од моторџиската група од Холандија, наречена „Нема предавање" им се приклучија на курдските сили Пешмерга во Ирак.

Со цел да се спречат идните странски борци да се придружат на борбите, македонските власти не дозволуваат патувања надвор од земјата на лица за кои постои сомневање дека имаат врски со странски екстремистички групи.

Стратегиите на Македонија и другите земји од Западен Балкан, претежно се фокусираат на извршната и судската власт, со малку или воопшто внимание кон заедниците односно пошироките општествени чинители. Ова претставува предизвик, бидејќи не вклучува спречување на радикализацијата, туку се занимава во главно со последиците од неа. Вклучување на заедницата е потребно за изнаоѓање на коренот на проблемите, добивање увид во тоа зошто луѓето тргнуваат по насилни екстремистички патишта, како и можност да се работи на спречување на радикализацијата.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

## 11. Странски борци

### Странски борци во Сирија и Ирак од Западен Балкан

Не постои заеднички профил на странски борец, а нивните карактеристики се разликуваат од земја до земја, како и во рамките на земји, региони и градови или локални заедници. Сепак, голем број на студии за поединци за кои се знае дека отишле во Сирија / Ирак идентификуваа некои значајни и заеднички показатели, од кои некои се релевантни во овој контекст.

Прво, повеќето странски борци се млади, помеѓу 16-29 години - по општиот тренд од средината на 2000-тите години, но регрути на терористичките организациите стануваат и помлади - и вклучуваат дури и помлади лица на возраст под 16 години.

Соодветно на тоа, брзината со којашто поединците се радикализираат за време на тековниот бран на странски борбен феномен, обично е многу кратко, понекогаш трае само неколку недели.86 Ова значи дека, спротивно на постарите или подолго радикализирани странски борци, се смета дека младите странски борци ќе бидат "идеолошки неформирани" поединци, кои се подложни на идеолошки влијанија од страна на работодавците за патување во странство.

Една разлика се однесува на психолошката состојба на странските борци. Според некои студии, голем број странски борци се проценува дека страдаат од проблеми со менталното здравје, дури и пред да заминат за странски боишта.

Оние кои се враќаат можат да имаат многу различни профили за разлика од првиот пат кога заминаа; на пример, тие имаат поголем ризик од страдање од посттрауматско стресно нарушување (ПТСН) поради нивниот често продолжен престој во конфликтна зона, каде што веројатно биле изложени на трауматски искуства. Без оглед на тоа дали биле вклучени во борбата, оваа изложеност може да ги остави трауматизирани, и нивната толеранција за насилство би можела да порасне.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Холандскиот координатор за безбедност и контратероризам предупредува дека "овие луѓе не се враќаат само со радикални идеи; тие се трауматизирани и целосно подготвени да користат насилство ". Ова, секако, не е за сите повратници; тие исто така можат да се вратат разочарани, ослободени и де-радикализирани. Во некои случаи, де-радикализирана индивидуа, исто така, може да се ре-радикализира.

Севкупно, постои широк спектар странски борци со различни мотиви:

- почнувајќи од оние кои се наоѓаат во рана фаза на радикализација,
- кои сеуште не се вклучени во насилна екстремистичка активност,
- целосно радикализирани поединци кои извршиле терористички дела и
- оние кои се разочарани или страдаат од психолошки и ментални проблеми, и пред и како последица на нивниот престој во конфликтна зона.

Тие вклучуваат мажи, а сé повеќе жени; и се претежно млади, вклучувајќи и малолетници.
Овие фактори се од суштинско значење за да се земат предвид кога се разгледуваат можностите за интегрирање на рехабилитацијата во одговорот на кривичната правда кон странските борци.

И покрај тоа што заканата од насилниот екстремизам не е висока, многу е важно да се нагласи дека е во постојан пораст.

Еден скорешен настан којшто привлече внимание е одливот на странски борци од Западен Балкан главно кон боиштата во Сирија и Ирак. Поради сложеноста на појавата, тешко е да се даде точна проценка на бројот на странските борци кои доаѓаат од Македонија и остатокот од Балканот. Сепак, тие претставуваат закана за регионот што придонесе надлежните органи на власта да усвојат нови регулативи за борба против насилниот екстремизам.

Според информациите добиени на 22 јуни 2016, од Претседателот на Македонија, Ѓорѓе Иванов, во Сирија има 110 борци од Македонија, 25 дополнителни веќе се водат како загинати, а 86 се повратници во Македонија. Тројца од странските борци од Македонија

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

се жени, додека други тројца во Сирија се имаат преселено заедно со потесните семејства. Според бројките кои ги дава „Соуфан Гроуп“, за Косово и Босна има 232 и 330 случаи, соодветно. Поради тоа, прашањето на насилниот екстремизам и странските борци е поставено високо на агендата на Македонија и останатите балкански земји.

Овие бројки можеби се чинат високи, но мора да се запомни дека во земијте од Западен Балкан живеат вкупно 6,5 милиони муслимани. Ова покажува дека, изразена во проценти, бројката на балканските муслимани кои им се приклучуваат на ваквите групи не е премногу алармантна.

Во „Извештајот за изнаоѓање на причините и последиците вклучувањето на граѓаните на Косово како странски борци во Сирија и Ирак“ на Косовскиот центар за безбедносни студии, наведени се податоци за бројот на странски борци кои доаѓаат од земјите ширум светот Косово и Босна имаат 125 и 85 (соодветно) странски борци на еден милион жители.

Ова ги поставува овие две земји на највисок ранг на листата на Косовскиот Центар за безбедносни прашања. Сепак, кога бројот на странски борци ќе се пресмета по глава на жител муслиманска популација (на милион жители), Косово и Босна и Херцеговина не се вбројуваат ни во првите десет од истата листа.

Интересен е феноменот што на почетокот, некои од борците од Западен Балкан всушност и не се приклучуваат поради религиозни побуди, како што најчесто се претпоставува, туку всушност се приклучуваат од солидарност во борбата против режимите во Сирија 92 кои ги сметаат за деспотски. Токму затоа, тие бараат поумерени групи, како на пример Слободната сириска војска.

Борците кои им се приклучуваат на екстремистичките групи како ИСИС или Џабат-ал-Нусра се осудени и од политичките и од религиските авторитети на Западен Балкан. Поглаварот на Босанската Исламска заедница, Хусеин Кавазовиќ, осудувајќи ги постапките на ИСИС вели: „не останува ништо друго освен да се осудат овие злосторства“ и побара од босанските власти да им ги одземат државјанставата на босанските борци во ИСИС.

Исламската верска заедница во Македонија исто бргу ги осуди нападите врз Чарли Ебдо истакнувајќи дека: „[Овие] напади немаат ништо заедничко со Исламот. Веруваме дека во светот не постои таква религија која би можела да ги оправда ваквите постапки“, Закани во регионот како последица на феноменот Странски борци:

- Политички контекст (неуспех на државата, замрзнати односи, конфликти, лошо владеење, корупција, недостаток на перспектива ...)
- Повратници и "непридржувани" борци
- Паралелни структури и наратив на ИСИЛ
- Улогата на дијаспората
- Ситуација во затворите, недостаток на програми за рехабилитација и реинтеграција
- Влијанието на странските влијанија
- Крајната цел на Салафи во регионот

За да се справи со оваа закана, одговорот на секторот за кривична правда се однесува на процесот на истражување, апсење, задржување, гонење, изрекување казни и затворање – кои се покажаа како многу важна алатка во Европа за справување со оние кои планираат да учествуваат или веќе учествувале во конфликти во странство. Со зголемувањето на бројот на странските борци (повратници), и правната мрежа станува поширока за да се овозможи гонење на овие странски борци, следствено на тоа се повеќе и повеќе поединци најверојатно ќе станат предмет на кривични истраги.

## 12. Концепти на меѓународна соработка за Западен Балкан (странски борци)

Подолу се наведени најважните меѓународни инструменти за меѓуародна правна помош и тие се применливи за мноштвото од државните партнери:

- Европската конвенција за екстрадиција(1957 )
- Дополнителен протокол кон Европската конвенција за екстрадиција (1975)
- Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните работи(1959)

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

- Дополнителен протокол кон оваа конвенција (1978)
- Втор дополнителен Протокол кон истата Конвенција(2001)

Како дополнение кон наведените инструменти склучени се билатерални договори за меѓусебна правна помош меѓу државите од регионот на Југоисточна Европа. Сепак, мора да се забележи дека одредбите од Договорите за меѓусебна правна помопш се екстремно комплексни документи за чија имплементација е потребно високо специјализирано практично знаење. Најдобрите практики и насоки за оваа имплементација се дадени подолу.

Моделот на ЕУ е од особена важност од аспект на процесот на стабилизација и асоцијација и обезбедува цврст пристап за борба против сите форми на нелегална миграција. Во делот што следува направен е осврт на главните инструменти на меѓународната соработка на меѓнародно ниво и на ниво на ЕУ.

Постојат повеќе концепти на меѓународна соработка:

- Заемна правна помош;
- Меѓународна полициска соработка;
- Меѓународна судска помош;
- Меѓународна царинска помош;
- Директна оперативна помош во фазата на истрагите.

## 13. Содржина на меѓународната полициска соработка

Полициската соработка се однесува на размена на информации помеѓу националните и локалните органи од различни држави, вклучувајќи ги и заедничките операции, контроли и планирањето и изведувањето на координирани акции против криминални активности. Таа размена на информации се однесува на оние информации кои се поврзани со потенцијални извршители на кривични дела. Иако има измени во ЗКП

сепак некои земји сеуште не го имплементирале целосно одредбите запреземање на целосната улога на Јавниот обвинител во предистражна и истражна постапка.

Заедничките операции со полициските органи на други држави се оденсуваат на собирање информации, откривање локации за извршување на кривични дела, каде полициските службеници од една држава активно учествуваат во операциите кои се изведуваат во друга држава. Таквата соработка е официјализирана со Конвенцијата на ОН од 1988 година.

За успешна меѓународна полициска соработка големо значење имаат меѓународните обуки на кои:

- Полицијата ќе се запознае со правните принципи и процедури, работните методи во други земји;
- Ќе се воспостават персонални врски меѓу полициските офицери;
- Ќе се зголеми разбирањето за културните разлики и компетенции за меѓукултурна соработка.

## 14. Национален коодринатор за борба против тероризмот

Со цел подобро да се одговори на сложеноста на борбата против тероризмот и екстремизмот, македонските власти основаа координативно тело за борба против тероризмот. Координативното тело е осмислено како независен орган којшто ќе работи на борбата против тероризмот и ќе има вработени од различни институции (МВР, Агенцијата за разузнавање, Воената разузнавачка служба, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Јавното обвинителство) кои работат во него и разменуваат знаења, искуства и информаци. Ова тело ќе работи на препознавање на облиците на терористичките закани за Македонија и ќе одлучува какви мерки треба да се преземат како одговор.

На 15. март 2016 година од страна на Владата беше одобрена Националната стратегија за борба против тероризмот. Главен предизвик може да биде фактот што не постои посебна стратегија за борба против насилниот екстремизам бидејќи координативното тело за борба

против тероризмот ја сместува борбата против насилниот екстремизам во рамките на општата стратегијата за борба против тероризмот. Овој пристап на секјуритизација на проблемот може да се покаже како препрека за долгрочните напори за борбата против насилниот екстремизам. Понатака не се забележани значителни напори за „разбивање на митовите“ и за подигање на свеста по однос на ова прашање, што исто така беше забележано во извештајот на Стејт департментот за државата во врска со тероризмот од 2015 година.

Позитивно е тоа што во стратегијата постојат планови за вклучување и на други релевантни државни институции, како Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика, граѓанското општество и верските институции во акциониот план на кој работи ова тело. Тоа е охрабрувачки знак, бидејќи ја признава важноста на овие субјекти.

Исто така, охрабрувачки е тоа што властите имаат намера да работат со “ненасилни радикали”, кои можат да бидат од голема помош во процесот на борба против насилниот екстремизам. Друг позитивен развој е тоа што националното координативно тело за борба против тероризмот исто така планира да препорача мерки за ресоцијализација и реинтеграција на насилните екстремисти, како и едукација на државните службеници кои работат во секторот за образование и воспитно-поправните установи. Во моментов позицијата на директор на националното координативно тело за борба против тероризмот е испразнета, а нема информации за тоа дали ќе се пополни во скоро време.

## 15. Агенција за разузнавање

Агенција за разузнавање (АР) е македонската агенција за собирање информации вон територијата на Македонија и тоа информаци од важност за безбедноста на земјата. АР е вклучена во борбата против насилниот екстремизам и собира информации за македонски државјани кои патуваат со цел да им се приклучат на странски воени или паравоени формации и меѓу другото го проценуваат и ризикот на странските државјани

поврзани со екстремистички групи да патуваат кон Македонија. Доста е важно соработката на АР со Агенција за национална безбедност (АНБ) и МВР (Министерство за внатрешни работи) да биде на соодветно ниво, за последниве да можат навремено да постапуваат по сознанијата прибавени од АР.

АР со години ја следи самата динамика на радикализација и радикализацијата на насилниот екстремизам и со таа цел има основано засебно одделение. АР добива информации преку билатерална соработака со партнерските и пријателските агенции и со мултилатерална размена меѓу разузнавачката заедница во југоисточна Европа. Кога АР ќе добие дојава за македонски граѓанин во Сирија им ја пренесува информацијата на Агенција за национална безбедност (АНБ) и МВР (Министерство за внатрешни работи), доколку е тоа дозволено во рамките на правилата на работа и споделување информации со странските агенции.

Според АР, споделувањето информации за странските борци и насилните екстремсти во регионот е на солидно ниво, што не може да се каже за споделувањето на друг вид информации.

## 16. Ресоцијализација и реинтеграција на повратниците

Еден од најголемите предизвици со појавата на странските борци е што да се прави со овие лица кога тие ќе одлучат да се вратат дома. Стравувањата дека овие лица претставуваат закана за општеството порастнаа по нападите спроведени од страна на поранешни странски борци, како што беше нападот врз еврејскиот музеј во Брисел на 24-ти мај 2014 година, спроведен од страна на Французин кој мина една година борејќи се во Сирија.

Една од главните потешкотии со оваа тема е фактот дека тоа го поларизира општеството во целина. Постојат такви кои веруваат дека поранешните странски борци не можат да бидат реинтегрирани во општеството, па дури и повикуваат на забрана за нивни

влез во земјата. Спротивно на тоа, постојат и оние кои веруваат дека овие лица можат целосно да бидат реинтегрирани во општеството.

Бројот на поранешни странски борци и насилни екстремисти кои се враќаат во Македонија е во пораст, со тоа што бројот е 86111 лица до јули 2016 година. Поради тешкотијата на прибирање докази за индивидуите кои патувале во Сирија, она што на пример би можело да се користи на суд е често ограничено. Како резултат на тоа, обвинителството не секогаш може да поднесе тужба, или понекогаш, обвиненијата се отфрлаат заради отсуство на силни докази.

Процесот на ресоцијализација и реинтеграција нуди алтернативна опција за оние лица кои не можат да бидат кривично гонети, но се уште се сметаат за опасност да бидат насилни екстремисти. Покрај тоа, овој процес е важен не само за луѓето кои не можат да бидат кривично гонети, туку и за луѓето кои се осудени на затворска казна. Овие лица може да се обидат да ги шират своите насилни идеи во затвор, и се уште можат да претставуваат закана кога тие на крајот го напуштат затворот.

Ресоцијализација може да се опише како "намерна, планирана интервенција, која има за цел да ги промени карактеристиките на сторителот (ставови, когнитивни вештини и процеси, личносно или менталното здравје, и социјални, образовни или стручни вештини) за кои се верува дека се причина за криминалното однесување на поединецот, со намера да се намалат шансите да поединецот повторно ќе стори кривично дело".

## 17. Релевантност, бенефити и принципи за рехабилитација на странски борци

Соочувајќи се со ваквите предизвици, употребата на програмите за рехабилитација станува клучна и како алтернатива и како дополнување на гонењето на странските борци. Постојат бројни причини зошто вклучувањето на рехабилитацијата како дел од одговорот на странските борци (од кривично-правниот сектор) е корисно:

- Мотивите на странските борци за патување во странство, како и за враќање се разликуваат. Бидејќи дел од странските борци сè уште се "идеолошки

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

неформирани", тие најверојатно ќе бидат поподложни на влијанието на психолошкиот третман во поставувањето на рехабилитација.

Слично на ова, рехабилитацијата обезбедува начин да се справат со оние кои станаа разочарани во текот на своето време во зоната на конфликтот, или оние чии основни мотивации биле поврзани со монетарната добивка или потрага по авантура.

Вратени странски борци кои страдаат од ПТСН, траума или други проблеми со менталното здравје бараат соодветен пристап за рехабилитација, а не (само) кривично правда одговор за решавање на потенцијално сериозни здравствени проблеми.

- Со оглед на тоа што затворите се сметаат за инкубатори или акцелератори за радикализација , рехабилитацијата обезбедува средство за справување со радикализацијата на затвор, преку обезбедување на програми во затворски услови или како алтернатива.
- Бидејќи судското гонење странски борци за насилни екстремистички прекршоци останува предизвик, на пример поради тешкотиите за добивање на докази, програмите за рехабилитација можат да обезбедат прагматична алтернатива за оние кои не можат да бидат кривично гонети.
- Обезбедувањето на поединци со "втора шанса" е клучен елемент на едно демократско општество каде што "поединците треба да имаат право да бидат" пренасочени "од нивната претходна траекторија кон повеќе легитимни активности". Ова, пак, е дел од веродостојно, алтернативен наратив на екстремистичките групи и придонесува кон градење доверба и може да поттикне отпорност и отпор кон патувањето кон (идни) странски конфликти, како и ограничувачки основи за (понатамошна) радикализација.
- Рехабилитирани странски борци можат - или за време на нивната рехабилитација процес или како дел од поопштата контра-наративност имаат важен позитивен ефект да инспирираат или да им помогнат на екстремистите да ги напуштат своите екстремистички средини.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Програмите за рехабилитација би можеле да им понудат на поединците излез од терористичките мрежи. Рехабилитацијата претставува важна алатка за кршење на кругот на (потенцијално) насилство за оние кои не гледаат можност да го сторат тоа без надворешна помош.
- Конечно, рехабилитацијата, исто така, може да даде важни согледувања во поширокиот контекст на феноменот на странски борци, преку обезбедување на информации за различни видови и мотивации на странски борци.

Севкупно, програмите за рехабилитација треба да бидат суштински и составен дел од сеопфатен пристап кон странските борци, бидејќи тие најверојатно ќе го зголемат долгорочниот успех на сеопфатен безбедносен пристап - на странските борци, но исто така и на насилниот екстремизам воопшто. Фокусирајќи се тесно на пристапот со една големина, одговарајќи на сите, каде што затворските казни се единствената и крајна цел, не се осврнува само на разновидните мотивации што ги имаат странските борци, туку уште поважно, не успева да се осврне на тоа дека секоја ефективна безбедносна стратегија треба да се заснова на овие разлики.

## 18. Истражувачки резултати

Табеларен приказ на бројот на странски борци во ИСИС кои заминале од Балканските држави Албанија, БИХ, Македонија, Србија, Косово, Ц. Гора во периодот од 2012 до 2016 година, како и бројка на лицата кои се вратени назад.

| Странски борци во ИСИС од Балкан | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земја | Алб. | Бих | Мак. | Срб. | Кос. | Ц. Гора |
| заминати 2012-16год. | 140 | 240 | 140-150 | 43-100 | 316 | 20 |
| Вратени | 44 | 56 | 72-86 | 11 | 117 | / |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

На горниот табеларен преглед се претставени статистички податоци за бројот на борци од Балканот кои заминале на боиштата во Сирија/ Ирак да се борат на страната на Исламската држава во периодот од 2012 до 2016 година. Бројката варира од држава до држава со тоа што од Ц. Гора има 20 борци, потоа следува Србија 43-100 борци, Македонија 140-150 борци, Албанија 140 борци, БиХ 240 борци и рекордерот Косово по бројот на борци 316. Како што може да се забележи од табеларниот приказ бројот наборци вратени во матичните држави се движи од 11 Срби, 44 борци од Албанија, 72-86 борци од Македонија, 56 од БиХ, 117 од Косово, а додека за Ц.Гора нема информации за повратници.

**Графички приказ бр. 5**



MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Табеларен приказ на статистички податоци поврзани со полициските акции Ќелија1, Ќелија 2 и Ќелија 3, во периодот од 6 август 2015 до 12 август2016 година.

| полициска акција ќелија 1,2,3 | | | |
|---|---|---|---|
| | **ќелија 1** | **ќелија 2** | **ќелија 3** |
| **време** | 6 август 2015 | 9 јули 2016 | 12 август 2016 |
| **уапсени** | 9 лица | 5 лица | 5 лица |
| **недостапни** | 27 лица | 2 лица | / |
| **осудени** | 11 лица | 7 лица | нема |
| **затворска казна** | 49 години | 45 години | / |
| **возраст** | 22-38 год. | 23-40 год. | 18-24 год. |

На горниот табеларен преглед се претставени статистички податоци за полициските акции Ќелија 1,2,3 и детали во однос на лицата кои беа вклучени во истите. Македонските власти како дел од борба против насилниот екстремизам спроведоа операција наречена „Ќелија1“. При оваа акција на 6. август, 2015г. беауапсени 9 лица под сомнение за организирање и регрутација на борци за странски војски. Дополнителни 27 лица беа недостапни, а за 20 се смета дека ѝ се придружиле на ИСИС во Сирија. МВР изврши рации во Скопје, Гостивар, Тетово, Куманово и Струга. Пребараа неколку приватни куќи, НВО-и, интернет кафе и џамија. Уапсија и оџа кој според полицијата е личноста којашто стои зад регрутирањето на борци за екстремистичките групи. Против овие лица беа поднесени соодветни кривични пријави, а подоцна и покренато обвинение, а тие се гонат за кривичното дело Учество во странски војски, полиции, паравоени и параполициски формации (член 322-а, став 9 од КЗ на РМ).

На 25. март 2016, 6 од осомничените во акцијата „Ќелија 1“ добија затворски казни. Сите шесторица се изјаснија за виновни и постигнаа спогодба со обвинителството. На 16

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

мај, пет други осомничени (Иса Фуга, Абдула Абдулахи, Ерол Рустеми и Стефан Стефановски) исто така се изјаснија за виновни, и покрај првичата изјава за невиност. Осудените лица се на возраст од 22-38 години, со вкупна затворска казна за сите обвинети во обој случај од 49 години. Реџеп Мемиши, 36, оџа во озлогласената џамија Тутунсус од Скопје. Осуден на 7годишна затворска казна за регрутација за странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Мемиши, женет со две деца, претходно нема кривично досие. Се смета за главен врбувач за ИСИС за Македонија.

Разноликоста на профилите на обвинетите во случајот „Ќелија 1“ покажува дека патот на насилниот екстремизам не е карактеристичен само за определени профили луѓе, со одредено минато. Ова во одредена мера ја разбива претпоставката дека насилните екстремисти и странските борци потекнуваат од сиромашните слоеви, недоволно се образовани и имаат криминални досиеја. Гледаме дека овие карактеристики не се правило, и покрај тоа што се точни во одредени случаи. Фактот што има доктор, државен службеник, златар, многу повозрасни и многу млади луѓе, покажува дека е погрешно да се прават стереотипи за одредена категорија луѓе.

„Ќелија 2“ специјалците ја разбија на 9 јули 2016 година, на 7 локации во Скопје и Тетово. Полицијата собра доволно докази со кои обвинетите беа доведени пред свршен чин да мора да признаат дека биле дел од терористичка организација надвор од Македонија. МВР немаше оперативни сознанија дека овие лица подготвувале терористички напади на територијата на Република Македонија, но со оглед на нивната воено – терористичка обука што ја имале во војските во кои се бореле, секако дека претставувале закана за Македонија и за земјите од регионот. Уште не седнати на обвинителна клупа, припадниците на „Ќелија 2“ ја признаа вината.Падна спогодбата меѓу обвинителството за организиран криминал и обвинетите за учество во терористичка организација. Спогодбата со обвинителство ја склучиле петтемина обвинети, се бараат уште двајца, кои според сознанијата на полицијата се уште се на боиштата на страната на џихадистите. Обвинетите кои се на возраст од

22-40 години, се гонеа за кривичното дело Учество во странски војски, полиции, паравоени и параполициски формации и осудени се на казна затвор од вкупно 45 години.

Акцијата "Ќелија 3" била спроведена во соработка на македонската и турската полиција, изведена на 12 август 2016 година во едно од собиралиштата на џихадисти лоцирано во населбата Аксарај. Во собиралиштето осомничените биле сместени заедно со уште четири лица од Албанија, Сирија, Палестина и Мароко и чекале поволни услови за трансфер во Сирија. При апењето две лица се обиделе да избегаат, при што се здобиле со тешки повреди. По апсењето лицата биле однесени во Прифатниот центар за странци во Истанбул.

Тројца од уапсените се од Куманово, а двајца од Скопје. Двајцата кумановци се на возраст од 21 и 24 година ,додека останатите три лица, едно од Куманово и две од Скопје на возраст од 18, 19 и 20 години.

По преземените активности и документирањето на настанот осомничените биле вратени во Македонија и против нив е поднесена кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации" согласно член 322-а став 9 од Кривичниот Законик на Република Македонија. По поднесувањето на кривичната пријава од страна на судија на претходна постапка на сите пет пријавени лица определена им е мерка притво. Министерството за внатрешни работи и во периодот што претстои продолжува со преземање на понатамошни мерки и активности за обезбедување на докази и против други лица вклучени во индоктринирање, помагање и логистика за испраќање на лица во редовите на муџахединските единици во Сирија и Ирак.

## 19. Заклучоци

Прашањето на странските борци не е нов феномен за Македонија. Македонските граѓани се приклучувале и бореле во странски војни во последните неколку децении, иако во многу мал број. Постојат случаи на поединци кои се приклучиле на групи кои се бореле

во Босна и Херцеговина, Авганистан и Пакистан. Последниот бран на странски борци, кој започна на крајот на 2011-та година со конфликтот во Сирија добива на интензитет, и е најмасовниот бран во поновата историја. Десетици илјади борци од целиот свет се приклучија кон различни фракции во војната во Сирија и Ирак.

Македонија и земјите од Западен Балкан, исто така беа погодени од овој феномен. Има 86 борци кои веќе се вратиле во Македонија од конфликтот во Сирија и во Ирак. 11 лица се осудени на затвор, благодарение на Операција Ќелија 1, а дополнителни 7 лица се осудени во операцијата Ќелија 2 која се спроведе на 9 јули 2016 .Во операцијата Ќелија 3, која се спроведе на 12 август 2016 уапсени се 5 лица. Повеќе од стотина лица од Македонија се се уште во Сирија/Ирак или биле убиени во борбите

Значајно е да се забележи дека во Македонија уште од првата полициска операција „Ќелија", бројот на македонските граѓани кои се приклучиле кон ИСИС или други формации во Сирија и во Ирак драстично опадна. Сепак, ова не значи дека екстремистичките идеи не престанаа да циркулираат. Многу е веројатно дека, како резултат на владините мерки за сузбивање на регрутирањето за странски групи, екстремистите се затскриени, и или веќе почнале да патуваат кон Сирија и Ирак многу повнимателно или едноставно се рефокусирани кон зајакнување на нивната домашна поддршка.

Борбата за спречувањето на насилниот екстремизам бара посебна Стратегија во која ќе се инволвираат на локалните заедници и поширок спектар на општествени чинители во целиот процес бидејќи тие можат да одиграат клучна улога во препознавањето и борбата против насилниот екстремизам. Пред се ова им се случува во нивните заедници, на луѓе кои се нивни роднини, нивни пријатели, другари и луѓе што ги познаваат. Затоа е неопходно да им се овозможи на заедниците да се опремат со правите алатки и вештини, како би можеле да се справат со оваа закана.

Друга работа на која треба особено да се обрне внимание е процесот на ресоцијализација и реинтегрирација на насилните екстремисти и странски борци. Во моментов во нашава земја не постои активна програма за ресоцијализација и реинтеграција на странските

борци кои се вратиле и кои би можеле, поради недостатокот на програми, во иднина да се вратат на бојното поле. Лицата кои биле осудени на казна затвор врз основа на насилниот екстремизам ќе бидат во контакт со општата затворска популација, која веќе е поранлива за радикални идеи отколку општата популација, и, најверојатно, ќе се обидат да им се доближат и да ги шират своите идеи, што претставува голема опасност за поширокатa заедница.

Насилниот екстремизам е глобален феномен и како таков тоа е опасна закана не само за Македонија, туку и за другите земји од Западен Балкан и Европа. Поради глобалната природа на феноменот, не е возможно за една земја да го реши сама. Затоа од суштинско значење е за да се има цврста соработка за ова прашање, особено меѓу земјите од Западен Балкан.

## Користена литература

[1] Reed, J. van de Zuijdewijn and E. Baaker(2015), "Pathways of foreign fighters : Policy options and their (un)intended Consequences", The international centre of counter-terrorisam,- The Hague 6 no.1 ,стр.264

[2] Angel Rabosha, Stassy l. Pattion, Jarremy J. Gas and Christofer Bucheck(2010), "Deradicalisatioin of Jihad exstremists" , RAND, Santa Monica , стр. 7

[3] А.П. Шмид (2011), Прирачник за истражување на тероризмот. стр. 5.

[4] Астрид Ботичер и Мирослав Мареш(2012)," Theorien Konzepte Formen :

[5] Analytica и Амбасадата на САД, „Assessment of Macedonia's Efforts in Oldenbourg Verlag", München Countering Violent Extremism, View from Civil Society," јуни 2016.

[6] Астрид Ботичер и Мирослав Мареш(2012)," Theorien Konzepte Formen : Oldenbourg Verlag", München

[7] Alex P. Schmidt(1983), " Political terrorism", Amsterdam

[8] Алисон Парџер(2008), "Радикален ислам во Европа",Марстон

[9] Ajzen, I. (1991)," The theory of planned behaviour: Organizational Behavior and Human Decision Processes ", Psychology Press

[10] Арнаудовски, Љ.(1993),Предавања на посдипломските студии на Факултетот за безбедност,Скопје.

[11] Andrews, D., Zinger, I., Hoge, R., Bonta, J., Gendreau, P., Cullen, F. (1990),“ Does Correctional Treatment Work? A Clinically Relevant and Psychologically Informed Meta-Analysis.” Criminology.

[12] Andrews & Bonta (1994),“ Muslims in Prison: Challenge and Change in Britain and France”, Journal of Offender Rehabilitation, Hamshire

[13] Bfv, BKA and HKE(2014), “ Analyse der Deutschen Sicherheitsbehorden”, Germany

[14] Bjørgo, T. and Horgan, J. (Eds.) (2009),“Leaving Terrorism Behind: Individual and Collective Disengagement.”, Routledge, London.

[15] Børgo & Horgan (2009),“Leaving Terrorism Behind: Individual and Collective Disengagement.”, Routledge, London.

[16] Бабовиќ. Б.,(1997), “ Полиција у светском поретку”,Неа, Београд,Vol. 99,No 1стр 68.

[17] Bjørgo, T. and Horgan, J. (Eds.) (2009),” Leaving Terrorism Behind: Individual and Collective Disengageme”, Routledge, London

[18] Berg, M. & Huebner, B.M. (2011),“Reentry and the Ties that Bind: An Examina tion of Social Ties, Employment, and Recidivism”. Justice Quarterly

[19] Cullen & Gendrau (2000), “Assessing correctional rehabilitation: Policy, practice, and prospects”, National Institute of Justice criminal justice, Washington, DC

[20] Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам (СНЕ) и радикализација која води кон тероризам 2015-2020(2015),Косово

[21] Собрание на Република Македонија(2014),” Извештај од собраниската комисија за политички систем и односи меѓу заедниците”, 2 септември, 2014

[22] D. Byman and J. Shapiro(2015), “Be Afraid, Be a little Afraid: The treat of terrorism from Western Foreign Fighters in Syria and Iraq “ ,Brokings Institutition Paper, стр.1

[23] Донатела Дела Порта и Гери ЛаФри(2012), гостински уредници: "Процеси на радикализација и дерадикализација", IJCV, Vol 6, No. 1, 2012

[24] Димовски З.(2007),” Тероризам”, Графотранс, Скопје

[25] Димовски З., Илијески И.(2011), “Меѓународен тероризам “,Просветно дело,Скопје

[26] Димовски З.,(2017), “Радикализација и дерадикализација”, Факултет за безбедност,20 септември 2017,Скопје

[27] Димитријевиќ, В.(1977), “Наместо на десницата, вината се префрла на левицата “, Студент бр. 19

[28] Фактографскиот извештај за реализација на мерките од Панот 3-6-9 во периодот од 04.07.2017 до 17.04.2018 година (стр.19) (Пристапено на 22.05.2018)

[29] Horgan, J. (2008),” Deradicalization or disengagement?”, A Process in Need of Clarity and a Counterterrorism Initiative in Need of Evaluation. Perspectives on Terrorism.

[30] Hagan, J. (1993),” The Social Embeddedness of Crime and Unemployment. Crim inology”, American Sociological Review

[31] Hirschfield, P.J. & Piquero, A.R. (2010),” Normalization and Legitimation: Mo delling Stigmatizing Attitudes Toward Ex-Offenders”, Criminology

[32] Ibid(2006), ‘Jihadism in Europe after the Invasion of Iraq: Tracing Motivational Influences from the Iraq War on Jihadism in Western Europe’, Studies in Conflict and Terrorism, Vol. 29, No. 4

[33] Johnson, B. R. (1987),” Religiosity and institutional deviance: The impact of reli gious variables upon inmate adjustment”, Criminal Justice Review.

[34] Joshua Sinai(2012), “Radicalisation into Extremism and Terrorism: A Conceptual Model”, The Intelligencer, Summer/Fall ,Vol 67, No3, стр. 18-22.

[35] J. Horney (Ed.)(2000),“ National Institute of Justice criminal justice 2000: Changes in decision making and discreti on in the criminal justice system”, Department of Justice, Washington, DC

[36] J. Bartlett,& C. Miller(2012), “The edge of violence: Towards telling the difference between violent and non-violent radicalisation”, Terrorism and Political Violence, Vol. 24, No. 1 стр.21.

[37] Котовчески М.(2003), “ Современ тероризам “, Македонска цивилизација, Скопје

[38] Knaap, L.M. van der, Leeuw, F. L., Bogaerts, S., & Nijssen, L.T.J. (2008),” C ombining Campbell standards and the Realist Evalution Approach:

[39] The best of two worlds?”, American Journal of Evaluation, Utrecht: ECOFYS Netherlands.

[40] Khan (2007),“From Theory Based Policy Evaluation to SMART Policy Design,Summary report of the AID-E E project, Utrecht, ECOFYS Netherlands.

[41] Лоренцо Видино(2010), "Ублажување на радикализацијата во Америка", Специјален извештај USIP број 262.

[42] М. Кроне и М. Хароу(2011), „Тероризам на домот на запад“, Тероризам и политичко насилство, Vol. 23,No.4, стр. 36.

[43] МВР, Информација добиена со примена на законот за пристап до информации од јавен карактер испратена на 22.03.2016, барање бр. 7410/2.

[44] Мала енциклопедија(1970), ИП Просвета, Белград

[45] National Coordinator for security and Counteterrorism(2013),” NCTV Maintains :Threat Level of Substantial”, Netherlands Ministry of Security and Justice Press Release

[46] Нон Хорган(2011), конференцијата на Националниот конзорциум за проучување на тероризмот и одговорите на тероризмот (СТАРТ) на Универзитетот во Мериленд

[47] Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам,

[48] Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам,

[49] Национална стратегија на Република Македнија за борба против тероризмот - Делот за спречување 3.1

[50] Neumann (2010), “Prisons and Terrorism: Radicalisation and deradicalisation in 15 countries”, The International Centre for the Study of Radicalisation and Political Violence, London

[51] Официјална веб страна на Владата – Седници на Влада (04.08.2017)

[52] Официјална веб страна на Владата – Борче Петревски(2018), Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам
[53] Pawson & Tilley (1997),"Evidencebased policy: A realist perspective", SAGE P ublications, London
[54] Pawson R, Greenhalgh T, Harvey G, Walshe K. (2005)," Realist review - a ne w method of systematic review designed for complex policy interventions, Journal of Health Services Research P olicy
[55] Paust, J.J.(1974), "Preliminary Thoughts- on terrorism- American Journal of International Law", No.3, стр. 502
[56] Пашански, М.(1987), "Современи камикази ", НИРО "Книжевне новине ", Белград
[57] Pawson, R. & Tilley, N. (1997), " Realistic Evaluation London", SAGE Publication, London
[58] Pawson & Tilley (1997)," Normalization and Legitimation: Modelling Stigmatizi ng Attitudes Toward Ex-Offenders", Criminology, Vol 48, No.2 Стр. 27
[59] Pawson (2006),΄From Prison to Work: The employment dimensions of prisoner re-entry", Urban Institute, Washington, DC.
[60] Pawson & Tilley (1997)," Realist review - a new method of systematic review designed for complex policy interventions", Journal of Health Services Research Policy
[61] Политички центар на САД(2011), " Група за подготвеност за национална безбедност: Спречување на насилна радикализација во Америка", Центар за двопартиска политика, Вашингтон
[62] Peter R. Neumann(2010), "The Concept of Radicalisation as a Source of Confusion", Terrorism and Political Violence, Vol. 22, No. 4, стр. 194
[63] Политичка енциклопедија(1975), Современа администрација, Белград
[64] R. Briggs Obe and T. Silverman(2014), "Western Foreign Fighters :Inovations of Responding to the Treat" , Institute for Strategue Dialogue ,стр.12.
[65] Radicalisation Awareness Network(2014), "Ran cities Conference Foreign Fighters", RAN conference Paper, стр.5.

[66] R. Briggs Obe and T. Silverman(2014), Western Foreign Fighters, SAGE Publications, London.

[67] R. Coolsaet (Ed.)(2011), “Jihadi Terrorism and the Radicalisation Challenge”, European and American Experiences, No2, Farnham

[68] Robertson, Von H. (1968),” A Descriptive Analysis of Vocational Rehabilitation and Training Programs and Techniques at the Utah State Prison,Utah State Board of Education, Salt Lake City

[69] Rabasa, A., Pettyjohn, S.L., Ghez, J.J. & Boucek, C.(2010),” Deradicalizing Is lamist Extremists”, CA RAND Corporation, Santa Monica

[70] Sanderson (2002), “From Prison to Work: The employment dimensions of prisoner reentry: A report of the reentry roundtable”, Urban Institute, Washington DC

[71] Solomon, A., Johnson, K., Travis, J. & McBride, E. (2004),“From Prison to Wo rk: The employment dimensionns of prisoner reentry“,A report of the reentry roun dtable, Urban Institute ,Washington, DC

[72] Sundt, J.L., Dammer, H.R. & Cullen, F.T. (2002),“The Role of the Prison Chap lain in Rehabilitation”, Journal of Offender Rehabilitation, Psychological Bulletin

[73] Т. Пик и А. Спекхард (Едс.)(2009),” Домороден тероризам: Разбирање и решавање на основните причини за радикализација меѓу групите со имигрантско наследство во Европа”,IOS Press, Амстердам

[74] T.R., Rose, D.R. & Ryder, J.A. (2001),” Incarceration and Community: The Pro blem of Removing and Returning Offenders”, Crime and Delinquency

[75] UN security Counsil Resolution S/RES/2178 of 24 September 2014.

[76] Visher, C., La Vigne, N. & Travis, J. (2004),” Returning home: Understanding t he challenges of prisoner reentry, Urban Institute, Washington, D.C.

[77] Џошуа Синај(2012), "Радикализација во екстремизам и тероризам", Интелигенцисер: весник на американски разузнавачки студии, Vol. 19, No 2 , стр. 21

[78] Вашингтон ДЦ(2011),” Дефиниции - Клучни поими и концепти”, Центар за

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

политика на бипартизан, Вашингтон

[79] William McCants(2012),” Countering Violent Extremism”, Part 1: Definition ,Jihadica, 24 February

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# MODERN FORMS OF TERRORISM - IDEOLOGY OF RADICALISM AND VIOLENT EXTREMISM

Ass. Prof. Dr.sc Aleksej Sopronov, Ass. Prof. Dr.sc Mirjana Jovanovska Stojanovska,
Ass. Prof. Dr.sc Vesna Blazevska
MIT - University - Skopje R. N. Macedonia
aleksejsopronov@gmail.com

## Abstract

Terrorism as violence that an individual uses in opposition to the state, occurs in the medieval period. Such violence was also characteristic during absolutist monarchies, the last phase of feudalism, observed in practice and theory as a period of overemphasizing or emphasizing the sovereignty of the ruler. Protests are also expressed by the forces that defend the existing forms of government and the forces that demand radical reforms. The result of that clash is the philosophical justification of individual attacks on the monarch himself, as a visible symbol of statism. The power of that new economic-political dynamism was stronger than the religious dogma in the then-social arrangement, which was particularly significant in their time. We can say that murder, used as an ideological expression and as a political weapon, is an anticipation of the terrorist violence of the modern world. Political assassination became formally linked to terrorism through the 1937 Geneva Convention on Terrorism. When studying the origin of terrorism, modern theorists decide to locate the origin and root of the very word "terrorism" in the events during the civil revolution in France.

Detecting or preventing radicalism, violent extremism or even terrorism is a very difficult task. It is most difficult to recognize in the early stage. However, we must work on the ground, because terrorism is one of the global threats that does not pass the Republic of North Macedonia.

If we want to avoid terrorism, we need to detect it at an early stage. But to discover it we need knowledge and training.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

An analysis of the narratives used by current radical and violent extremist groups shows that socioeconomic, political, and personal grievances are effectively used to sway public opinion, disseminate messages, gain new recruits, and incite sympathy. These narratives are generally coupled with distinctive terms embedded in issues of political instability, socioeconomic stagnation, civil strife, and, in some cases, war.

This paper is intended to stimulate discussion and reflection on one of the most widely used concepts in the field of violent terrorism studies and radicalization as well as counter-radicalization.

**Keywords:** *violent terrorism, extremism, radicalization, deradicalization, Western Balkans*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# СОВРЕМЕНИ ФОРМИ НА ТЕРОРИЗАМ - ИДЕОЛОГИЈА НА РАДИКАЛИЗАМ И НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Доц. д-р Алексеј Сопронов, Доц. д-р Мирјана Јовановска Стојановска,

Доц. д-р Весна Блажевска

МИТ - Универзитет - Скопје Р. С. Македонија

aleksejsopronov@gmail.com

**Апстракт**

Тероризмот како насилство кое поединец го користи во спротиставување на државата, се јавува во средновековниот период. Таквото насилство било карактеристично и за време на апсолутистички монархии, последна фаза на феудализмот, во практиката и теоријата забележано како период на пренагласената или потенцирана сувереност на владетелот. Протест изразуваат и силите кои ги бранат постојните форми на владеење и силите кои бараат радикални реформи. Резултат на тој судир е филозофското оправдување на индивидуалните напади врз самиот монарх, како видлив симбол на етатизмот. Силата на тој нов економски-политички динамизам била посилна од религиозната догма во тогашното општествено уредување особено значајно во нивното време. Можеме да кажеме дека убиство ползувано како идеен израз и како политичко оружје, претставува антиципација на терористичкото насилство на модерниот свет. Политичкото убиство станало формално поврзано со тероризмот низ Женевската конвенција за тероризмот од 1937 година. При проучување на потеклото на тероризмот, современи теоретичари се определуваат спрема потеклото и коренот на самиот збор „тероризам“ да го лоцираат во настаните за време на граѓанската револуција во Франција.

Да се открие или да се превенира радикализам, насилен ектремизам или дури тероризам е мноту тешка работа. Најтешко е да се препознае во раната фаза. Сепак, мора

да работиме на терен, затоа што тероризмот е една од глобалните закани која не ја одминува Република Северна Македонија.

Доколку сакаме да го избегнеме тероризмот, треба да го откриеме во рана фаза. Но за да го откриеме ни треба знаење и обука.

Анализата на наративите што ги користат сегашните радикални и насилни екстремистички групи покажува дека социоекономските, политичките и личните незадоволства ефективно се користат за да се поколеба јавното мислење, да се дисеминираат пораки, да се добијат нови регрути и да се поттикнат симпатии. Овие наративи генерално се споени со карактеристични термини вградени во прашања за политичка нестабилност, социоекономска стагнација, граѓански судири и, во некои случаи и војна.

Овој труд наменет за стимулирање на дискусија и размислување за еден од најпознатите широко користени концепти во областа на студиите за насилен тероризам и радикализација како и контрарадикализација.

**Клучни зборови:** *насилен тероризам, екстремизам, радикализација, дерадикализација, Западен Балкан.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Тероризмот денес во 21-от век претставува закана од глобални размери. Напредокот на технологијата овозможува брзо и лесно движење, комуникација на луѓето од една држава во друга држава или друг континент со што се пренесуваат и одредени идеи и сфаќања на поединците кои можат да бидат и радикални и да го поддржуваат и поттикнуваат тероризмот. Се покажа дека ниту една држава не е имуна од терористичките напади, како и тоа дека не може сама да и се спротивстави на оваа глобална закана која предизвикува страв и несигурност кај населението. Тероризмот е сериозна закана за темелните начела на меѓународниот поредок, слободата, мирот, демократијата, човековите права, правдата и сигурноста и претставува глобален проблем кој вообичаено ги погодува сите, од поединецот до државата.

Терористичката радикализација, е динамичен процес преку кој поединецот доаѓа во состојба да го прифати терористичкото насилство како можен, дури и легитимен, начин на делување. Нема единствен профил што ги опфаќа сите терористи, ниту пак има јасно исцртана патека што го води поединецот кон тероризам. Можните двигатели на терористичката радикализација се разновидни, комплексни и се комбинирани на уникатен начин во секој од случаите.

Темата за странските борци што се приклучија или се обиделе да се приклучат кон конфликтот во Сирија и Ирак за да се борат за различни (назначени терористички) групи, се пресели на врвот на политичките агенди низ целиот свет. Владите, безбедносните агенции, локалните заедници особено се загрижени за можната безбедносна закана што произлегува од овој феномен. Иако анегдотските докази покажуваат дека многу од странските борци немаат намера, ниту да отпатуват од Сирија / Ирак, ниту да преминат во други конфликтни зони во иднина, голем е бројот на оние кои би можеле да се вратат во нивните поранешни родни земји.

Настаните како нападот врз вработените во францускиот магазин Чарли Ебдо во јануари 2015 година, како и големите париски напади од ноември истата година извршени

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

од страна на лица поврзани со странските борци покажаа дека постои јасен (иако можеби преценет) безбедносен ризик поврзан со овој феномен.

Севкупно, постои широк спектар на странски борци со различни мотиви, почнувајќи од оние кои се наоѓаат во рана фаза на радикализација, кои сеуште не се вклучени во насилна екстремистичка активност, целосно радикализирани лица кои извршиле тешки дела и оние кои се разочарани или страдаат од психолошки и ментални проблеми, и пред , но и како последица на нивниот престој во конфликтната зона. Тие вклучуваат мажи и сè повеќе жени кои се претежно млади, вклучувајќи и малолетници. Овие фактори се од суштинско значење и треба да се земат предвид кога се разгледуваат можностите за интегрирање на рехабилитацијата како одговорот на кривичната правда кон странските борци.

За да се справи со оваа закана, одговорот на криминалниот сектор – вклучувајќи го истражувањето, апсењето, задржување, прогонот, изрекување на казните и затворањето - се покажаа како многу важен инструмент во борбата на Европа за справување со оние што планираат да учествуваат или веќе учествувале во конфликтите во странство. Со зголемување на бројот на странските борци (повратници), правната мрежа е проширена за да се овозможи прогон на овие странски борци, а со самото тоа се повеќе и повеќе лица најверојатно ќе станат предмет на кривични истраги. Во исто време, повиците за вклучување на рехабилитацијата, како дел од целокупниот одговор кон странските борци, станаа се погласни. Тие ја вклучуваат Резолуција 2178 (2014) на Советот за безбедност на Обединетите нации (ОН), која повикува на "развивање и спроведување на стратегии за прогонување, рехабилитација и реинтеграција на странските терористички борци.

Македонија во наредните четири години ќе се заштитува себеси и своите граѓани од растечките опасности што ги носат тероризмот и насилниот екстремизам, со два стратегиски пристапа што се сместени во два државни документа, насловени Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2018-2022) и Националната стратегија за борба против тероризам (2018-2022). Двата стратегиски

документа се со важност до 2022 година и се изработени од Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.

Во државниот документ наменет за борба со тероризмот се истакнува дека и покрај досегашните успеси во борбата со тероризмот, заканите од него и натаму еволуираат и се приспособуваат на современите услови на живеење. Во него се наведува дека Македонија дејствува во спречувањето на опасностите што ги носат за земјата борците повратници од фронтовите на Блискиот Исток. Севкупно, од крајот на 2012-та до почетокот на 2016-та се проценува дека околу 1.000 лица од земјите на Западен Балкан патувале и престојувале во Сирија и во Ирак, дел и со своите семејства. Некои се приклучиле на Исламската држава (ИД), додека други се поврзале со Џабат Фатах ал-Шам (попознат како фронтот Ал Нусра, а сега новокомпониран како Хајат Тахрир ал-Шам). Овие поединци потекнуваат од Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, и Македонија, а бидејќи територијата на ИД е намалена, некои од нив се вратија дома или заминаа во трети земји, додека, пак, некои загинаа на боиштата – се истакнува во документот.

Стратегијата напоменува дека за оваа закана безбедносните служби на земјатаги регистрираат заминувањата и враќањата на странските терористички борци, а институциите ќе ги интензивираат регионалните и меѓународните напори насочени кон кривично гонење на потенцијалните борци и на повратници од Сирија и Ирак. Екстремистичките групи како ИСИС, Боко Харам, ал-Шабаб и други, во многу случаи вршат неселективно насилство и ги прекршуваат човековите права. и покрај нивните нечовечки постапки, овие групи сепак успеваат да привлечат следбеници, што значи дека борбата против нив не може да се ограничи само на сузбивање на нивните терористички напади, туку и со искоренување на идеите за насилен екстремизам кои успеваат да ги шират.

Од клучна важност е да се сфати идеологијата врз која почива појавата на насилниот екстремизам и причините зошто луѓето им се придружуваат на овие групи.

Креаторите на јавните политики често потполно и не ја разбираат сложеноста на проблемот, а со тоа неизбежно често донесуваат одлуки кои се несоодветни или нудат само делумни решенија што може да предизвика негативни последици.

## 2. Формулација на проблем

Интересот кон кој е насочен овој труд се странските борци од Западен Балкан кои учествувале во конфликтот во Сирија и Ирак, односно последиците кои би можеле да ги нанесат после враќањето во своите матични земји, како и нивна радикализација, дерадикализација / дис ангажирање и контрарадикализација.

Главната цел на овој труд е да се потикне дискусија и повторно размислување во интердисциплинарните области на терористичките студии. Голем дел од литературата за радикализација се фокусира на исламистичкиот екстремизам и џихадистичкиот тероризам, што од оваа гледна точка претставува одраз на голем дел од современата реалност. Во последниве години, насилните сунитски екстремисти се одговорни за најголемиот број терористички напади низ целиот свет.

Овој труд наменет за стимулирање на дискусија и размислување за еден од најпознатите широко користени концепти во областа на студиите за тероризам радикализација и деривативи дерадикализациј и контрарадикализација, со посебен осврт на учесниците кои земаат активно учество во конфликтот во Сирија и Ирак, а кои потекнуваат од земјите на Западен Балкан. Земјите од Западен Балкан најзасегнати од радикализацијата во насилен екстремизам се оние кои се нарушени политички односи, конфликтност, лошо владеење, корупција, недостатокот на одговорност, меѓуетничките тензии и замрзнати односи, покарактеристично тоа е во БиХ, РСМ и Косово.

Во текот на изминатите четири години, единствениот најочигледен показател за радикализација во насилниот екстремизам во регионот е појавата на странски борбен феномен и безбедносните ризици поврзани со овој развој.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во преглед на литературата и терминолошката дискусија за радикализација, дерадикализација, контрарадикализација и нив сродните концепти станува јасно дека недостатокот на концептуална јасност е една од главните пречки, покрај достапноста на податоците и политизацијата, кои стојат на патот кон постигнување на кумулативни и споредливи истражувачки наоди од кои ќе може да се извлечат во голема мерка валидни препораки за политиките кои треба да бидат напишани. Одговорите што се добиени од различни видови истражувања се помалку од солидни.

Преку овој труд ќе се обидам да дадам некои одговори во врска со оваа проблематика , каде што како што напоменав и претходно, нашето знаење е прилично тенко и би требало да се зацврсти со што повеќе истражувања базирани на докази.

**Радикализација -** Подготвеност за поддржување на далекусежни промени во општеството, коишто можат да целат кон укинување на воспоставениот демократски правен поредок и можат да опфатат употреба на недемократски методи. Процес што го води поединецот или групата кон прифаќање, поддржување или охрабрување на употребата на насилство како политичко средство. Процес на личен развој во којшто поединецот усвојува се поекстремни политички или политичко – верски идеи и цели, убедувајќи се самиот себеси дека постигнувањето на овие цели ја оправдува употребата на екстремни методи.

**Дерадикализација -** Исламската (де)радикализација е дефинирана од страна на RAND, на овој начин: исламистичката радикализација вклучува прифаќање на верувањето дека, за да се создаде исламска држава, муслиманите не само што мора да се придржуваат до строги салафистички или ултраконзервативни толкувања на исламот, туку и да водат џихад, дефиниран како вооружена борба против непријателите на исламот, вклучувајќи ги и немуслиманските нации (особено САД) и актуелните владетели на муслиманските држави кои го замениле божјиот авторитет со свој. Оттука, исламистичката дерадикализација е дефинирана како процес на отфрлање на ова кредо, особено нејзините верувања во дозволивоста за употреба на насилство врз цивили, екскомуникација на муслиманите кои не се придржуваат кон ставовите на радикалите (такфир) и

спротивставување на демократијата и концептите на граѓанските слободи, како што во моментов се прокламирани во демократските општества.

**Насилна Радикализација** – дефиниција на ЕУ: Насилната радикализација е човечка појава којашто опфаќа мислења, ставови и идеи што можат да доведат до појава на терористички дела, како што е дефинирано во членот 1 од Рамковната одлука за борба против тероризмот.

**Политичката радикализација** е поврзана со зголемена подготовка и посветеност на меѓугрупните конфликти, при што личниот интерес е изгубен или е поврзан со некоја поголема група или причина.

**Ресоцијализација -** може да се опише како "намерна, планирана интервенција, која има за цел да ги промени карактеристиките на сторителот (ставови, когнитивни вештини и процеси, личното или менталното здравје и социјални, образовни или стручни вештини) за кои се верува дека се причина за криминалното однесување на поединецот, со намера да се намалат шансите да поединецот повторно стори кривичнодело.

**Тероризам -** како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел.

**Насилниот екстремизам** - "демонстрација на неприфатливо однесување со употреба на било какви средства или медиуми за да се изразат своите ставови, поттикнување или прославување на терористичко насилство за унапредување на одредени верувања, вклучувајќи ги и оние кои предизвикуваат насилство (тероризам или криминал) врз основа на идеолошки, политички или религиозни верувања и кои поттикнуваат омразата што води до насилство.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Операционално определување на предметот на истражување

Во рамките на овој труд *ќе се истражуваат странските борци што се приклучија или се обидуваат да се приклучат кон конфликтот во Сирија и Ирак*(процесите на нивна радикализација, дерадикализација, ресоцијализација), а посебен акцент ќе се стави на *борците кои потекнуваат од Западен Балкан, и заканите и опасностите кои со нив ги носат, после враќањето во нивните родните земји.*

Со оглед дека тероризмот зазема се поголем замав, проширувајќи го својот домен на делување во скоро сите држави во светот, во рамките на операционалното определување на предметот на ова истражување ќе се анализира профилот на феноменот СБ од Западен Балкан, неговата мотивација, социоекономското потекло, финансирањето, како и причините поради кои се одлучуваа да се радикализира.

Посебно внимание ќе се обрне на повиците за интегрирање на рехабилитацијата, како дел од целокупниот одговор на државите во борбата против ваквиот феномен на странските борци.

На европско ниво, различни органи преземаа ветувачки мерки за интегрирање на рехабилитацијата во кривични постапки, вклучително Советот на Европа, кој треба да го да го следи примерот, имајќи предвид дека рехабилитацијата ги надополнува нивните приоритетни области за зајакнување на напорите за спречување и сузбивање тероризмот во рамките на човековите права и владеењето на правото и важноста од градење отпорност на локалните заедници кон радикализација и екстремизам,соодветно.

## 4. Дисциплинарно одредување на предмет

Предметот на истражување е интердисциплинарен што значи дека е дел на повеќе науки затоа што е појава за која се потребни познавања и мислења од стручни лица од

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

повеќе области и научни дисциплини. Овој предмет се проучува во рамки на следните научни дисциплини: социологија, криминалистичка психологија, криминологија, кривично право, кривично процесно право и криминалистика, меѓутоа може да се јави и како предмет на проучување на други науки и научни дисциплини, при што ќе се примени методолошки пристап за истражување на оваа појава преку истражување, анализа на добиените податоци, споредба и користење на веќе објавени статистички податоци и нивно анализирање.

## 5. Временско и просторно одредување на предметот

Овие податоци ќе бидат соодветно анализирани и споредени со цел да се даде еден заклучок што ќе даде корисни информации во однос на враќањето на исламистичките странски борци и одговор што треба да се превземе понатака за нивна рехабилитација и превенција во борбата против нивна понатамошна активација, како и откоренување на изворите на нивно финансирање и мрежно поврзување во матичните земји.

Просторното одредување на предметот на истражување се однесува на територијата на Западен Балкан, поточно државите на таа територија кои испратиле борци на боиштата во Сирија и Ирак, но ќе биде направена и споредба меѓу овие држави со некои држави од останатиот дел од светот.

## 6. Цел на трудот

Со овој труд ќе се исполнат неколку цели. Со истражувањето на овој предмет и добиените резултати од него ќе се придонесе за унапредување на научната теорија во врска со прашањата од оваа област и појаснување на одредени поими кои до сега не се во целост објаснети.

Аналитички да се претстави заканата за безбедноста на национално, регинално, и глобално рамниште и како национално стратешки инструменти на моќ можат да се искористат во борба со феноменот "странски борци".

Како посебни цели на трудот се:

- да се дефинираат поимите странски борци, радикализација и дерадикализација како и други неопходни поими директно поврзани со нив;
- да се дефинираат методите и средствата на делување на предметот на истражување;
- да се подигне свеста за потребата од зголемен научен потенцијал за истражување на безбедносните ризици во Европа и светот;
- да се анализираат случените терористички акти, како се справиле државите со нив, и што треба да се направи во иднина за подобро реагирање на можен напад;
- да се анализираат позитивните и негативните страни од делувањето на државите во однос на борбата против "странските борци".

## 7. Идеологија, радикализам и насилен екстремизам

Радикализмот и екстремизмот се, релациони концепти; односно, треба да им се суди во однос на репер. Стандардните референтни точки со кои радикализмот и екстремизмот се оценуваат во западните општества вклучуваат западни "основни вредности" како демократија, владеење на мнозинството со заштита за малцинствата, владеење на правото, плурализам, поделба на државата и религијата, еднаквост пред законот, родова еднаквост, слободата на мислата и изразувањето.

Многу влади го користат терминот "насилни екстремисти" како квази-синоним за терористи и бунтовници. Британската служба за воени злосторства, на пример, го дефинира "насилниот екстремизам" како "демонстрација на неприфатливо однесување со употреба на било какви средства или медиуми за да ги изрази своите ставови поттикнување или прославување на терористичко насилство за унапредување на одредени верувања"- вклучувајќи ги и оние кои предизвикуваат насилство (тероризам или

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

криминал) врз основа на идеолошки, политички или религиозни верувања и ја поттикнуваат омразата што води до насилство.

Литературата што го опфаќа "насилниот екстремизам" го користи концептот на начин кој сугерира дека е очигледен. Честопати, потребата за "против насилен екстремизам" е забележана во литературата, но не постои вистинска дефиниција за тоа што претставува "насилниот екстремизам". Факт е дека термините насилен екстремизам, политичко насилство, политички тероризам и тероризам се користат наизменично во австралиската и меѓународната литература што се испитува. Така, вистинска разлика меѓу насилниот екстремизам и тероризмот не е целосно еволуирана, всушност, таа останува концепт што се развива.

Во голем дел од литературата за тероризмот постои несреќна тенденција за изедначување на радикализмот со екстремизмот и со тероризмот, а истовремено со употреба на тероризам како стенограм за политичко насилство против државата генерално. Овие, сепак, се различни (иако понекогаш се поврзани и делумно се преклопуваат) концепти. Друг недостаток е што, во многу случаи, овие термини се применуваат само на недржавни актери.

Додека радикалите може да бидат насилни или не, може да бидат демократи или не, екстремистите никогаш не се демократи. Нивната душевна состојба не толерира никаква разновидност. Тие, исто така, позитивно се залагаат за употреба на сила за да се добие и задржи политичка моќ, иако тие би можеле да бидат нејасни и двосмислени за ова во своите јавни соопштенија, особено кога сеуште се во позиција на слабост. Екстремистите генерално имаат тенденција да имаат нефлексибилни "затворени умови", придржувајќи се кон поедноставената моно-причинска интерпретација на светот каде што сте или со нив или против нив, дел од проблемот или дел од решението.

Радикалите, од друга страна, историски имаат тенденција да бидат поотворени за рационалност и прагматичен компромис, без да се откажат од нивното барање да се дојде до коренот на проблемот (првичното значење на "радикално" кое произлегува од радикс, латински за root).

Радикализмот е откупен - радикалните militанти можат да се вратат назад во мејнстрим, екстремистичките милитанти, сепак, многу помалку.

Според гледиштето на еден писател, има смисла да се направи разлика помеѓу (слободоумните) радикали и (затворени ум) екстремисти. Ако оваа дистинкција е прифатена, главниот проблем не е радикализација на радикализмот (дури и кога доведува до некои форми на политичко насилство), но се свртува кон екстремизам (што позитивно го прифаќа насилството во политиката и може да доведе до тероризами други тешки дела како геноцид).

Our estimation is that further suppression of the Macedonian ethnic feelings and fulfillments in its own fatherland i.e. the Macedonian state, will start bearing radical Macedonian nationalistic movements which might become disastrous development in the region.

The consequences from the aroused Macedonian radical nationalism between the two world wars are well known to Europe and to the World. The Serbian king Alexander was a subject of assassination from the IMRO executors, the Bulgarian Prime Minister Stamboliski was assassinated as well, and many had been killed and suffered a lot during that period of violence, instability and strengthened extremisms on an ethnic ground. That bad experience is a memory of the Macedonian nation that builds a strong and sound Macedonian radical nationalism.

Even though the prominent political scientist Andrew Heywood[20], gave us four basic definitions of nationalism, nevertheless all four lead toward the understanding of the nationalism as a positive political category, that has enough capacity to be defined as love toward your own people, with whom you are sharing ethnic origin and the same ethnic feelings, the same cultural heritage, the same spiritual ties and connections.

## 2. Methods and materials

Through a qualitative research, collecting and analyzing non-numerical data, including texts and other, gathering in-depth insights into the problem of the Macedonian issue and generate new ideas for research, and through a process of observation as an important type of qualitative research method, using as well some political theories, we are explaining and analyzing the long-lasting problems and possible solutions for a sustainable progress and

pp. 3-10
URL: https://www.jstor.org/stable/2783448

[20] Heywood, Andrew. Political Ideologies : an Introduction. Chapter 6, 5th ed. Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2012.

prosperity in the region of the SE Europe and the Balkans, and particularly including Macedonia and the Macedonian people.

In a Conflict resolution theory there are many cases where states and nations are clashed in a geo-political pressure and squeezed among opposing geo-strategic interests.

The case of Taiwan and its sensitive political position suppressed by China on one side and the USA strategic interests for the region and the future of Taiwan as an independent state, which is in accordance with the unison decision of the Taiwan people. Then, Ukraine and the existing war provoked and executed by the Russian autocratic regime, on one side and the USA and EU, as well the entire western democratic world, on the other side, which is in accordance with the Ukrainian quest for freedom and independent state outside of a Russian influence and oppressive policies.

Third case similar to the Macedonian one is Israel, an independent democratic state that is under huge pressure from the Arabic and Islamic world, who are supporting Palestinians, on one side and USA geo-strategic interests in the region that comply with the wish of the Israeli people to live democratically, in freedom and in peace with the Arab nations and states, including Palestinians.

The case of the Northern Ireland and the Republic of Ireland is as well, one of the cases that are similar to the Macedonian one. They are under pressure of the UK geo-political interests to keep united the Kingdom and to provide democratic ambient for every citizen and the aspirations of some extremist groups to unite with the Republic of Ireland.

This particular case might be viewed from the perspective of some extremist political forces and groups in Albania and Kosovo, as well in Macedonia, that are dreaming secessionist dreams to unite with Kosovo and Albania in a Great Albania.

Those empirical practices are showing that when a state and a nation is under suppression from any hostile state that is under protection or stipulated by one of the Great powers in the world, there are always conflicts, with a sound potential for citizen unrest or eventually military war conflicts.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

All those cases, are never-ending stories, and are lessons for the Macedonian case. The current stage of the Macedonian 'Gordian knot' for many, request emerge attention by the western world leaders to work on the best possible sustainable strategy that will successfully close, once forever, the critical points of the negation of the ethnicities, particularly the ethnicity of the Macedonian people to exist in their own fatherland and state.

The previously mentioned conflicts and potentially conflict zones are similar to the Macedonian one in many elements. Lessons learned from those conflict examples shows that the tensions, animosities, enmities, extremisms and prejudices always lead to terrorist acts, citizen unrest, military clashes, and authoritarianism of the state, often even wars with larger impact, such as the actual one between Russia and Ukraine. China-Taiwan, Iran-Israel are the second in a raw, which have significant potential for a large scale war in their region.

The roots and causes in such state conflicts are almost every time provoked by imperialistic ambitions of autocratic leaders and hybrid regime governments.[21]

## 3. Results and discussion

The case of Macedonia is emerging again, on the international political scene. All the existing elements for such negative development are at place. Continually undermining the Macedonian ethnic identity, extremely pressing the Macedonian national feelings, and existence and use of the Macedonian language as an independent and autonomous language of the Macedonian people in its own fatherland, then constantly suppressing the political and human rights of the existing Macedonian minority in the northern part of Greece named Aegean or White Sea Macedonia and in Pirinska Macedonia in Bulgaria are serious precedents in the international relations and are out of the international law and of the main international acts and documents.

Such extremist activities of the official state authorities in the neighboring countries

---

[21] Russett, Bruce. Grasping the Democratic Peace: Principles for a Post-Cold War World. Princeton University Press. 1993. ISBN 978-0-691-03346-4.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

toward Macedonia, negating the state as an independent and autonomous, including the entire set of identity components, on one side and aroused extremisms of the Albanian political factor in Kosovo, Albania and domestically are a fruitful ground for long-lasting conflicts with potential to increase to a large scale military conflicts. These might jeopardize the EU perspective of the entire region and overall progress and prosperity in South–East Europe.

Additional argument in that direction is the current stage of the democracy development. Having in mind the political theory that two nations which are on the scale of full democracy according to the Economist Intelligence Unit scale of democracies, are never go into war among each other's.

The lower stage of democracy development in those countries has a strong potential of perpetual conflicts. Adding the high range of inter-nation's and inter-state's animosity, ethnic extremisms and high level of chauvinism, enmity, as well as consistent attitude of negating the existence of the Macedonian people, with own Macedonian language, history and culture in its own fatherland and state called Macedonia is a fertile soil for large scale conflicts, even military clashes, as it was the case in 2001, between the Albanian terrorists and the Macedonian state military and police forces.

## 4. Conclusion

As a conclusion, the thesis of our paper that any further suppression of the Macedonian ethnic identity pillars, in general and particularly in its own Macedonian fatherland and state named Macedonia, accompanied with any further support in that direction by the main world powers i.e. USA and Great Britain, France and Germany, EU as well, will arouse a radical Macedonian nationalism, will strengthen the stubbornness, revolt and hatred toward the mentioned world powers and will deteriorate the EU integration process, and diminish the EU aspirations, but as well will bring back on the scene terror, assassinations, revolutionary methods, unrest and even military conflict.

Such a predicted developments are not in favor to the geo-strategic and geo-political interests of the USA and the rest of the western countries, and will become a serious burden to

further progress of the peoples and societies in the region of the South East Europe, and particularly the Balkans. These will slowdown, maybe even stop the progress toward EU membership of the candidate states from the region, the South flank of NATO will become unstable and under constant pressure from the internal public and possible external propaganda, and all these would possibly ruin the perspective of any stabilization in a near future. Opposite to these, the Russian influence will be constantly increasing, imperialistic aspirations will rise on the scene and that would possibly jeopardize the western geo-political interests and geo-strategic positioning in the South East Europe.

Vice versa, positive support to the Macedonian ethnic identity pillars by the main world powers lead by the USA will contribute to the overall relaxation of the inter-ethnic relations in Macedonia, will strengthen the cohesion of the Macedonian society, and will balance the EU aspirations, progress and prosperity of the region. Potential Russian influence will be returned back and the south flank of NATO will became stable again. On the other side, the positive domino effect will anesthetize the nowadays rising extremisms from Bulgaria, Greece, Serbia, Kosovo, Albania and Albanian ethnic community in Macedonia.

Such an approach will resolve, on a long-lasting basics, the so called Macedonian issue and will provide sustainability of the EU enlargement process and overall progress and prosperity of each and every nation in the Balkan region, including the Macedonian nation as well.

## References

[1] Loring M. Danforth. Claims to Macedonian Identity: The Macedonian Question and the Breakup of Yugoslavia. Anthropology Today, Royal Anthropological Institute of Great Britain and Ireland Stable Vol. 9, No. 4. Aug., 1993, pp. 3-10 URL: https://www.jstor.org/stable/2783448

[2] Burton, P. Aftermath. In Rome and the third Macedonian War. Cambridge University Press (2017). pp. 124-172.
doi: 10.1017/9781316221631.008

[3] Peter Charanis. The Transfer of Population as a Policy in the Byzantine Empire. Comparative Studies in Society and History, Vol. 3, No. 2 Cambridge University Press Stable, (Jan., 1961), pp. 140-154.
URL: https://www.jstor.org/stable/177624
[4] John P. Sydoruk. Herder and the Slavs. AATSEEL Journal, American Association of Teachers of Slavic and East European Languages Stable. Vol. 13, No. 3 pp. 71-75. September 15, 1955.
URL: http://www.jstor.com/stable/43678251
[5] The spelling is based on Old French esclave from Medieval Latin sclavus, "Slav, slave" first recorded around 800.
https://ahdictionary.com/word/search.html?q=slave#:~:text=The%20spelling%20is%20based%20on,%2C%22%20first%20recorded%20around%20800.
[6] http://www.pollitecon.com/Assets/Ebooks/Anarchy-in-Macedonia-Life-under-the-Ottomans-1878-1912.pdf
[7] Jonathan Schwartz. MACEDONIA: A COUNTRY IN QUOTATION MARKS. University of Copenhagen, pp. 5
file:///C:/Users/Korisnik/Downloads/594-Article%20Text-2582-1-10-20100514.pdf
[8] Joseph S. Roucek. The Eternal Problem of Macedonia. International Journal, Sage Publications, Ltd. Autumn, 1947, Vol. 2, No. 4. pp. 297-307
URL: https://www.jstor.org/stable/40194160
[9] Https://www.cia.gov/readingroom/document/cia-rdp90-00845r000100310004-9
[10] Alexander Murinson. The Strategic Depth Doctrine of Turkish Foreign Policy. Middle Eastern Studies: Taylor & Francis, Ltd. Vol. 42, No. 6. Nov., 2006, pp. 945-964
[11] https://www.cfr.org/backgrounder/chinas-massive-belt-and-road-initiative
[12] http://www.pollitecon.com/Assets/Ebooks/Evidence-of-the-Existence-of-Macedonians-Throughout-the-Ages.pdf
[13] https://www.britannica.com/topic/Scylla-and-Charybdis

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE PROCESS OF RECONCILIATION AS THE ULTIMATE GOAL OF SUCCESSFULLY IMPLEMENTED TRANSITIONAL JUSTICE

*Marjan Madjovski, PhD*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

## Abstract

The pursuit of reconciliation as the third pillar of the international concept of transitional justice is in many ways the ultimate goal of transitional justice projects.

Reconciliation is seen more as a process than as a goal, and within the process of implementing reconciliation, how and to what extent the other mechanisms of transitional justice can lead to its implementation are viewed differently.

More recent research links reconciliation to the long-term aspiration of a political community based on consent and shared norms. The essential components of reconciliation vary depending on the level, type of conflict, and other factors.

There is no single strategy or institutional model to address the problem of past human rights violations. Optimal institutions are not enough to solve a specific problem through transitional justice, but it should be solved at the right time and with local management of the process. A single conciliation strategy alone is rarely sufficient, with one stage of the process being an option at a later stage. Interventions that take too long tend to become politicized.

**Keywords:** *transitional justice, reconciliation, local governance*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ПРОЦЕСОТ НА ПОМИРУВАЊЕ КАКО КРАЈНА ЦЕЛ НА УСПЕШНО СПРОВЕДЕНА ТРАНЗИЦИОНА ПРАВДА

*Д-р Марјан Маџовски*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

**Апстракт**

Стремежот кон помирување како трет столб на меѓународниот концепт за транзициска правда на многу начини е крајна цел на проектите за транзициска правда.

На помирувањето повеќе се гледа како на процес отколку како на цел, а во рамките на процесот на спроведување на помирувањето различно се гледа на тоа како и колку останатите механизми на транзициона правда можат да доведат до негово спроведување.

Поновите истражувања помирувањето го поврзуваат со долгорочната аспирација за политичка заедница заснована на согласност и заеднички норми. Суштинските компонентите на помирувањето варираат во зависност од нивото, типот на конфликтот и од други фактори.

Не постои единствена стратегија или институционален модел за решавање на проблемот со прекршувањата на човековите права во минатото. За решавање на конкретен проблем по пат на транзицискaта правда не се доволни оптимални институции, туку тој треба да се решава и во вистинско време и со локално раководење на процесот. Ретко е доволна само една стратегијаза помирување, при што една фаза од процесот може да биде опција подоцна. Интервенциите што траат предолго имаат тенденција да се политизираат.

**Клучни зборови:** *транзициона правда, помирување, локално раководење*

## 1. Вовед

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Помирувањето, како условно речено завршна фаза на напорите за продуктивно соочување со минатото, е најсложениот и истовремено најтешко мерлив инструмент на транзиционата правда. Стремежот кон помирување како трет столб на меѓународниот концепт за транзициска правда на многу начини е крајна цел на проектите за транзициска правда.[22] На помирувањето повеќе се гледа како на процес отколку како на цел, а во рамките на процесот на спроведување на помирувањето различно се гледа на тоа како и колку останатите механизми на транзициона правда можат да доведат до негово спроведување.

Според Сири Глопен доста е сложена сликата и дебатата за институционалните стратегии за справување со проблемот на злосторствата во минатото .[23] Така, односот меѓу целите на помирување и демократизација и различните мерки кои се применуваат за нивно постигнување – судења, прочистување, комисии за вистина, ресторативни напори, реформи, амнестија и амнезија – се двосмислени и спорни. Може да се дадат морални и теоретски аргументи за секоја стратегија како пат до помирување, но во многу случаи односот не може, или барем не е убедливо емпириски демонстриран.

Според Глопен, не постои единствена супериорна стратегија или институционален модел за решавање на проблемот со прекршувањата на човековите права во минатото, така што секој случај мора да се решава согласно своите услови, а контекстот на моќта и природата на репресијата се централни фактори при барањето соодветен пристап. Понатаму, времето е доста важно, затоа што за решавање на конкретен проблем по пат на транзициската правда не се доволни оптимални институции, туку тој треба да се решава во вистинско време. При тоа, мерката што е исклучена во една фаза може да биде опција подоцна, а интервенциите што траат предолго имаат тенденција да се политизираат. Истовремено треба да се има во предвид дека локалното раководење со процесот и во таа смисла локакниот легитимитет се од клучно значење и често се во функција на процесот

[22] Minow, Martha (1998) Between Vengeance and Forgiveness: Facing History after Genocide and Mass Violence, Boston, MA: Beacon Press.
[23] Siri Gloppen, Reconciliation and Democratisation: Outlining the Research Field, Report R 2002: 5, Chr. Michelsen Institute Development Studies and Human Rights

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

преку кој се воспоставуваат институциите на транзициската правда. Во таа смисла не е само прашање што се прави и кога, туку како и од кого. Од своја страна, се чини дека силниот и директен меѓународен ангажман во комбинација со физичка дистанца го отежнува процесот на генерирање легитимитет. И најпосле, треба да се има во предвид дека ретко е доволна само една стратегија. Искуството кажува дека во земјите, како што се Чиле и Аргентина во кои се практикувало основање комисии за вистина, во подоцнежна фаза притисокот за спроведување судења повторно се појавил. А, во земји како Босна и Херцеговина кои започнале со судења, се појавиле барања за формиорање комисии за вистина. Барањата за компензација се покренуваат во различни контексти, а барањата за реформи се речиси универзални.

Помирувањето може да се сфати како морален, политички или религиозен концепт.[24] Додека, тоа порано беше „поврзано со императивот на компромис во име на стабилноста", поновите истражувања помирувањето го поврзуваат со „долгорочната аспирација за политичка заедница заснована на согласност и заеднички норми".[25] Дефинициите за помирување се движат на скала од „потесна" до „поширока". Во потесна смисла, помирувањето може да се сфати како „ништо повеќе од едноставен соживот", во смисла дека поранешните непријатели го почитуваат законот наместо меѓусебно да се убиваат.[26] Пошироките концепции за помирување може да вклучуваат елементи како што се простување, милост (наместо правда - иако понекогаш и правда), заедничка сеопфатна визија, меѓусебно заздравување и хармонија. Карен Бронеус во поширока смисла го дефинира помирувањето[27] како „изнаоѓање начин за балансирање на прашањата како што

---

[24] Elin Skaar, Chr. Michelsen Institute, Reconciliation in a Transitional Justice Perspective, Transitional Justice Review, Vol.1, Iss.1, 2012, 54-102

[25] Leebaw, "The Irreconcilable Goals of Transitional Justice," 105.

[26] David A. Crocker, "Reckoning with Past Wrongs: A Normative Framework," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 54.

[27] Karen Brounéus, "Reconciliation and Development," a paper read at "Building a Future on Peace and Justice," Nuremburg, 25-27 June, 2007, 3.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

се вистината и правдата, за да се одржи бавното менување на однесувањата, ставовите и емоциите меѓу поранешните непријатели.”

Според Даниел Бар-Тар и Гема Бенинк помирувањето може да се сфати како цел или процес или и како двете заедно.[28] Додека, за Сузан Двајер станува збор за фундаментален процес чија цел е да се намали оштрицата на тензијата односно да се создаде чувство за сторените повреди, и да се изградат нови верувања и ставови во севкупниот наративен контекст на личниот или националниот живот. Ова разбирање на помирувањето се однесува и на микро и макро ниво. Кога се дефинира како процес, помирувањето може да се смета како од горе-надолу или како одоздола-нагоре.[29]

Помирувањето може да се случи на различни нивоа, притоа на индивидуално ниво, мора да се изврши помирување меѓу жртвата и сторителот.[30] За разлика од извинувањата или изразите на простување, што можат да бидат еднострани процеси, помирувањето бара заемност односно, мора да има процес на директна интеракција меѓу жртвата и сторителот - сторителот бара прошка; жртвата дава прошка. На општествено или национално ниво, помирувањето може да се разбере како „општествен процес кој вклучува меѓусебно признавање на минатото страдање и промената на деструктивните ставови и однесување во конструктивни односи кон одржлив мир“.[31] Сепак, според Сузан Двајр може да има случаи кога помирувањето психолошки е невозможно - или кај поединецот или на групно ниво. Некои автори прават паралелна разлика меѓу помирувањето на микро и макро ниво, во кое „поранешни типично локални, лице-в-лице интеракции - да речеме меѓу двајца пријатели - а второто се однесува на повеќе глобални интеракции меѓу групи на лица, или нации, или институции, кои се често со посредство на претставници“. Групното или

---

[28] Daniel Bar-Tal and Gemma H. Bennink, “The Nature of Reconciliation as an Outcome and as a Process,” in From conflict resolution to reconciliation, ed. Yaacov Bar-Siman-Tov (New York: Oxford University Press, 2004), 11–38.
[29] Susan Dwyer, “Reconciliation for Realists,” in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 106.
[30] Marc Forget, “Crime as Interpersonal Conflict: Reconciliation Between Victim and Offender,” in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 111-35.
[31] Brounéus “Reconciliation and Development,” 5. On societal reconciliation (a society reconciling with its past and groups reconciling with each other), see also Hayner, Unspeakable Truths, chapter 10.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

помирувањето на национално ниво може да се нарече и како меѓуетничко помирување или политичко помирување, во зависност од коренот на конфликтот.[32]

Се верува дека голем број елементи играат клучна улога во помирувањето, помагајќи да се поправат растурените односи на етничка и верска основа, меѓу регионалните или политичките групи, меѓу соседите и меѓу политичките партии.[33] Овие суштински компонентите на помирувањето варираат во зависност од нивото, типот на конфликтот и од други фактори. Признанието, прошката, и исцелувањето може да бидат особено важни на индивидуално ниво. Сеќавањето на сторените минати прекршувања се споменува и како предуслов за помирување, и кај поединецот и на групно/национално ниво.[34] Друг централен елемент на помирувањето е взаемното почитување, односно подготвеност да им се суди на луѓето како на поединци, индивидуално, а притоа да не користат групни стереотипи.[35]

### 3. Различни патишта и пречки на патот до помирување

По завршувањето на авторитарното и репресивно владеење нововоспоставените демократски режими се соочија со предизвикот како да се справат со темните поглавја од нивната понова историја. Проблемите беа особено сложени и акутни во земјите кои излегоа од крвава граѓанска војна или геноцид. Во повеќето земји со историја на репресивно владеење во одредена фаза се појавува потребата за решавање на прекршувањата на човековите права во минатото. Во такви ситуации, фокусот се повеќе се поставува на потребата за помирување. Потребата да се создаде клима во која конфликтните страни ќе можат да ги решат своите разлики преку ненасилни средства, политичка клима каде што поранешните непријатели може да продолжат да не се

---

[32] Види на пример, Claire Moon, Narrating Political Reconciliation: South Africa's Truth and Reconciliation Commission (Plymouth, UK: Lexington Books, 2008). See also Charles Villa-Vicencio, Walk with Us and Listen: Political Reconciliation in Africa. (Washington D.C.: Georgetown University Press, 2009).

[33] Priscilla B. Hayner. *Unspeakable Truths: Confronting State Terror and Atrocity*. New York, NY: Routledge, 2001.

[34] Michael R. Marrus, "Overview," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003)

[35] James L. Gibson, "Does Truth Lead to Reconciliation? Testing the Causal Assumptions of the South African Truth and Reconciliation Process, " American Journal of Political Science 48.2 (2004)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

согласуваат, но сепак да комуницираат врз основа на заедничка нормативна рамка и меѓусебно признавање. Прашањето за помирувањето ги ангажира и политичарите и научниците.

До почетокот на 1980-тите се чинеше дека во основа има два алтернативни одговори на систематските прекршувања на човековите права. Судења (од страна на домашни судови или трибунал од типот на Нирнберг) или некоја форма на амнестија и јавна амнезија. Додека амнестијата и гонењето остануваат важни одговори, во периодот што следеше се појави пролиферација на нови стратегии за справување со предизвиците што ги носи потребата за правда и помирување. Тие вклучуваат комисии за вистина, ветинзи, лустрации и забрани за вршење јавна функција, пристап до тајни досиеја, репарации и други форми на компензација, симболична реставрација, граѓанско образование и проекти за унапредување на градењето мир, социо-културна интеграција и психосоцијално заздравување, како и како општествени, политички и правни реформи. Стратегиите може да се групираат во различни категории според основната логика: Прво, постојат стратегии кои се фокусираат на потребата за правда. Основната претпоставка е дека трајното помирување бара сторителите одговорни за злосторствата во минатото да бидат повикани на одговорност и казнети за нивните злосторства. Институционалните механизми за исполнување на правдата вклучуваат гонење и казнување во домашни судови или трибунали, во меѓународни трибунали, во заеднички меѓународни и домашни трибунали или во странски судови. Административните процедури за затворање на сторителите и соработниците од работните места и позициите во јавните институции, како и различните облици на јавно изложување и социјално срамење, се послаби механизми кои сепак функционираат според логиката на ретрибутивната правда. Вториот тип на одговори се фокусира на потребата за вистина. Таа се заснова на претпоставката дека знаењето за тоа што всушност се случило во минатото и кои биле одговорни за планирање и извршување на злосторствата и злоупотребите, може да биде пат до помирување. Институционалните механизми за оваа цел се главно различни форми на комисии за вистина и истражни комисии (но и сведочење во судења). Работењето на таквите комисии

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

многу варира. Некои се потпираат на отворени сослушувања, други на тајно сведочење. Во некои случаи се објавуваат имињата на сторителите, во други се пријавуваат само дела и обрасци на злоупотреба. Повеќето комисии се потпираат на доброволна соработка, но некои имаат квази-судски овластувања, како што е овластувањето да дадат амнестија во замена за вистината, да повикуваат сведоци, да пребаруваат простории и да одземаат докази. Третата категорија се концентрира на реставрација и рехабилитација. Овие одговори се засноваат на претпоставката дека за да дојде до помирување мора да се признаат и да се излечат физичките, психолошките и социјалните штети предизвикани од прекршувањата и неправдите од минатото. Помирувањето бара промена на ситуацијата на жртвите. Механизмите за воспоставување на ресторативна правда вклучуваат различни форми на компензација, обезбедување на услуги за физичко и ментално здравје, симболично обновување, јавно извинување и различни напори за унапредување на социјалната интеграција и градењето мир на ниво на заедницата. Потоа следуваат одговорите кои се фокусираат на реформите. Основната премиса е дека помирувањето бара фокусирање на иднината, наместо на она што се случило во минатото. Најдобар пат е да се концентрираат напорите за обезбедување на институционална рамка која може да спречи кршење на човековите права во иднина и да ја промовира социјалната правда преку создавање разумни услови за социјална соработка. Уставните реформи, економските реформи, реформите во правосудниот систем и во секторите како што се образованието, здравството и домувањето, овде се сметаат за поважни за помирувањето отколку каков било обид да се одговори на неправдата од минатото. Јавната амнезија и амнестија (или неказнивост поради неактивност) за злосторствата извршени од поранешниот режим може да бидат дел од реформската стратегија. Да не се прави ништо – или активно да се води стратегија на заборав преку законодавството за амнестија и јавна амнезија – треба да се гледа како посебен вид одговор на проблемот со минатите злосторства. Образложението е дека ако раните од минатото се оставaт сами на себе, тие ќе зараснат со текот на времето. Иако е корисно аналитички да се направи разлика меѓу овие грижи за правдата, вистината, обновувањето, реформите и заборавот - треба да се

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

има на ум дека во актуелната политика стратегиите и институционалните механизми често се обидуваат да ги вклучат сите или неколку од нив.[36]

Луис Кризберг идентификува четири димензии на помирувањето како суштински за трансформација на конфликти и градење мир во повоените општества: споделена вистина, правда, почитување и безбедност.[37] Според него, вистината е важна бидејќи општествата поделени по масовниот злодела имаат тенденција да го негираат она што членовите на другата страна го доживеале - имаат различни погледи на реалноста. На повисоко ниво, тие би можеле да развијат споделена вистина, поддржана од официјални истраги, судски постапки и книжевни и масовни медиумски извештаи со цел да се признаат злоупотребите. Потребна е правда бидејќи оние кои претрпеле угнетување или злосторства бараат обесштетување, кое може да биде во форма на враќање или компензација, но и казнување на оние кои извршиле неправди; правдата може дополнително да се изрази во политиката која нуди заштита од можна идна штета и дискриминација. Изразувањето почит од страна на членовите на секоја заедница кон другата подразбира признавање на нивните човекови права. Безбедноста, во смисла на лична или колективна безбедност и благосостојба, е конститутивен дел од помирувањето. Безбедноста постои бидејќи противниците чувствуваат минимум доверба и „имаат причина да веруваат дека можат да очекуваат да живеат заедно без едната страна да и се заканува на другата". Сите овие различни димензии на помирувањето, според Кризберг, не можат целосно да се реализираат истовремено, но и често се контрадикторни во одредено време: додека лидерите, малите групи или дури и општата практика демонстрираат чекори на помирување, многу други луѓе од едната или од двете страни може да не се помируваат, а некои од втората страна може пасивно да се спротивстават на новите односи или дури и да се обидат да ги срушат. Други може да го отфрлат ова и да се

[36] Siri Gloppen, Reconciliation and Democratisation: Outlining the Research Field, Report R 2002: 5, Chr. Michelsen Institute Development Studies and Human Rights

[37] Kriesberg, Louis 2007. External Contributions to Post-Mass-Crime Rehabilitation, in: Beatrice Pouligny, Simon Chesterman and Albrecht Schnabel (eds.). After Mass Crime. Rebuilding States and Communities. New York: United Nations University, 243-271. Kriesberg

обидат да ја продолжат борбата или да го поткопаат спроведувањето на мировните договори.

Теоријата за трансформација на конфликти истакнува дека надминувањето на етнополитичките конфликти особено бара повеќе од преформулирање на позициите. Неопходно е да се сменат различните манифестации на конфликтот со решавање на основните причини и да се направи фокус на структурните и бихејвиоралните аспекти на ставовите. Според Јохан Галтунг потребно е да се трансформираат односите, интересите, дискурсите и самата конституција на општеството.[38] Хју Миал (2004, 75-77) верува дека значењето на конфликтот во голема мера зависи од контекстот од кој произлегува, и дека ставовите што ги имаат страните една кон друга се обликувани од претходните односи: нивното однесување се заснова на нивното сеќавање на што се случило во минатото и очекувањата за тоа што може да се случи во иднина. Контекстот го опфаќа поделеното општество со неговата култура, уредувањата на управување, институциите, општествените улоги, нормите, постоечките правила и кодови и сопствениот пат на развој на општеството. Во конфликти кои вклучуваат етничка припадност, малцинства или предизвици на државните структури, самото постоење на државата е во прашање. Покрај ова, повеќето конфликти се под влијание на пошироките економски и политички случувања на регионално и меѓународно ниво. Односите го вклучуваат „целото ткиво на интеракција“ во поделеното општество, како и пошироко, т.е. со други општества.[39] Лошите односи меѓу групите се премногу често предизвикувачи за конфликти и тие останувaат критична пречка за напорите за градење мир во повоените услови. Сеќавањата се дел од социјално конструираното разбирање на ситуацијата на секоја од странните, обликувани од културата и учењето, дискурсот и верувањето. Начинот на кој групите се сеќаваат и го конструираат своето минато често е централен за мобилизација за конфликти, и затоа, тоа е клучна работа што треба да се реши. Во многу општества

[38] Galtung, Johan 1996. Peace by Peaceful Means. London: Sage.

[39] Miall, Hugh 2004. Conflict Transformation: A Multi-Dimensional Task, in: Alex Austin, Martina Fischer and Norbert Ropers (eds.). Transforming Ethnopolitical Conflict. The Berghof Handbook. Wiesbaden: VS Verlag, 67-90. Available at www.berghof-handbook.net.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

погодени од етнополитичко насилство, односите и сеќавањата се исто така обележани со селективно сеќавање, кое – заедно со негирањето и тенденцијата да се остане затворен во поимот на жртва – може да претставува сериозна пречка за трансформација на конфликтот.[40]

На теренот на Западен Балкан недостигаат силни механизми на ресторативна и репаративна правда што ќе го поткрепат секој обид за помирување. Има малку проекти за меморијализација кои би ги признале злосторствата извршени врз етнички групи различни од сопствените, а нема официјални државни планови за репарација или реституција. Но, ова не значи дека воопшто нема никакви напори за помирување на неофицијално ниво затоа што локалните граѓански организации беа активни во дизајнирањето и промовирањето на различни модели на барање вистина и помирување. Сепак, овие напори остануваат на маргините на општеството и се соочуваат со институционална опструкција и недостаток на општ јавен интерес.[41]

Помирувањето кое би се случило на ниво на политички елити односно само меѓу поединци на врвот во политичките елити и субјекти, а кое не би ги зафатило засегнатите жртви на поранешниот режим не може да доведе до вистинско залечување на раните од минатото и во некоја наредна прилика ќе доведе до повторување на масовните повреди на човековите слободи и права. Практично елитите ќе ги „помират" своите лични, тесни интереси, и ќе склучат „таен пакт" за меѓусебно „ненапаѓање" во догледа иднина, особено за прашања поврзани со амнестирање од гонење за висока корупција и организиран криминал. Пактот може да успее, а поверојатно е дека сепак нема да го помине првиот посериозен историски тест. Но, штетата дефинитивно ќе биде направена, затоа што ваквите тесногради политички манипулации однапред ги стеснуваат вкупните, кревки предуслови и реалната политичка волјата за помирување, и затоа реално помирување нема

[40] Enns, Diane 2007. Identity and Victimhood: Questions for Conflict Management Practice. Berghof Occasional Paper No 28. Berlin: Berghof Research Center.
[41] Jelena Subotic, Truth, justice, and reconciliation on the ground: normative divergence in the Western Balkans, Journal of International Relations and Development Volume 18, Number 3, 2015

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

да се случи! Ваквото, практично лажно помирување, ги релативизира и го редуцира воведувањето и спроведувањето на сите останати механизми на транзициона правда кои го следат и овозможуваат процесот на помирување. Во оваа смисла, реформите на законодавството ќе потфрлат, механизмите на паметењето брзо ќе се заборават, а рехабилитацијата на жртвите нема воопшто да стигне на дневен ред. Ретрибутивните механизми ќе бидат компромитирани и постаките од кривичното гонење ќе останата без епилог. Можно е да случат аболиции, амнестии или политички заткулисни договори за застарувања на кривичното гонење на конкретни случаи.

Реформирањето и градењето довеба кон новите, постконфликтни и пострежимски институции, исклучуво зависи од фактот колку е задоволена правдата на засегнатите граѓани, жртви на брутални повреди на правата, како и од перцепцијата за остварена правда на директно несегнатите, мнозински обични граѓани. Тие брзо и лесно ќе увидат дека има фингирано помирување кое не допрело до засегнатите и не ја вратило правдата. Фарсичното, квази помирување и понатаму ќе ја одржува во живот, во хибернирана форма, спиралата на реваншизмот. Историските циклуси на повторување на општествено-историските собития, во контекст на сторените, но неисправени масовни неправди, неминовно ќе доведат до повторување на општествените драми. Ненаучените лекциите од историјата ќе ги принудат новите генерации да ја повторат нејзината темна страна.

## Заклучок

Општествата не треба да бара главен пат до помирување, туку патеки што минуваат низ различни делови на општествениот терен разурнат од војна и подеднакво е јасно дека за повеќето од трауматизираните општества, помирувањето не е конечна дестинација, туку тековен процес. Притоа, наивно е да се верува дека институциите на транзициската правда, колку и да се софистицирани, можат да донесат помирување еднаш засекогаш. Затоа, предизвикот не треба да се замисли во насока на изнаоѓање на

формулата што ќе донесе помирување, туку напротив да се бараат алатки и процедури кои можат да ги олеснат различните форми на процесите на помирување и да ги задржат.

Согласно ставовите на повеќе автори, може да се контатира дека постои потреба од повеќе емпириски истражувања за тоа дали стратегиите за помирување ја постигнуваат својата цел и за тоа кои стратегии конкретно се најефективни. Понатаму, треба да се знае и повеќе за тоа како различните напори и процеси за помирување влијаат едни на други на терен и како тие всушност влијаат врз демократизацијата. Исто така, треба повеќе знаење за тоа зошто државите избрале одредени стратегии за транзициска правда и за факторите кои влијаеле и го ограничиле нивниот избор. Постои потреба од подобра теоретска рамка која ќе помогне да се разбере разбереме зошто државите – и меѓународната заедница – постапуваат како што постапуваат. И најпосле треба подобро да се разбере како врз соодветноста на различните стратегии влијаат не само политичките фактори туку и разликите во културниот контекст.

## Користена литература

[1] Siri Gloppen, Reconciliation and Democratisation: Outlining the Research Field, Report R 2002: 5, Chr. Michelsen Institute Development Studies and Human Rights
[2] Elin Skaar, Chr. Michelsen Institute, Reconciliation in a Transitional Justice Perspective, Transitional Justice Review, Vol.1, Iss.1, 2012, 54-102
[3] David A. Crocker, "Reckoning with Past Wrongs: A Normative Framework," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 54.
[4] Karen Brounéus, "Reconciliation and Development," a paper read at "Building a Future on Peace and Justice," Nuremburg, 25-27 June, 2007, 3.
[5] Daniel Bar-Tal and Gemma H. Bennink, "The Nature of Reconciliation as an Outcome and as a Process," in From conflict resolution to reconciliation, ed. Yaacov Bar-Siman-Tov (New York: Oxford University Press, 2004), 11–38.
[6] Susan Dwyer, "Reconciliation for Realists," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 106.

[7] Marc Forget, "Crime as Interpersonal Conflict: Reconciliation Between Victim and Offender," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003), 111-35.
[8] Brounéus "Reconciliation and Development," 5. On societal reconciliation (a society reconciling with its past and groups reconciling with each other), see also Hayner, Unspeakable Truths, chapter 10.
[9] Minow, Martha (1998) Between Vengeance and Forgiveness: Facing History after Genocide and Mass Violence, Boston, MA: Beacon Press.
[10] Claire Moon, Narrating Political Reconciliation: South Africa's Truth and Reconciliation Commission (Plymouth, UK: Lexington Books, 2008). See also Charles Villa-Vicencio, Walk with Us and Listen: Political Reconciliation in Africa. (Washington D.C.: Georgetown University Press, 2009).
[11] Priscilla B. Hayner. *Unspeakable Truths: Confronting State Terror and Atrocity*. New York, NY: Routledge, 2001.
[12] Michael R. Marrus, "Overview," in Dilemmas of Reconciliation: Cases and Concepts, eds. Carol A. L. Prager and Trudy Govier (Waterloo, Ont.: Wilfrid Laurier University Press, 2003)
[13] James L. Gibson, "Does Truth Lead to Reconciliation? Testing the Causal Assumptions of the South African Truth and Reconciliation Process, " American Journal of Political Science 48.2 (2004)
[14] Siri Gloppen, Reconciliation and Democratisation: Outlining the Research Field, Report R 2002: 5, Chr. Michelsen Institute Development Studies and Human Rights
[15] Kriesberg, Louis 2007. External Contributions to Post-Mass-Crime Rehabilitation, in: Beatrice Pouligny, Simon Chesterman and Albrecht Schnabel (eds.). After Mass Crime. Rebuilding States and Communities. New York: United Nations University, 243-271. Kriesberg
[16] Galtung, Johan 1996. Peace by Peaceful Means. London: Sage.
[17] Miall, Hugh 2004. Conflict Transformation: A Multi-Dimensional Task, in: Alex Austin, Martina Fischer and Norbert Ropers (eds.). Transforming Ethnopolitical Conflict. The Berghof Handbook. Wiesbaden: VS Verlag, 67-90. Available at www.berghof-handbook.net.
[18] Jelena Subotic, Truth, justice, and reconciliation on the ground: normative divergence in the Western Balkans, Journal of International Relations and Development Volume 18, Number 3, 2015
[19] Enns, Diane 2007. Identity and Victimhood: Questions for Conflict Management Practice. Berghof Occasional Paper No 28. Berlin: Berghof Research Center.